**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Првото продолжение на Дваесет и третата седница на Собранието на Република Македонија,**
**одржана на 15 јули 1999 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија (сала број 1) со почеток во 11,35 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Саво Климовски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по Дваесет и третата седница на Собранието на Република Македонија.

Единствено известување е дека денеска од оправдани причини не може да присуствува пратеникот Благоја Стојковски.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Ние вчера ја отпочнавме расправата во врска со Информацијата за состојбите во Македонската радио-телевизија. Со оглед на фактот што имаше доста пријавени пратеници за дискусија, јас веќе овде на екранот ги имам и премногу, ќе одам по ред како што беа и пријавите. Доколку некој во меѓувреме се откажал, или мисли дека нема потреба да се јави, затоа што веќе ќе му биде исцрпена расправата Ве молам на екранот да притисне уште еднаш дека се откажува. За да бидеме по ефикасни да се држиме за материјалот што ни е понуден од Македонската радио-телевизија и од заклучоците што јас вчера ги прочитав. Да не ја шириме премногу расправата, мислам дека би била контра продуктивна и дека можно е и посебна седница да држиме за некои аспекти од организационен, или од друг аспект на поставеноста на Македонската радио-телевизија.

Има збор госпоѓата Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, уште во почетокот морам да се согласам со претставниците на опозицијата кои дискутираа вчера дека за ова прашање ќе имаме бурна политичка расправа од причина што навистина темата е интересна, а самиот факт што за време на досегашната работа на постоечкиот партиски естаблишмент на СДСМ и Партијата за демократски просперитет во изминативе пет години воопшто немало никаква расправа за Македонската радио-телевизија зборува прво едно дека не бил почитуван законот, бидејќи законска обврска на основачот, во овој случај македонското собрание е да расправа еднаш годишно за Македонската телевизија. А второ дека работите им оделе толку добро и била коалицијата толку многу задоволна што воопшто немало потреба дури и афирмативно да се испофали меѓу себе за да она што тие го сметаат за сервис и што треба да биде како сервис имаат можност да го слушнат и македонските граѓани. Она што не можам да се согласам е дека од расправата за Македонска телевизија ќе мора да слушнеме се и сешто, имено поедини пратеници овде ни мавтаат и со печатени весници, односно со поедини слики кои овде невкусно ќе бидат искинати. Веројатно сликите зборуваат за поедини партиски, или државни активности, а кога ќе зборуваат за поедини бизнис лоби, сигурно претставниците на поедини партии ќе бидат главни. Меѓутоа, за жал во весникот кој што беше пропагиран и невкусно искинат вчера тука, нема можност да добијат очигледно збор тие.

Она што беше вчера речено е наводниот страв и шок кој што поедини претставници на опозицијата го имале во врска со следењето на поедини информативни емисии на Македонската телевизија, особено во врска со конгресот на ВМРО-ДПММЕ. За волја на вистината навистина беше информирањето не добро, туку премногу добро од овој конгрес, меѓутоа факт е дека и од другите конгреси и на опозициони и позициони партии Македонската радио-телевизија годинава се потруди добро да информира за разлика до поедини конгреси кои што се случуваа во 1995 година, кога се информираше некаде во доцните вечерни часови во 23 часот или во 24 часот без никаков тон, само со слика како да се работи за 1903 година, а не 1995 година. Така што таквото нешто исто така оваа македонска јавност имаше можност да го проследи се разбира ова што сега се случи го оценувам како позитивно и со истата желба и насока да Македонската радио-телевизија и поедини партиски ставови кои не можат да се соопштат овде, не можат да се соопштат дури и на поедини ПРЕС-конференции да бидат добро информирани во кој правец и која иднина им нудат поедини партии.

Она што овде не беше речено, а кое што навистина имаше можност на поедини слушатели да им ги испара добро ушите е колку и на кој начин е платената политичка програма измирена во Македонската телевизија. Она што имавме можност не така одамна, на последните избори да го

слушнеме ако не секоја минута, туку за жал и двапати во минута е слоганот "Победа за Македонија". Веројатно доколку Македонската радио-телевизија си ги измиреше долговите со тогашните партиципиенти во власта, сега ќе имаше едно добро конто, бидејќи не само ние како слушатели, како гледачи, туку дури и децата слоганот "Победа за Македонија" можеа многу добро да го научат, дури и да го применуваат и тоа е добро, бидејќи се работи за државата, меѓутоа ќе беше уште подобро ако истиот тој беше наплатен. Така што во тој контекст ќе имам можност да зборувам и во врска со заклучоците кои насоки би требало Македонската радио-телевизија, односно нејзиниот менаџмент да ги има понатаму.

Во врска со изборот на генералниот директор би рекла дека е веќе одамна испеана песна многу добро и слушана и од кај нас и од македонската јавност и од странски делегации, можеби во принцип и оправдувачка. Меѓутоа, ако сеќавањето добро ме служи, бидејќи во некоја прилика беше речено дека имам проблем со бројките, јас дозволувам да е така, навистина е и така, бидејќи сум доктор по професија, меѓутоа сеќавањето ми е доста добро и меморијата добро ме служи. Само ќе потсетам за успешниот континуитет на изборот на директор на Македонската радио-телевизија пред изборот на генерален директор од сегашнава коалиција. Порано беше господинот Слободан Трајковски кој што заради коалиционен договор беше сменет од страна на госпоѓата Мелпомени Корнети, член на најтесното раководството на Либерално - демократската партија, односно член на нејзиниот извршен комитет. Бидејќи, очигледно секој ги средува работите во својот двор, односно секој работеше за себе исклучиво од партиски причини споменуваната госпоѓа беше сменета, јас се извинувам што морам да ја споменам во овој контекст, па беше поставен повторно истиот директор за кој што се оцени дека доста добро и служел на тогашната владеачка партија, односно од СДСМ. Така што се она што беше речено дека се избира директор на владеачката партија од непосредното раководство, односно од редовите на пратеници навистина е точно, меѓутоа барем ако не друго, не како правдање, туку повеќе како аргумент повеќе е дека изборот се врши на сосема транспарентен начин, а не под мотото дека избираме способен човек кој што не е член на ниедна партија, затоа што таквото нешто очигледно не е вистина ниту за оние кои што го зборуваат, а уште помалку би било за нас ако речеме дека тоа не е вистина.

И она што особено ме израдува и покрај тоа што беше речено во негативна конотација од претставниците на опозицијата, дека сегашниот менаџмент врши промена на кадрите и дека ќе ја смени систематизацијата. Конечно и навистина требаше да се изврши промена на кадрите, бидејќи од тоа што мене ми е познато, а и на добар дел од вработените во оваа куќа се до досегашниот период една добра третина, да не кажам две третини од програмата на Македонската телевизија ја вршеа само надежни хонорарци. Тие надежни хонорарци во меѓувреме направија 35, 40 години и веројатно ќе беа се уште надежни без никаква морална, да не зборувам материјална сатисфакција, ако истите конечно не беа примени во Македонската радио-телевизија, односно да основаат конечно и работен однос.

Така што тие луѓе кои што и порано ја вршеа оваа работа, кои што беа не наши, туку баш ваши ако сакате да знаете, конечно го најдоа својот статус и го работат она што го работеа и порано. Само што сега како луѓе кои што директно одговараат за својата работа, односно кои што го имаат регулирано својот работен однос.

Така што го поздравувам сегашниот менаџмент на Македонската радио-телевизија, да конечно направи систематизација во која што секој ќе си ги врши своите работи, онака како што има пописот и описот на неговото работно место, онака како што ќе треба да одговара пред својот менаџмент, односно пред македонската јавност, за да некои звучни имиња кои досега ги држеа само тие фотељи, а веројатно одамна заборавиле да пишуваат, бидат на крај заборавени. Сигурно дека ова ќе добие една етикета на политички реваншизам, како што впрочем и се она што досега се работеше од актуелната власт, досегашна го доби тој термин. Јас не сакам така да ги нарекувам работите, заради тоа што таму каде што постои можност за судски прогон, каде што органите и на прогон и на МВР треба да ја работат својата работа и понатаму оваа коалиција ќе продолжи да работи и покрај тоа што ќе го добива називот политички реваншизам, затоа што октоподот сместен и меѓу нас, сместен и надвор кој што го најавуваше претходниот премиер конечно треба и да биде материјализирано, односно да се види кој што се работел и да одговара за да оние новите кои што не велам дека можеби нема да се огрешат во својата работа, кои што се поставени од сегашната коалиција, знаат како да си го чуваат работното место, знаат дека и тие можат да бидат предмет на истиот тој не реваншизам,

меѓутоа работа на органите на прогон и на МВР, бидејќи никој во оваа држава не е имун и не треба да живее вон законите.

Она што сакам конкретно да го предложам во врска со Македонската радио-телевизија, пред да ги поддржам заклучоците е дека она што на оваа куќа и е потребно како основач на Македонската радио-телевизија и тоа повеќе во форма на заклучок кое што би сакала претседателот да го стави, исто така на гласање кај Македонската радио-телевизија има потреба после петгодишен престанок на комуникација било каква со оваа куќа, дека македонското Собрание има потреба од проблемска расправа за целокупните обврски на основачот во врска со Македонската радио-телевизија за организационата поставеност, кадровската екипираност и за се она што постои во врска со примената на новата технологија на една национална македонска куќа, која што е една од најстарите и која што веќе не може да оствари аудио-визуелен пристап на сите оние кои што ја следат, а тоа се граѓаните на целокупната територија на Република Македонија.

Така што сметам дека ова како императивен заклучок ова Собрание треба да го направи во што поскор временски период и бидејќи оваа расправа повеќе е проблемска од аспект на финансиите, кои што ова раководство без оглед што јас имам проблеми со бројките, не успеав како и на кој начин направила, нека тој трошок биде и милион ипол и ако тој е висок ќе треба навистина да се оцени како таков и ова сегашно раководство да го елаборира, зошто и како го направила. Меѓутоа сигурно не успеало 15-те милиони марки кои што се направени од досегашното раководство, да ги направи за вака краток период. Така што она што мислам дека сегашниот менаџмент треба да се задолжи е да направи комплетен. Субјективните причини што ги наведува како причина за немањето, за снемувањето на овие средства комплетно да ги наброи со име и презиме и да ги достави до основачот, односно Македонската радио-телевизија. Бидејќи не можат граѓаните на Република Македонија, односно јавниот сервис, преку кој што веројатно дел од долговите ќе се отпишат, а верувам дека добар дел ќе останат, да ги плаќаат трошковите на луѓе кои што како поединци одлично профитирале во оваа куќа. Од причина што треба да се следи само трагот на парите, да се следат поединците и да се види во чии џебови се прелеале. И тие луѓе кои што тие го направиле се разбира доколку постојат криминогени елементи истите да си го најдат своето место таму каде што треба.

Другите заклучоци комплетно ги поддржувам, со тоа што имавме овде еден коментар, во смисла присилна наплата. Сигурно присилна наплата некој не значи да ви влезе насилно дома и со пиштол во куќа да ви ги бара парите, туку бидејќи ние имаме Закон за радиодифузија, кој што претплатата која што повторно СДСМ ја наведе во Законот, да стане составен дел на законот во смисла на наплата заедно со сметките за електрична енергија, ќе мора по судски пат, по пат на тужби да си обезбеди, онака како што претендира секоја една правна држава, а како таква претендира и нашата Република.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, добро е што го гледам главниот претставник на Македонската радио-телевизија, бидејќи мислев дека ние дискутираме, односно млатиме празна слама, а немаме претставник на Македонската радио-телевизија.

Јас искрено кажано во однос на информацијата не очекував дека ќе добиеме информација која ќе се однесува само на финансиските, техничките и технолошките аспекти, односно можноста за отпишување на долгови и т.н. Нормално е дека без финансиски средства невозможно е да се направи добра програма, квалитетна програма, меѓутоа мислам дека обврска и тоа основна и законска обврска на претставниците на Македонската радио-телевизија е пратениците, односно ова Собрание не само да ја информираат во однос на потешкотиите што ги имаат во доменот на технолошкиот аспект и финансискиот аспект, меѓутоа мислам дека информацијата требаше да биде многу по опсежна и така да опфати компоненти во однос на квалитетот на програмата што им се нуди на граѓаните, во однос на принципот на работењето и почитувањето, односно непочитувањето на законите во доменот на јавната радиодифузија, Македонска телевизија.

Впрочем, тоа е обврска која произлегува и од Законот за Македонската радио-телевизија, а исто така и од бројни други закони како што е Законот за радиодифузија, Законот за телекомуникации, Законот за јавно информирање и т.н., а да не зборувам и за регулативата која стои, а која има повеќе морален карактер во новинарскиот кодекс. Значи мое мислење е дека предлагачот, односно претставниците на Македонската радио-телевизија, требаше на ова Собрание да му понудат по опсежна и по сеопфатна информација за сите важни сегменти, впрочем тоа претставува и

законска обврска. Општо е познато дека Македонската радио-телевизија е јавна организација, од јавен интерес, јавно претпријатие, или јавна организација, што значи дека врши дејност од јавен интерес и нуди услуги, земајќи пари за тие услуги.

Ако е така, тогаш на секого му е јасно дека веројатно е апсурд сите граѓани финансиски да учествуваат за оваа јавна организација од јавен интерес, а сепак услугите односно продуктите од оваа јавна организација да ги уживаат само некои партии, или здружение на партии и т.н. На секого му е јасно дека тие сите граѓани кои учествуваат преку таксата за радиодифузија, за плаќање на делот кој се однесува и на таксата за радиодифузија воопшто е познато дека тие граѓани ниту се членови, барем не сите членови на сегашната владина коалиција, па повеќемина, или доминантниот дел од нив воопшто не се членови на ниедна политичка партија и секој има право да помисли дека во овој аспект граѓаните се дискриминираат во тој аспект, ако не се измамат или покрадуваат.

Јас мислам дека поаѓајќи од овој сегмент, исто така секој може да дава квалификации во однос на тоа дали воопшто оваа куќа ги исполнува стандардите, во однос на тоа дека се даваат услуги од јавен интерес. Мислам тоа е едно големо прашање.

Во однос на ова прашање, односно функционирањето на оваа куќа искрено да ви кажам, бар поаѓајќи од моите контакти со повеќе структури и релевантниот европските структури да ви кажам и да бидам искрен до крај дека имаат огромни забелешки, сериозни забелешки во однос на гласилата, средствата за јавно информирање во Република Македонија, особено за Македонската радио-телевизија.

Мислам дека и одделни пратеници кои се тука присутни, беа со мене во една важна средба во Парламентот на Европа, кога беше зборено опсежно за ова прашање. Мислам дека таквата квалификација која може да има такви релевантни европски организации, ќе се одразува во темпото, во динамиката на нашето интегрирање кон тие процеси, кон европските процеси.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:** (Продолжение)

Тоа од причина што информирањето е многу важен сегмент и многу чувствителен сегмент. Тоа не е само едноставна процедура, туку претставува имиџ на државата, тоа претставува оценка за нашата политичка зрелост. Тоа е исто така оценка и барометар за односите, колку односите во нашата држава се демократизирани, односно во нашето општество.

Во комисиските расправа слушавме од генералниот директор на Македонската радио-телевизија, односно првиот човек на оваа куќа, при едно прашање на еден пратеник во однос на статусот на опозицијата во оваа куќа и беше кажано дека опозицијата не се сатанизира. Не би можело ова прашање да се банализира до тоа ниво, односно да се поедностави до тој аспект и воопшто не е логично да се фокусира ова прашање на таа димензија. Не е прашање дали се сатанизира опозицијата или не, туку многу е важно да се даде одговор на прашањето колку се уважува опозицијата, колку се дава простор во оваа куќа на опозицијата и по тоа се мери колку ние сме определени за отворени медиуми, што е општа определба во Уставот на Република Македонија. Во повеќе западни земји, конкретно во Англија, иако се работи за национална радиодифузна организација, која претежно се финансира од Владата, верувајте дека најмногу таа куќа си ја критикува владата, за разлика од нашата куќа која изгледа ја премолчува докрај опозицијата или ја блокира, па потоа разговара монотоно со владините структури кои може да се пофалат колку постигнале во одредени области.

Јас мислам дека генералниот директор кој е присутен тука, а жалам што не е присутен заменикот генерален директор, кој некое време се фалеше многу за поголема национална доза, мора да дадат одговор на прашањето, зошто при оваа куќа не постојат редовни панели, емисии, каде ќе се слушнат визиите, мислењата и опциите на опозицијата за важни или помалку важни прашања. Каде се тие дебатни емисии, кои исто така мора да бидат одраз на репрезентативата која е тука во Собранието на Република Македонија. Наместо овие што се неопходни и претставуваат минимални критериуми, или критериуми за едно реално и објективно информирање, што е и секаква обврска, не само правна туку и морална обврска, ние имаме монотонски интервјуа на одделни министри, еднострани видувања за клучни и круцијални прашања, каде не може да се слушне гласот на опозицијата.

Генералниот директор и неговиот заменик исто така мора да дадат одговор на едно многу важно прашање, имено како се случило и како се случува се уште, особено во Редакцијата на албански јазик во телевизијата да не се даде конференцијата за печат на една опозициона партија, и тоа релевантна опозициона албанска политичка партија и како воопшто во три наврати не беа дадени соопштенијата на ПДП. Еве, тука е генералниот директор, ако постојат елементарни критериуми на одговорност,

уште денес би требало да го разреши уредникот на албанската телевизија. Ако тоа го стори, тогаш барем ќе ме убеди дека ги почитува основните а не стандардните, основните правила на одговорноста од морален аспект, да не кажам од правен аспект.

Исто така, многу е важно да се потенцира зошто оваа телевизија, пак зборувам за Редакцијата на албански јазик, можеше и мораше толку многу да ја крие реалноста од граѓаните во однос на бегалците од Косово. Ние имавме многу трагични настани кои беа скриени од јавноста, тепачките на луѓето на границата на Блаце и т.н., ние ги видовме преку емисиите на Си Ен Ен, Би Би Си и т.н., но не и нашата телевизија. На ова прашање мора да даде одговор и генералниот директор и неговиот заменик.

Исто така оваа телевизија, како воопшто не регистрира една ситуација трагична, а тоа е враќањето на возот од македонската граница, по што потпретседателот на Демократскиот сојуз на Косово беше убиен од страна на српските сили, така што тоа го слушавме од странските медиуми и гласила, а немавме можност да го слушнеме и видиме од македонската телевизија.

Овие девет години, бараме според моето убедување со полна одговорност кажувам, посебно на албански јазик, не сме имале толку затворен информативен простор, дури и пред времето на плурализмот. Таква цензура дури јас не се осмелувам да ја викам цензура туку со задоволство ќе ја наречам диктатура. За жал никогаш како сега немало толкав број послушници во медиумите, секако, со некои исклучоци. Имавме една состојба кога под притисок поднесе оставка еден човек, кој може да се третира како врвен интелектуалец во Телевизијата на албански јазик, затоа што не прифатил да изведува проекти кои се драстични, односно кои се во колизија со основните правила на новинарството. Наместо него, беше доведен еден послушен човек кој работи далечински управувач и функционира перфектно.

Граѓаните плаќаат и бараат услуга, контра вредност или против вредност на тоа што го плаќаат, а таа против вредност е праведност, принципиелност и одговорност. Тие ја бараат вистината, што се случува во нивната држава и нивното општество, во одделни сегменти. Тие ја бараат стварноста што се случува во нивната средина, а не плаќаат за да добијат лаги.

Поаѓајќи од ова што го кажав, веќе сум сигурен дека челниците на Македонската радио-телевизија се принципиелни во не принципиелноста и така се определиле да останат до крај. Меѓутоа, граѓаните на Република Македонија се многу искрени и лесно веруваат. Тоа е особина на искрените и чесни луѓе, меѓутоа, ако дознаат дека ги лажат, готово е со довербата.

Добро е што претставниците во МТВ во информацијата бараат пари, односно да се простат или отпишат долговите и тука нема ништо лошо, дури јас во тој сегмент ги поддржувам. Меѓутоа, овие мора да поставаат прашање не во однос на тоа што до сега го кажав, туку мора да поставуваат одделни прашања во некои други сегменти како на пример: каде се средствата кои се собираат такса за радиодифузија, како никогаш досега под капата на МРТВ се прибираат средства, каде се тие пари, второ зошто толкав простор, кој може да служи како деловен простор, може да се даде под наем, зошто тоа не се прави. Сметам и убеден сум дека многу ќе помогнеше да се релаксира финансиската состојба на таа куќа.

Исто така, го поставувам прашањето кој е виновен што толку многу се доцни со делбениот биланс меѓу МРТВ и Јавното претпријатие Радиодифузија, за да ја доведеме оваа куќа в ред, за да може оваа куќа да функционира почитувајќи ги нај основните правила и стандарди, јас сум на мислење дека се неопходни дури и во Законот за Македонската радио-телевизија, особено тој дел кој се однесува на изборот и разрешувањето на директорот, заменикот директор и т.н. Можеби ќе се даде таков предлог, но мое мислење односно предлог е дека директорот и заменикот директор би требало да се избираат со најмалку двотретинско мнозинство од овој дом, со претходно мислење на некои важни организации од областа на радио дифузијата, особено Советот за радиодифузија.

Ова што го кажав тоа се стандарди на повеќе демократски европски држави, што е и наш стремеж во иднина.

Исто така, сметам дека е стагнирано во однос на авансирањето на статусот на Редакцијата на албански јазик. Зборувам за телевизијата, така што претходниот состав ако можеше од една емисија од 15 минути дневно да направи редакција, која сега има програма три часа дневно, зошто да не се продолжи понатаму да се авансира оваа ситуација. Нека се почне со три часа, нека се оди на шест часа.

Меѓутоа, мораме да бидеме свесни дека тоа се прави со професионални новинари. Не се прави со послушни новинари. Од послушниците сметам дека

долго време ние имаме огромна штета и како граѓани и како држава. Дека има послушност, што таа послушност се рефлектира со притисоци на тие кои не се послушни, само во Радиото на албански јазик 12 новинари овие три месеци ја напуштија редакцијата. Јас мислам дека тоа доволно зборува, тоа се аргументи.

За да бидам објективен до крај, ќе кажам дека во последниве денови само на македонски јазик чувствувам дека има некоја корекција. Дали тоа е привремено или не, ќе се докаже, меѓутоа сепак тоа е далеку од доволното за потребните стандарди во оваа област.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Мерсел Биљали.

Почитувани пратеници, би сакал да апелирал до вас да бидеме пократки во дискусиите, бидејќи имаме многу дискутанти. Скоро 20 дискутанти имаме, верувам дека многу дискусии ќе се повторуваат и затоа апелирам дискусиите да не бидат подолги од десетина минути.

Второ, еднаш опоменав дека мобилните телефони ќе треба или да ги исклучите или да ги оставите надвор од салата. Ова сепак не бизнис клуб. Еве и сега звонат некои телефони, па некои заборавени и т.н. Ве молам следниот пат ќе дадам наредба на службите да си ги оставите телефоните надвор. Зашто навистина не оди, во салава гледам и разговори, си зборувате, тоа не е вообичаено за еден Парламент. Или е еден чин на непочитување спрема другите колеги, особено спрема тие што говорот.

Затоа, молам да можете телефоните да ги исклучите барем додека сте овде, а првиот што ќе го видам дека разговара со телефонот овде, ќе побарам од службата да го отстрани од салата.

Според тоа, одиме понатаму.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Ако може да ве замолам нешто.

Вчера прочитавте заклучоци кои отстапуваат од заклучоците што ги има.

Дали може да ни ги доставите во писмена форма.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Заклучоците јас ви ги прочитав и ќе ви ги доставиме додека трае дискусијата, ќе се погрижиме да ги имате.

Ќе ги добиете заклучоците, кои се една синтеза на расправите од сите комисии. Ќе ги добиете заклучоците во писмена форма додека трае седницата а како што гледам сигурно ќе потрае подолго време. Ќе ги добиете заклучоците.

Ќе дадам сега упатство.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Амандмани имаме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

На заклучоците?

Имате право да дополните, затоа е и расправата. Расправата по нив.

Добро, ќе ги добиете заклучоците во секој случај.

Има збор господинот пратеник Коце Трајаноски.

**КОЦЕ ТРАЈАНОСКИ:**

Почитуван претседател, почитуван директор на МРТВ, почитувани дами и господа пратеници, еве после три години пратениците од Собранието на Република Македонија, имаат можност да расправаат за состојбите во МРТВ. Ме зачудува како досега господата од опозицијата, а тогашната позиција, после три години упорно молчење во Парламентот и држење глава во песок, одеднаш стануваат големи душебрижници за Јавното претпријатие МРТВ.

Ако во изминатите години толку биле заинтересирани, не би дозволиле да наследиме толкави финансиски и кадровски дубиози. Нивните дискусии очигледно беа промашување на темата, бидејќи не понудија ништо ново за излез од состојбата во МРТВ, туку само се обидоа да направат политички маркетинг со ниво на дискусија, која не одговара на овој законодавен дом.

Јас мислам дека треба да му заблагодариме на директорот на МРТВ и покрај неговата законска обврска за изготвената информација и предлог мерките кои се понудени во неа за надминување на состојбата во МРТВ. Би сакал да додадам дополнителни информации за оваа точка од дневниот ред, со оглед на тоа што сум член на Управниот одбор на Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија.

Со Законот од 28.01.1998 година се основа Јавното претпријатие Македонска радиодифузија. Но поради големите опструкции од тогашното раководство на Македонската радио-телевизија, ова јавно претпријатие Македонска радиодифузија во судскиот регистар е регистрирано дури на 17.06.1998 година. Но и покрај тоа парите што треба да се префрлуваат на сметката на Македонската радиодифузија не се префрлени се до 31.12.1998 година, дури после една година од законската регулатива.

**КОЦЕ ТРАЈАНОСКИ:** (Продолжение)

Според тоа јавното претпријатие Македонската радиодифузија, во изминатите

години беше во составот на МРТВ и поради тоа сноси дел од обврските и дубиозите кои се направени во МРТВ.

Главната дејност на Македонската радиодифузија е за развој, проектирање, изградба, одржување и употреба на радиодифузната мрежа. Покрај тоа има обврска за обезбедување пренос, емитување и дистрибуција на радио и ТВ програми. За таа цел изградени се околу 110 објекти, т.е. предаватели, како што се Црн Врв, Овче Поле, Пелистер, Туртел и др. Овие објекти се на најниско технолошко ниво во Европа. Како пример, Овче Поле изграден е 1968 година. Неговиот систем е систем на лампи. Тој во себе содржи шест лампи кои чинат по 150 илјади ГМ и кои што се со трајност од пола година. Така да за една година за одржување на Овче Поле само за лампи му потребаат 1 милион и 800 илјади германски марки. Покрај тоа овие лампи се со застарена технологија, која троши огромно количество на електрична енергија. Значи од една страна ни требаат огромни средства за одржување на резервни делови, како што се лампите, а од друга страна трошат огромна количина на електрична енергија.

Во последните пет години воопшто не е инвестирано во радиодифузната мрежа. Поради тоа имаме состојба на не покриеност на нашиот северен и јужен дел од земјата, со што се дава можност на странските влијанија. И не само тоа, имаме села во скопско од каде што сум јас пратеник, т.е. од општина Илинден, општина Петровец и дел од општина Гази Баба, како што се селата Горно, Средно и Долно Коњари, кои воопшто немаат ТВ сигнал, а кај нив има околу 1000 домаќинства. Исто така селата околу Рафинеријата "Окта" како што се Бујковци, Бучинци, Мршевци, Дељадровци и Текија имаат неквалитетен радио и ТВ сигнал, а и покрај тоа плаќаат ТВ претплата.

Господа од опозицијата, вашето раководство од МРТВ го направи тоа. Парите кои ги добиваше од таксата најмалку ги користеше за тоа за што беа наменети, а најчесто на огромниот број на хонорарни соработници, иако во МРТВ имаше огромен број на превработување. Од 1.01.199 година парите почнаа да се префрлаат на сметката на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија и тоа 16% кои беа за изградба на објекти и 7% за развој на радиодифузната мрежа.

Со формирањето на новиот Управен одбор од февруари 1999 година се превзедоа сериозни мерки за санирање на состојбите во МРТВ, За овие шест месеци инвестиравме и направивме два репетиторски пункта, т.е. Староец и Калуѓерица. Покрај тоа до крајот на оваа 1999 година ќе бидат завршени уште три репетиторски пункта и тоа Удово, Октиси и Поплево. Со новите репетиторски пунктови ќе се овозможи повеќе од пет илјади семејства кои досега немаа можност да ги следат програмите на МРТВ, отсега натаму да ги следат.

Како дел од обврските на старата Влада беше да се направи делбен биланс. За таа цел на 14.08.1998 година се формира Комисија која требаше да го направи делбениот биланс меѓу МРТВ и Македонската радиодифузија. Таа имаше рок до 14.11.1998 година да го заврши тоа. Меѓутоа, не знам од кои причини тоа не беше завршено. Додека не се направи делбениот биланс, Македонската радиодифузија не ќе може да ги префрли објектите на свое име, т.е. предавателите, а со тоа ниту да направи нивно осигурување од хаварии и енергетски празнења, за кои знаеме дека се најчесто на високи места и на такви објекти какви што се предавателите.

Во наредниот период не очекува интензивен процес на промена на технологијата од аналогна во дигитална, на предавателната техника. Почната е техничко - технолошка и деловна соработка со Дојче Веле, за што е и потпишан Договор за нов предавател на Овче Поле, каде Дојче Веле ќе инвестира од милион до милион ипол ДМ. После ова Овче Поле ќе биде доминантен по чујност на Балканот.

Со ова што го направивме овие изминати шест месеци, мислам на некој начин се доближивме до граѓаните на РМ во решавањето на нивните проблеми во оваа сфера и со исполнувањето на нашата законска обврска на овие јавни претпријатија.

Според тоа, давам поддршка на Информацијата, а особено на заклучоците кои се дадени во неа, бидејќи мислам дека е отпочнат процес на позитивно домаќинско работење во МРТВ, кои се гаранција покрај другото за успешно остварување на законската обврска на ова јавно претпријатие.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, јас ќе се обидам да ги послушам сугестиите на претседателот на Собранието, па ќе се обидам да бидам краток бидејќи одредени мои видувања ги кажав во Комисијата, а чувствувам поедини работи да кажам и на оваа пленарна седница.

Прво, ние денес расправаме за Информација место за извештај што е законска обврска на директорот на Јавното

претпријатие и законска обврска на претседателот на Радиодифузниот совет, еднаш годишно да излезе пред Собранието, како основач на ова јавно претпријатие. За жал веќе три години ние таков извештај немаме и немавме шанси да расправаме за проблемите со кои се соочува оваа многу значајна куќа за РМ и место тоа ние денес расправаме за Информација.

Она што посебно ме загрижува е фактот што Информацијата нема цел да го информира Собранието за реалните состојби со кои се соочува оваа куќа, но има една единствена цел да побара од Собранието на Република Македонија, одредени дубиози кои се создадени, да донесе одлука тие едноставно да се бришат, а дубиозите како што знаете, господа пратеници не се мали. Се работи за 15 милиони ГМ основица, плус каматите, тоа се 26 милиони ГМ. За Република Македонија со овие економски проблеми со кои се соочуваме, ќе признаете, тоа е равно на една елементарна непогода. Ние битка биеме, дури одиме вон сите стандарди до Тајван да добиеме два милиони ГМ поклон и 12 милиони долари кредит со поволни услови, а во државата ни се јавува дупка од 26 милиони долари. Но, што е најтрагично известувачот не дава или не гледал засходно да сондира, да уочува каде се пропустите, што е тоа што генерира таква дупка.

Ние како избраници на народот ќе мора да водиме сметка за парите од граѓаните на Република Македонија како се трошат. За мене, тоа го реков и во Комисијата овој извештај ќе го прифатев со една единствена цел, ако реално извршеше сондажа, ги воочуваше и сондираше и ги забележуваше кои се генератори на криза кои создале таква дубиоза од 26 милиони ГМ. За жал во овој извештај ниту има таква сондажа, ниту има визија за тоа како перспективно оваа работа ќе се реши. Ние едноставно да донесеме одлука и да кажеме од денес 15 милиони марки или перспективно 26 милиони ГМ, затоа што еднаш мора со тие пари да расчистиме, да донесеме одлука за тие средства, мислам е преголема одговорност. Без програма која јасно ќе укаже како финансиски ќе работи оваа куќа, како ќе се организира, која е стратегијата, да не дојдеме во ситуација од шупло во празно нон стоп секоја година да бидеме пред ваков свршен чин и да донесеме одлуки за отпишување на долгот.

Има едно размислување дека тоа се наследени долгови. За мене тоа не е доволно. Ако повнимателно се прочита извештајот ќе дојдеме до констатација дека трендот на продлабочување на оваа дубиоза продолжува и после првите три месеци од 1999 година, што априори не мора да значи дека тоа е последица на претходното раководство. Тоа значи дека и сегашното раководство нема визија како да го реши овој проблем.

Знаеме дека Законот за радиодифузија го донесовме 1997 година. Претходниот говорник како доволен познавач за она што го кажав, кажа дека првите пари стигнале дури во 1998 година, а претходно некои показатели покажуваат дека само 36% од средствата биле собрани, додека 1998 година зборуваме за 72% реализирани средства, што ќе признаеме не се мали пари. Да не зборуваме за тој другиот дел. Но, едно е јасно, очекував и очекувам јасен извештај со стратегија и визија како перспективно овој проблем ќе се реши. Не можеме ние секој ден да се наоѓаме пред ваква ситуација да донесеме одлука за бришење на долгот.

Моите колеги претходно зборуваа многу за тоа, за програмските шеми. Јас не би сакал многу да се задржам на тоа, но сите овде ќе мораме да констатираме една работа. МРТВ е јавен сервис на граѓаните кој се финансира од сите граѓани на РМ, без оглед на верската, националната припадност, без оглед на политичката припадност и други афинитети и визии, а многу е јасно пазарното стопанство и денес во светот, тој што плаќа бара и музика. Ние имаме апсурдна ситуација. Некој плаќа, а за тоа што плаќа не добива.

Ако се види првиот дел ќе дојдеме до констатација дека од 90 часа програма на радио во Македонското радио, само 8 часа се радио на албански јазик, а тие Албанци по сите статистики кажуваат дека се 23% во РМ, што значи со 23% учествуваат, плаќаат, затоа што е тоа законска обврска. Ситуацијата не е ништо подобра ни во телевизија. Од 37 часа емитувана телевизија денес на албански јазик се емитува само 3 часа, што по некоја статистика тоа би требало да биде некаде 8 часа. Зборувам само за квантитативното, а не зборувам за квалитативните производи што треба да ги нудат на пазарот, тие за кои овие плаќаат.

Сигурно некој од вас ќе каже зошто вие досега тоа не го решивте. Некој овде спомна. Најдовме ситуација во која само 15% се емитуваше програм на албански јазик, но тоа денес достигна само до 3 часа. Но треба да ве потсетам, тогаш ние немавме програма, но и не плаќавме. Ќе признаеме, не плаќавме, а денес сме принудени да плаќаме, а не го добиваме тоа за што плаќаме. Тука е битна разликата и малку треба поинаку да ги гледаме работите.

За програмските шеми и начинот на презентирање на сите слоеви, без оглед на политичката ориентација, па и другите организации и органи каде што граѓаните на РМ кои плаќаат за тоа, не си го добија своето место, кажаа претходно моите колеги.

Затоа во Комисијата и тука барам да се излезе со јасна програма како понатаму со МРТВ. И во програмскиот и во финансискиот дел, да не дојдеме во ситуација ние да одиме да бараме кредити и да се фалиме со поволни услови за да покриваме една отворена дупка, која цело време ни се јавува. Имавме смешни ситуации при информирањето. Беа граѓаните на РМ до крај неоправдани во информирањето. Дури на еден семинар слушнав некој наш политичар актуелен сега, сето тоа го објасни со моментот во кој се наоѓа РМ, наводно во овие тешки моменти во кои се наоѓа, требало некое диригирано информирање, да кажам така во поблага форма. Не господине. Ние паралелно ќе мора да ги водиме двата процеса, процесот на демократизација на РМ и процес на формирање на правна држава со сите елементи. Не можеме за сметка на актуелната да го зауставиме процесот на демократизацијата на државата. Тоа ќе не потсети сите нас кои своевремено го учевме и марксизмот, кој ни велеше во првата фаза ќе имаме некаков етатизам, државен социјализам, па потоа понатаму тоа ќе се демократизира. Тоа никогаш не се демократизираше. Таа филозофија на размислување со која во овие околности ние ќе мораме да имаме вакво информирање за перспективно да се развива демократско општество, просто не се содржајни.

Затоа апелирам и барам со тоа што е тука генералниот директор, во извештајот годишен да се излезе со комплетен извештај и со програма и со визија како мисли да се излезе од оваа ситуација. Со бришење на долговите не идеме многу далеку. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот пратеник, Сулејмани Ризван.

Сега има збор господинот Пандов Александар.

**ПАНДОВ АЛЕКСАНДАР:**

Почитуван претседателе, почитуван директор на Македонската радио- телевизија. Поводот за моето сегашно јавување е вчерашното излагање на двоецот Харуни - Шеќеринска, кои што во други прилики знаеле да се служат со невистини, со инсинуации, но вчера мислам се надминаа во потполност.

Неколку работи кои што многу ме изненадија, а кои што за неколку месеци успеале овој двоец да ги заборават се следните. Имено, колку врвни новинари во Македонската радио-телевизија успеа претходниот директор и претходниот менаџерски тим успеа да ги оттргне и да ги прати во некои други куќи, што во овој период додека е директор господинот Јакимовски и останатите директори кои што се негови помошници таму, јас не сум приметил таму дека си заминал некој новинар, а исто така во тој контекст ќе напоменам, ниту пак сум слушнал некој пример дека некој про вмровски новинар или член на ВМРО-ДПМНЕ, кој што пред тоа работел во некоја друга куќа е донесен во Македонската радио-телевизија и ставен на некоја раководна функција, уредничко место или некое новинарско место.

Потоа, околу застапеноста на актуелната власт, мислам на ВМРО-ДПМНЕ и на нејзините коалициони партнери и претходната застапеност на СДСМ. Јас имав една прилика пред две години мојот летен одмор да го поминувам во хотел "Гранит". Среќата или несреќата, во истиот тој период се погоди да Младинската организација на Социјалдемократскиот сојуз во исто време спроведува летен камп. Во тоа време они правеа летни кампови кои што траеја по десетина, петнаесет дена, само они знаат колку кошта. Ова го напоменувам, не од нешто друго што притоа таму имаше цела една телевизиска екипа со еден куп новинари. За мене најинтересно што беше после тоа, моите родители во исто време имаа прилика да го следат директниот пренос на мојот одмор, затоа што од сабајле новинарите ги прашуваа новинарите младите консомолци на СДСМ, како доручкувале, дали е топла водата, дошол на предавање овој или оној министер во тоа време, па дали добро биле примени и сите тие работи. Десет дена имавме директен пренос од нивниот летен камп. Ова кога го напоменувам, како тогаш се чудат тие и тоа која била целта и која е добитта на македонскиот граѓанин, со тоа што ќе го следи летниот камп на СДСМ. Од друга страна во дневниот конгрес на ВМРО-ДПМНЕ, е нормално секој еден граѓанин во оваа држава да го интересира што се случило и како се случило, затоа што се работи за партија на власт, а партија која што сепак во голема мерка таа политика која што ја заклучила на тој конгрес и ќе ја спроведува и во директна зависност со луѓето кои што живеат во оваа држава, од таа политика која што е донесена, тие одлуки кои што се донесени на тој конгрес.

Потоа исто би напоменал, јас не сум сретнал досега за овие неколку месеци додека е овој менаџерски тим раководен на Македонската радио- телевизија да се сецира, или пак да се прават цели серијали од тоа какви биле состојбите во СДСМ, дали постои раскол, дали не постои раскол, дали Тито Петковски е на едната страна и Бранко Црвенковски, или сега повторно веќе се заедно. Од друга страна минатите години ние бевме едноставно бомбардирани од информации какви се состојбите во ВМРО-ДПМНЕ, дали ова крило или она крило. Во најголем дел морам да напоменам дека, се служеле со невистини па ќе нашле некој истакнат член наводен на ВМРО-ДПМНЕ, кој што ќе даде изјава дека состојбите во партијата се вакви или онакви, силно поддржани со Нова Македонија, сега не е предмет на дискусија, но во вчерашниот ден Нова Македонија беше доста спомнувана, силно поддржани од Нова Македонија и од сето тоа ќе направат една приказна. Јас за овие неколку месеци ниеднаш не сум успеал да видам некој документарен филм или пак измислотината која што и бившите комунисти ќе им позавидеа, која што ја направија исто така во најголема мерка за да успеат да ја оцрнуваат опозицијата, нивниот "Дневник плус", кој што не им беше доволен само Дневникот, кој што траеше 30 минути, па направија Дневник плус уште плус 15 минути, за да имаат време она што успеале за пропуштат да го надополнат во тој Дневник плус.

Сега ќе се навратам повторно на она што е главно, за кое што е и точка тука на дневен ред. Имено присуствував, бидејќи сум и член на Комисијата за политички систем и таму го слушнав и директорот, ја читав внимателно Информацијата. Се работи за долг од 15 милиони марки, кој што е направен во периодот од 1995 до 1998 година. Вчера повторно е една од тие лаги која што сакам да ја отфрлам. Беше напоменато и заедно со каматите доаѓа задолжувањето на МРТ околу 26 до 27 милиони марки. Вчера беше кажано, а што е потполно невистина дека во ова тромесечие, во првото тромесечие на оваа година направени се некои нови долгови. Напротив не е направен ниеден нов долг, тоа се само пристигнати некој нови камати од тој застарен долг и тие пари што се сега пишани во Информацијата, тоа се такви пари, што значи дека не се пари кои што се направени како долг од новото раководство дури и повеќе. Менаџерскиот тим на МРТ успева да ја раздолжи МРТ од околу 3,5 милиони марки, некој долг кој што бил спрема... (Не се разбира).

Сосема на крај не би сакал да пропуштам г. Сејфедин Харуни не е никако во право дека ПДП нема простор на МРТ. Напротив јас сум премногу запознаен со состојбите кои што се случуваат во ПДП, дека таму имало дел кој што ќе одел во ДПА. Е сега, и еден куп претставници од портпароли до нивни членови на ПДП се постојано присутни на МРТ. Сега него што не го викаат новинарите, или во самата негова партија па не го пуштаат да се појавува на Телевизија, тоа е негов личен проблем, тоа не е проблем на МРТ, едноставно тие новинари не го мислат него за релевантен фактор па да го повикаат да даде изјава за состојбите во неговата партија. За тоа тој не може да се лути, а ниту пак на официјални емисии каде што се повикувани членови од ПДП не го праќаат него од неговата партија. Сега ако има потреба, да му ургираме па да го пратат.

Конечно да завршам, јас ќе гласам за заклучоците и мислам дека на чело со новиот директор и овој менаџерски тим кој што е сега на МРТ ако им ги усвоиме овие заклучоци и предлог заклучоците кои што се донесени од претходните комисии ги прифатиме, мислам дека МРТ ќе може да застане на свои нозе, ќе може да ја обнови техниката. Тука мора да се надополни дека исто и околу програмските правци на Телевизијата исто некои работи треба да се подизменат, но мислам дека овој тим е спремен и може има такви квалитети да го направи тоа. Повторно ќе кажам, ќе гласам за овие Заклучоци.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г. Сејфедин Харуни има реплика.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас навистина вчера по некои овде така изгледаше дека претерав. Господата од ВМРО доколку можат на тоа што го реков вчера да го демантираат и тоа со докази, јас ќе морам да молчам. Јас ќе бидам приморан што се вели да признам дека сум грешел, или пак јавно извинување пред сите. Зошто претходниот дискутант, народот отворено им даде поддршка, ги поддржа нивните ветувања дека новата власт ќе биде транспарентна, дека новата власт ќе ги отне заглавените демократски процеси, дека ќе вреднува според способностите, а не според нечија политичка припадност, дека сите граѓани ќе имаат еднакви шанси, дека изворите на информации ќе бидат достапни за сите, дека повеќе нема да има поделба на дворски луѓе и дворски новинари, дека тоа ќе биде во најдобар ред. Па му поставувам прашање, досега ние за овие 7, 8 месеци само во бабини не сме виделе да ни се презентираат во Македонската радио-

телевизија средби од членовите на ВМРО. Јас можеби грешев вчера, а и од грешките исто така треба да извлечеме поуки како што велел и народот, но дали е тоа така?

Се плашам дека премиерот Љубчо Георгиевски и неговата тајфа влијаел повеќе лошо отколку поучно. Ако ништо друго барем поуката од грешките е очигледна, но и од тоа ништо. Вчера господата од ВМРО беа доста погодени, а јас ги наброив по име и презиме и реков ветувањата барем на оваа прва половина од годинава 1999 изгледа од прилика вака како што реков. Министерот си го вработил внукот на работно место со безбедносни задачи, заедно со неговото криминално досие. Нека стане и нека каже дека тоа не е вистина. А неговиот заменик, снаата и поранешна многу добра пријателка потпретседателот на Собранието на Република Македонија Томислав Стојановски, каде му е вработен неговиот син, дали е во царинска управа? Управа која допрва треба да се контролира од ова Собрание, а ова Собрание ли ќе го контролира кога ние имаме партиска полиција, имаме партиско судство, имаме партиско новинарство и дека ќе имаме просперитет и дека ќе можеме тие заправо злоупотреби да излезат на површина.

Го спомнав Марјан Ѓорчев министерот и затоа барав дали е тој истиот што ги ограбувал граѓаните од село Градец, Сенокосе, Неготино, Топлица и Добри Дол. Наместо да биде казнет, тој веќе се унапредува во Министерството за земјоделие и водостопанство. Господа, јас сакам на говорница да се каже тоа што може да се каже и да не го излажеме народот секогаш. Јас кинев Дневник, Дневен лист на говорница, не дека сум против дневниот печат, туку тој дневен печат станал дворски на газдата Арбен Џафери и главниот уредник заправо. Фаик Мустафа станал поданик и пишува што ќе му каже и тоа во очи на 9-то јулските настани ниту еден збор нема пишувано, а тој два месеци маршираше по градовите на Македонија за наводно таквите злоупотреби на полицијата. Директорот на МРТ реков дека казнува новинарка за јавно искажано мислење. Отворено се упатуваат закани и за мене се упатуваат закани, само за таа закана досега фала, јас спијам и тоа како безгрижен, иако тие претања везден ми доаѓаат.

Министрите си ги одбраа своите новинари. Нека стане некој од господата од ВМРО, нека каже дека тоа не е вистина. На јавни тендери добиваат фирмите на партиите од власта, а не најдобрите и најевтините кои се во интерес на широките народни маси. Зошто не стане еден па да каже дека тоа е точно и дека сме против тоа. Како ќе се изборимe ние против криминалот? Каде е телевизијата, каде е дневниот печат? Сите тие тендери по приватна линија и тоа во џебовите на поединци, а јас по име и презиме само човеков дента кога ми искажа, рече: "те молам, да не кажуваш". Јас реков: "само јас и целиот свет и тоа на говорница во Собранието". И човекот почна да плаче и вели: "ме уништи". Милион и 300 илјади марки има дадено за еден тендер за шлепери со цигари. Само ако тоа се потврди да доаѓа и да го потпише. Милион и 300 илјади марки денеска не се малку.

Повторно брифираат само новинарите од државните медиуми, каде што се смени само бојата на партиските книшки на главните уредници и ништо друго. Кој спомна некакви структурални промени во информативните мастодонти, нека стане и нека каже некој. Тоа е во целиот наш интерес и за позиција и за опозиција. Целиот народ тоа ќе го каже. И каде е тука придобивката? Зарем ќе треба да поминат години, а можеби и други години за да на оваа политичка гарнитура како што беше и нашава вчера да и падне онаа фасцинација од освоената моќ. Инаку секоја моќ на демагошки начин таа брзо ќе пропадне и не е во можност таа да остане.

Затоа апелирам ако не друго, говорницата нека се употребува само за објективни и добронамерни дискусии. Не мене да ми биде добро, туку добро за сите нас. Така ќе можеме ние да просперираме во тој народ. Народот не е лош, ниту има заправо од тој народ што повеќе да се бара. Му бараме и тоа оние што питаат за гласови кога е времето на гласањето. Гласајте за нас, а ние за вас ќе го направиме ова и ова и после на сите тие реагирања народот останува нем, затоа што од мене и од секој друг ќе излезе дека: што се разбира тој, таа е толпа на овци и ништо друго. За друга реплика, за други ситуации.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Кратка реплика има г. Александар Пандов.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Ќе бидам сосема краток.

Мислам повторно се повторува она што го кажав крајно не сериозен човек и политичар како г. Харуни, нормално дека нема да има место во печатот и на телевизиите. Ние зборуваме за МРТ, тој зборува за тендери или конкретно еве и за тендерите. 40% е намалена цената досега во ова тромесечие или шестомесечие како сакате да го наречеме, 40% е намалена цената која што се плаќа за јавните набавки на тендерите во јавните претпријатија,

Електростопанство зборувам за големите. Што му е нејасно тука на г. Харуни не знам. Ние тука зборуваме за финансиското работење и финансиската состојба во МРТ, ниту се зборува за тендери. Не знам што се не зборуваше човекот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Само куса реплика на г. Пандов.

Прво, би сакал да го разочарам со однос на состојбите во СДСМ, дека тие се навистина извонредно добри.

Второ, не може за тоталната партизација на МРТ алиби да биде и вие така правевте кога бевте на власт и поранешната власт истото го правеше. Јас би сакал навистина овој состав на Парламентот да работи во духот на она што партиите што сега се на власт и го наговестија во предизборната кампања, а тоа е дека нема да прават онакви грешки какви што правела поранешната власт. Ако е така, бидејќи е сега прилика, дајте навистина да направиме од МРТ јавен сервис на граѓаните на РМ.

Значи, да не ја партизираме телевизијата како јавен сервис, преку кој можат сите граѓани без оглед на политичкото уверување, имате граѓани кои што не припаѓаат на ниту една политичка партија, кои сакаат да се артикулираат нивните погледи за општествените процеси. Да направиме еден квалитетен исчекор напред, да не се враќаме назад. Само на тој начин можам да ги сфатам добри намерите на моите колеги од власта, кои што досега учествуваа во власта.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Г. Петковски не го разбирам за каква партизација се зборува во МРТ. Од 5 луѓе кои што се како раководен тим донесени во МРТ, не познавам ниту еден новинар од било кој пишан, или електронски медиум кој што е префрлен, направен трансфер во МРТ, а нели пред тоа тој бил новинар како про ВМРО-ски и за појачување на тоа партиско ткиво во МРТ. Напротив сите луѓе, односно дали се и 5 не знам во тој менаџерски тим, кои што се донесени од страна и тоа се не партиски луѓе, останатите сите уредници, не знам како се нарекуваат таму се луѓе од МРТ, со која што 50 години раководеше СКМ, па СКМ-ПДП, па СДСМ.

Тие се луѓе вработени токму од таа партија, не се сега од ВМРО-ДПМНЕ и за каква партизација зборуваме ние? Повторно ќе кажам, јас гледам она за што зборуваше г. Тито Петковски, гледам токму тоа во МРТ сега е еден современ, јавен сервис на сите граѓани. Е сега што актуелната власт е по застапена, тоа е нормално затоа што вие и да сакате не можете толку средби да остварите со политичари, затоа што не сте министери, затоа што не сте директори на јавни претпријатија. Партијата ВМРО-ДПМН, ДА и ДПА се сега тие кои што се на власт, како што беше и обратно пред тоа и околу тоа нема никаков спор. Јас не гледам зошто ви пречи тоа.

Доста често ве гледам и Вас и вашите колеги на МРТВ, многу почесто од она што ние бевме и да не заборавиме, ниеднаш досега сатанизирани што правите во партијата, како правите, се гледате со овој, се гледате со оној или уреднички коментари од типот: Г-динот Тито Петковски и нема поддршка од Бранко Црвенковски, па може г-динот Трифун Костовски ќе е кандидат и ред други работи кои што би знаеле Вие сега да ги правите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам г-дин Пандов, но повторно апелирам не спомнувајте личности што не се присутни овде и кои не можат да одговараат. Тоа е основно правило во парламентаризмот, затоа што ако така почнеме, ќе се претвориме во сала да не кажам за оговарање на други личности што не можат да одговорат од овде.

Според тоа да се држиме и можно е да полемизираме многу повеќе со аргументи отколку со личности.

Повторна реплика за г-динот Тито Петковски и со тоа да ја завршиме репликата и да минеме на следниот дискутант.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Би сакал само да го потсетам г-динот Пандо бидејќи не знае каде се гледа, каде се огледа партизацијата на МРТВ.

Прво, генералниот директор е член на раководството на ВМРО-ДПМНЕ, пратеник беше на листата на пропорционалната листа на ВМРО-ДПМНЕ.

Второ, директорот на МРТВ е истакнат член на ВМРО-ДПМНЕ, заменикот на директорот на Македонското радио е член на ДА, неговиот заменик е член на ВМРО-ДПМНЕ и т.н. Според тоа, немојте да сеете магла, мислите дека луѓето ништо не можат да почувствуваат, не можат да почувствуваат кој ја уредува политиката и жалосно е што ова Собрание воопшто расправа за уредувачката политика на МРТВ. Ако е тоа јавен сервис, треба да говориме за професионално новинарство, а не да разговараме во Собранието за уредувачката политика и на радиото и на телевизијата. Ако тоа не е партизацијата не знам на кој начин може да се спроведува партиска политика, ако не преку првите луѓе на ТВ и Радиото.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Сигурно дека уредувачката политика не би требало да претставува предмет на наша расправа, си имаат тие одговорност таму. Ние говориме за актуелните состојби и друг акцент поставен во Информацијата, прво за материјално - финансиската состојба, за проблемите што настануваат и т.н. и добро би било да се држиме околу тие прашања што се дел на информацијата.

Збор има г-динот пратеник Ѓорги Котевски.

Има збор г-динот Замир Дика процедурално.

**ЗАМИР ДИКА:**

Беше спомнат претседателот на нашата партија.

Само кратко да кажам и деловнички дека не треба да се спомнуваат лидери што не се присутни овде и да го запрашам г-динот Харуни, дали зема авдес пред да го спомне името на г-динот Арбен Џафери.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам, јас реков дека навистина личности не би требало да спомènуваме.

Има збор, г-динот Ѓорѓи Котевски.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

И јас за една минута ќе одговорам. Не може така.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе Ве молам, да престанеме, јас раководам сега, има збор г-динот Котевски.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас не сум ни оџа ни аџија да земам авдес. Немојте веќе да се расправаме за личности кои не се присутни.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани дами и господа, почитувани претставници на седмата сила.

(Во меѓувреме продолжува настојувањето на г-динот Харуни да реплицира, на што претседателот Саво Климовски вели: "Ќе Ве молам, да го оставиме тоа, крај ќе нема. Ќе добиете збор, имате можност, ќе кажете после. Повелете г-дине Котевски").

Посебно се обраќам и до претставниците на седмата сила, затоа што денес имаме едно известување по кое говориме и мислам дека заслужува посебно внимание, особено од оние личности пратеници кои ќе дадат особен придонес во разрешувањето на овие проблеми во МРТВ.

Не би сакал да се пуштам на нивото на одредени пратеници што овде во одреден миг се однесуваат на еден начин, а во друг миг се однесуваат на поинаков начин. Зборувам за тоа од една причина што тие кои поминаа три мандати, односно овој мандат им е трет мандат во македонскиот Парламент, имаа можност одредени пречки и тегоби што се јавуваа во МРТВ навремено да ги укажат, навремено да ги спречат и навремено да ги разрешат. Меѓутоа, јас од оваа говорница сум и сосема свесен дека овие проблеми, овие пречки во МРТВ не се од вчера. Тоа се проблеми и пречки кои се таложени одамна, со развојот на таа технологија која беше во светот општа позната, кај нас во поранешна Југославија и Македонија дојдоа многу подоцна и според тоа, некои работи не се должат на одредени системски работи кои беа во државата на поранешниот систем и тука ние сме немоќи да говориме за тие нешта, затоа што денес современиот миг налага нешто друго. Токму заради тоа, во тој стил и во тој дух јас ќе се потрудам да не ја прифаќам ни првата ни втората страна, туку нешто да кажам и да предложам што може да биде како излезно решение или помош за генералниот директор, кој сега се наоѓа на оваа позиција. Навистина ве уверувам дека храброст е денес да се биде директор на МРТВ на еден мегаломански објект, на една мегаломанска структура која не е правена за денешниот плуралистички систем и пазарниот систем на однесување, туку е правена за еден друг идеолошки систем со други идеолошки предрасуди за покажување на одредена големина на моќ и сила, но која за жал се стопи како мразулец натопена од 54 степени. За да Ве уверам во тоа, јас ќе почнам само со една многу добра споредба за да можете да увидите Вие, а и оние кои не следат денес да видат за што всушност станува збор.

Прво ќе го спомнам објектот РЕК Битола кој има над 2 илјади вработени и произведува 80% од електричната енергија на оваа држава. Тоа е крвотокот на една држава и секоја држава својот развој го темели или го мери според потрошувачката на електричната енергија. Значи, во РЕК Битола имаме над 2 илјади вработени, 80% произведуваме електрична енергија која ги задоволува најголемите потреби на оваа држава за целото стопанство. А на другата страна замислете си, имаме една МРТВ која приближно има околу 2 илјади вработени, а што произведува? Некој рече овде се сее ветер и магла. Кажете ми што произведува МРТВ во пазарни услови и што е тоа што ни го нуди нам како пазарна вредност за да плаќаме ние одредена цена. Можеби е чудно, можеби е парадоксално, се смее и левата група која до вчера беше на една позиција, ја

бранеше македонската телевизија. Ние ја нагаѓавме како опозиција, но денес сме во друга улога: Тие ја напаѓаат МРТВ, ние ја браниме. Мислам дека и едното и другото не носи во ќор сокак, затоа што никој овде од пратениците не дава ниту нуди некои излезни решенија.

Кога го спомнав примерот со РЕК и со МРТВ не го споменав само случајно. Сакав да укажам само на една работа. Колкав е тој потенцијал од 2 илјади луѓе во МРТВ, што произведуваат некаква програма која треба ние да ја примаме како гледачи и што произведува РЕК и тука ќе се види материјалната основа за она што треба ние денес да го поставиме како актуелно прашање за решавање на овој проблем.

Прво, мислам дека Македонија со 2 милиони жители, со таква конфигурација на земјиштето, ридско - планинско и др., со таков опсег на радио и телевизиски бранови за следење на МРТВ, мислам дека ова е пре димензионирана работа и најпрво треба да се почне од тоа дали на Македонија и е потребна ваква Македонска национална телевизија, со толкав обем на луѓе, со таков квалитет на луѓе, со таква програма што продуцира и на крајот дали воопшто сите тие 2 илјади или можеби се и повеќе вработени го имаат соодветниот квалитет кои се примани од едно минато, по татко, по стрико. Таму можеме да ги најдеме најзвучните имиња и презимиња на сите политичари во изминатите 30 години откако почна телевизијата да работи како медиум. Дали тие луѓе воопшто можат да сфатат дека не се продуктивни и дека можат нешто да значат за оваа држава РМ.

Прво и основно, треба да видиме дали на Македонија и е потребна ваква ТВ куќа. Според мене, ако едно БИ-БИ-СИ или СИ-ЕН-ЕН, и други се сместени во една многу помала просторија, од онаа голема просторија, а имаат далеку по одговорна функција и домет, тогаш мора да се запрашаме како и на кој начин да го решиме ова прашање. Исто и ние треба нешто да пресадиме од овие земји и да сфатиме дека во зголемувањето на нештата, во идеологиризирањето на нештата не треба да го гледаме и функционалното, туку можеме со многу по едноставно и по прости работи со многу помалку луѓе максимално употребени да добиеме поголем ефект и тоа на оваа РМ, на оваа сиромашка земја и е насушно потребно, затоа што ние немаме друг излез.

Исто така втор и многу клучен проблем за МРТВ е тоа што вие не можете до неа да ги изброите катовите, колку катови има МРТВ, не можете да изборите колку соби има внатре, не можете да изброите колку приклучни елементи има, сијалични места, врати и т.н., кое сето бара одржување. И сето бара извесна амортизација која со текот на времето треба да се продуцира, да се врати назад за да може да се обнови во таа МРТВ или во тоа знание. И ние сосема нормално се соочуваме со проблемот на пари. Како што и во многу други сегменти во државата се сретнуваме со проблемот на пари. И нормално ваква зграда, со ваков број на вработени кои не произведуваат нешто што може да прави еднаш, двапати, трипати и повеќе пати обрт на капиталот на средствата и т.н., ние не можеме да очекуваме да имаме и соодветна амортизација, да ги плаќаме сите нешта во оваа голема куќа.

Трето прашање, ако веќе се толку вработени и толку голем дел или одреден простор во МРТВ, бидејќи сум имал можност само привилигирано еднаш или два пати да прошетам, па мораше водач да ме води во таа МРТВ, бидејќи не можев да се снајдам во катакомбите што се направени внатре ние треба да сфатиме дека тој простор е неискористен во МРТВ. Па дајте тогаш како трето прашање или како трета пречка да го актуелизираме и овој проблем и да речеме сите оние што зрачат во етерот на македонскиот простор, дали тоа се радија, телевизии локални, приватни и т.н., можеме да ги повикаме на сосема соодветна цена на соодветна услуга за да го издадеме тој простор, па нека се вика ако сакате и македонски центар за информирање. Меѓутоа, тие средства од овие граѓани или од овие субјекти да се прелејат овде и да можат максимално да се користат во Македонската радио-телевизија. Инаку, ние имаме еден голем објект кој максимално не е искористен и функционално не е потребен за потребите на МРТВ и на она што ние денес го даваме како услуга на граѓаните, како јавна услуга на граѓаните во РМ.

Според тоа, доаѓа и четвртото прашање: Дали сите граѓани на РМ се задоволни од она што треба да го платат за сето она што претходно го зборував, амортизација, одржување, платите на вработените, придонесите и т.н. Нормално, кога се поставува прашањето на претплатата слободно можеме да кажеме дека таа претплата може да биде и пониска, но и повисока, но врз база на одредена анализа. Ние треба да направиме една анализа на сето тоа, имено дали ако ја намалиме цената на

чинењето на ТВ претплатата ќе добиеме поголем ефект ќе собереме сто посто средства или ако ја зголемиме оваа цена ќе собереме 50 или 60% од средствата што треба да се наплатуваат. Во краен случај, треба да водиме сметка за нашите граѓани и нашите луѓе колку им е плиток или длабок нивниот џеб. А ние знаеме дека во оваа беспарица, во оваа немаштија македонскиот џеб е многу плиток, излитен е, издупен е, нема ништо внатре и ние според тоа така треба да се однесуваме не можеме ние на нашиот човек да му продаваме култура, да му продаваме програма, кога има скинати џепови, кога гледа месецот да го помине само со леб, а на крајот на краиштата ние вршиме тортура за да ја наплатиме оваа претплата по пат на било какви начини на прибирање, дали преку електричната енергија или ќе најдеме друг начин, но тоа е прашање на кое треба да се изврши по голема анализа.

Сакам да кажам дека за сите овие работи што ги спомнав мора да се направи една подлабока анализа, да се видат нештата такви какви што се реално, без заобиколување и да се каже дека МРТВ може со сто луѓе да ја обавува оваа функција во дадениот миг.

Исто така едно и последно од овие прашања кои треба да се разрешат во овој дел можеби се имотно - правните односи или оној дел на разграничување меѓу МРТВ во Советот за радиодифузија и т.н. и т.н. Во оваа прилика не би сакал да зборувам за уредувачката политика, заради тоа што во информацијата не е тоа предмет денес. Каква треба да биде уредувачката политика? Јас повторно можеби во овој Парламент сегашен по втор пат ќе се повторам. Еднаш допуштете, дајте да дадеме сите придонес да излеземе од менгемињата, од стегите што ни ги наложуваше поранешниот систем, да изградиме еден нов систем во кој никој нема да се чувствува повреден без разлика која политичка партија ќе дојде на позиција. Да ги утврдиме тие мерила, тие вредности, тие матрици што треба навистина да бидат клучни за оваа Македонска радио-телевизија и за сите други медиуми, за да не се ставаме во позиција кога јас сум на власт да ме критикува опозицијата, кога утре јас доаѓам во опозиција па истото го прави пред народот и пред Вас, личи многу не долично, затоа што во еден момент се однесувам инаку, а во другиот се однесувам сосема поинаку, а станува збор за една иста состојба. Затоа народот после ќе рече: Што да ги менуваме сите се исти. Ако вака продолжиме, навистина ќе испадне работата дека сите сме сити, дека сите за ништо не чиниме ние и дека ние како пратеници овде нема да чиниме. А зошто нема да чиниме? Нема да чиниме од едноставна причина, ако некој овде мисли дека само со празни фрази и со викаше да ги решава работите и да кажува колку јас знам или не знам, народот и вие треба да судите по она што јас Ви го предлагам овде како излезно решение, или го нудам како еден мотив повеќе на директорот на телевизијата и неговиот тим за излез од оваа состојба. Тоа не значи дека јас многу знам, но проблемот не е во тоа што јас многу знам. Проблемот е на тој пратеник во тоа што тој ништо не знае, не прочитал една "Црвенкапа", сака да се мери со некој што има многу повеќе прочитано и многу повеќе знае.

И на крајот, за да завршам, ги прифаќам овие заклучоци како едно од можните, но не најсреќните решенија за МРТВ. Ова не значи дека со овие заклучоци ние ќе го решиме проблемот со МРТВ и ќе го ставиме ад акта. Не. Меѓутоа, гледам дека може нешто како за почеток, но со сето она што го зборував и го дадов како три или четири предлози, што мислам дека ќе помогне во разрешувањето на сите овие работи.

На крајот, да завршам, за оние пратеници кои на трите вечери му делиле само да викаат, а не му делиле нешто друго да знаат, ги замолувам во иднина да не не повикуваат од оваа говорница и да се впуштаат во такви разговори, затоа што нашето ниво навистина треба да биде ниво кое ќе биде огледало на народот и кое ќе биде огледало на партијата од која доаѓаме. Инаку ни нема друг спас.

Инаку сите ќе бидеме исти, сите исти, сите за секаде и сите за никаде.

**КАСТРИОТ ХАЏИРЕЏА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, после долг временски период ова е прва информација што овој Парламент ја добива околу состојбата во МРТВ.

МРТВ е важна општествена институција која остварува дејност од јавен интерес, па како таква заслужува посебно внимание од сите релевантни субјекти во РМ, а поготово од Собранието на РМ како нејзин основач.

Од информацијата што ја добивме од МРТВ се гледа тешката финансиска состојба во која се наоѓа оваа институција. Истовремено од страна на новото раководство, се предлагаат и конкретни мерки и активности кои тие намеравaат да ги превземат, за што побрза консолидација на ситуацијата.

Јас би се задржал само на некој точки кои се од посебен интерес за албанските гледачи. Од информацијата се гледа дека МРТВ емитува дневно околу 37 часа програма и наводно низ овие програми граѓаните во земјата си ги задоволуваат своите медиумски потреби, од информации, култура забава и образование. Но, изгледа и оваа информација како и многу други информации пласирани од страна на МРТВ се да далеку од вистината, што се однесува до програмите наменети за албанските гледачи. Така што од 37 часа што емитува МТВ дневно само околу 3 часа се емисии на албански и програми на јазик, а тоа не е ни 8% од дневното емитување на МТВ. Така да несфатливо е како може со толку времетраење да се задоволуваат медиумските потреби од информација, култура, забава и образование. Но, не е проблемот само во времетраењето во емисиите на албански јазик, туку проблем е и квалитетот на тие емисии. Така освен дневникот на албански јазик кој каков таков има своја цензура, сите други емисии се скоро без никаков интерес за албанските гледачи, затоа што тие најчесто се некакви документарци кои ни просторно ни временски ниту било од кој аспект не се многу привлечни, додека емисиите кои би биле посебно интересни за албанските гледачи, емисии поврзани со нивната историја, култура и општествен развој се сосема ретки, да не кажам дека не постојат воопшто.

Така албанскиот гледач за времето на емитување на албанска програма може да си слуша и да си гледа разни настани кои се одвиваат било каде во светот, поврзани со било кој предел на Африка, Азија или Австралија, но не може да се гледа нешто што е поврзано за неговото битие. Проблемот не е само во емисиите туку и до редакцијата на албански јазик при МРТВ. Така таа редакција има само околу 40 вработени во радио и околу 40 и нешто вработени во телевизија, а се знае колкав е бројот на вработените во МРТВ. Таа редакција нема своја екипа, т.е нема камермани, монтажери, техничари, нема своја кола. Така да се зависи од расположението на дежурниот уредник на МРТВ. Голем проблем е и статусот на албанската редакција, заради тоа што воопшто не се знае кој управува или кој е надлежен за таа редакција, понатаму има или нема цензура во албанската редакција.

Самиот факт дека таа за многу нешта не е во состојба да си осигура техничка екипа, таа само за себе си претставува некој вид на цензура.

Големи се проблемите со кои се соочува МРТВ, особено финансиските, а начинот на кој таа го гледа излезот од оваа состојба е форсирањето на процесот на присилното наплаќање. Но, мислам дека постои друг начин за излез од ситуацијата наравно многу по добар по демократски, а тоа е преку реализирањето на што по квалитетни и содржински програми, кои ќе поттикнуваат поголем интерес кај гледачите.

Што се однесува до албанските гледачи, од нив секој месец во касата на МРТВ се влева една третина од вкупните прибрани средства од радиодифузни такси, а во исто време им е посветено помалку од 8% од дневното емитување на МРТВ.

Имајќи ги предвид овие факти, мислам дека е потребно сериозно да се размисли и да се пристапи кон отварање на посебна програма на албански јазик, за што ова Собрание има расправано веќе неколку пати.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор пратеникот Љутвии Билали.

**ЉУТВИИ БИЛАЛИ:**

Дами и господа пратеници.

И без да ја прочитам информацијата за актуелните состојби во МРТВ морам позитивно да се изразам за новото раководство. Можеби ништо не значи за шахаџијата Сејфедин Харуни, но за мене значи нешто во позитивна смисла. Кога веќе некоја си Сузана Хаба не ја гледам на екранот на МТВ, од проста причина што таа често пати сме сведоци дека го читаше дневникот на албански јазик, а поима немаше со тој албански јазик.

Иако дискусијата на Сејфедин Харуни не заслужува внимание, а и не е на дневен ред, морам заради вистината и јавноста да го демантирам, бидејќи заменик директорот на МТВ г. Имер Исмаили никогаш не бил гласно говорник на ДПА, како тој впрочем вчера се изјасни.

Всушност како вчера и денеска ние расправаме за информацијата за актуелните состојби во МРТВ, а не за директорот и заменик директорот. Впрочем за нив во овој дом сме расправале кога ги именувавме и тогаш имавме прилика да фрламе дрвја и камења врз нив. Но на крај за жал, би рекол некој од опозицијата по волја на мнозинството пратеници на овој дом, тие станале челници на МРТВ. За мене предложените заклучоци се

прифатливи и ги поддржувам.

И на крај не сум сакал ниту да верувам дека еден доктор на наука може да ја цепи и тоа пред јавноста една новина на албански јазик, доколку повеќе што тој доктор на наука е Албанец. Јас не можам ова да го квалификувам само како вандалистички чин, што не верувам дека го направил вчера во трезвена состојба, а како што гледаме ние сите денеска продолжи во тој стил.

Затоа предлагам надлежните да преземаат мерки, да ја испитаат присутноста на алкохолот во крвта, бидејќи сигурно е во пијана состојба, јас тврдам, а можеби е во мамурна состојба.

Што се однесува до тендерите, бизнисот сигурно господа го изгубил тој бизнис па и нас не малтретира овде, а јас како пратеник не сум заинтересиран за бизнис ни за мене па нити за г. Харуни. Иако нешто рече г. координатор а морам, бидејќи уште порано сум го напишал кога именуваат Сејфедин Харуни сака да го споменува името на претседателот на ДПА Арбен Џафери. Не само што треба абдес да зема, но треба и устата да ја испере добро. Ако искрено и поштено без обид да правам политика, ако настапи г. Харуни на ваков начин имам уште што не и тоа не да хиперболизирам, не да измислувам лаги и невистини, но тоа што е ќе го потенцирам, тоа што го опкружува г. Харуни, а ако не му е тешко нека изволи. Толку фала.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Љутвии Билали.

Сега сте веќе спомнати повелете, имате збор за реплика.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Изгледа дека не е дебата по Информацијата, него сосема нешто друго.

Господа, пошто ми се обративте еден од демагозите е веќе поминато. Ако уште и натаму се инсистира со демагогија вие само ќе останете во мат позиција. Јас тоа го направив само поради тоа што листот "Флака е влазеримит" дневниот лист "Флака е влазеримит", сабота и недела десети јули 1999 година, отворете ја внатре содржината што се пишува. Газдата Арбен Џафери на двата листа прикажан, а поданикот Фаик Мустафа. Прашањата и она што му преведува сака оди само што нема вака некои примитивен инструмент да му свири додека за девето јулските настани ако некоја друга партија што доби капитал, тоа сте вие. И она што сакавте сега да повторно да го зачепкате, вие само потоа ќе го изгубите и самиот рејтинг. Улиците "Браќа Гиновски", "Кочи Sose", "Дебарската" и ред други улици во Гостивар по повод девето јулските настани и ден денеска фасадите се изрешетени, а г. Сефер Муслиу јас ги ценам луѓето тој не оставил се да прошета и да види али се плашел да оди од газдата Арбен Џафери и да снима и репортажи да изнесува ако не друго барем оние страданите, преку двеста ранети, преку 400 земени во оние логори кои што се измислија во Гостивар, г. Арбен Џафери кафе си пиел во една печатница. Тој тоа го користи и тоа како лимунот го цедел, го цедел Руфи Османи се додека тој му беше потребен. А денеска за знаме, за прашина, за два месеца луѓето по сите градови бараме знаме, бараме Руфи Османи да се ослободува и што не друго. Јас онаа порака што почитуваниот и еден и други да земам абдес кога би го спомнал името на Арбен Џафери, абдес зема луѓето кои се искрени а не демагози. За демагози нема потреба абдес, нити уста да се пере нити ништо. Руфи Османи остана фигура во политичката средина во Гостивар, а г. Арбен Џафери не остана ни пијун поред него. И тој капитал - се извинувам, треба да се каже, а за она дека тоа го скинав, го скинав, бидејќи овој весник стана дворски и тоа Фаик Мустафа му пишува на газдата Арбен Џафери и ништо повеќе да гукне, ако не за Шпенди Сени за Милен Даути и за другиот Салиу од Мало Турчане што беше изрешетан од полициските куршуми по повод девето јулските настани. Јас мислев дека крајно искрено е тоа и година ипол на плеќи ја државме ние таа демагогија и мислев дека е така. Но без оглед на се сите бевме на плоштадот во Гостивар и ПДП и НДП и ПДШ сите.

Меѓутоа, тој капитал некој сакаше да го користи, а сега не најде засходно ниту една реченица да каже за чест и почит за тие загинати. Гостивар ќе биде, што се кажува Гостивар за ПДШ.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам, држете се до информацијата, да не одиме надвор од неа, г. Харуни, затоа што тоа далеку би не однело.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

А за се она што мислите дека имате уште нешто да кажете, отворено кажете го. Јас не сум дете ни од пољак, ниту дете од поданик. Јас ќе можам да истрајам само вака, а секој кој што мисли и сака инсинуации јас не можам да му забранам.

Затоа на нас нема да ни одат работите. Имаме политичко судство,

политичка полиција, политички медии.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има реплика г. Билал Љутвии.

**БИЛАЛ ЉУТВИИ:**

Човек некогаш се наоѓа во состојба да одговара и на наивни прашања, да му одговара и на тој човек што не заслужува, а треба некои работи да ги расчиступа.

Прво, затоа зошто во новината Флака често пати го гледаме Арбен Џафери, а би рекол Сејфедин Харуни, зошто не тој. Одговорот е следниот, зарем заслужува. Зарем заслужува Харуни да биде во некоја новина, јас сум свесен дека секој новинар, секоја редакција, секоја информативна куќа е заинтересирана во таа информативна куќа да си прикажуваат личности кои вредат, кои нудат нешто.

Што се однесува до цепење на Флака, јас сум длабоко убеден дека не знае добро да чита на албански јазик Харуни затоа ја цепи.

Деветти јуни Гостивар, Сефер Муслиу, Руфи Османи. Деветти јуни господине е твоја срамота, бидејќи колку се сеќавам ти си бил еден од членовите на таа комисија за откривање на настанот, ако не ти сигурен сум дека бил Мерсел Билали.

Но, да те прашам околу 9,30 часот на 9 јуни овде во истата сала Собранието на РМ имаше седница. Тогашниот министер за внатрешни работи г. Чокревски го информираше Собранието за настаните во Гостивар. Нели ти требаше тебе повеќе од час или час ипол да стигнеш во Гостивар. Не си сакал да одиш таму, не си смеел оти Гостивар е твој продукт, производ на твојата коалиција, на твојот бивш премиер, на твојот бивш министер за внатрешни работи.

Што се однесува до сликите и за тоа зошто не пишува, би требало тогаш да го прашаш главниот на МРТВ, тогашниот директор а н е сегашниот, било директорот било заменикот.

Што се однесува до Руфи Османи зачудува фактот што до вчера, а сум сигурен, колку го познавам и денес тој е противник на твојата партија, а твој личен противник, сигурен сум, бидејќи добро го познавам каква душа има тој и нема да биде на твоја страна сигурно сум убеден и џабе трошите енергија, а може би имате во концепт да се дружите.

На крај длабоко сум убеден дека г. Харуни немате морално кредо да ни држите лекција овде.

Изгледа не ме сфативте добро преескa кога зборував, немој да продолжите. За тебе е добро тоа. За сите е добро тоа. Немој да продолжите. Не ти се заканувам, затоа што сепак јас не сакам. Немој да продолжиш оти има уште многу...

Но, да завршам немаш морално кредо ти да ни обратиш и да ни држиш лекции, како не треба, дотолку повеќе како треба односно не треба да работи една информативна куќа како што е МРТВ, иако има многу да се каже. Иако е пратеник од опозицијата г. Кастриот Хаџиреџа, дискусијата на Хаџиреџа потполно ја прифаќам и ја потпишувам со две раце.

**ИЛИЈА ПРАНГОСКИ:**

Почитуван господине претседателе, дами и господа пратеници, навистина немав намера да дискутирам по оваа точка од дневниот ред, меѓутоа можам да кажам дека бев на некој начин предизвикан од претходните дискусии и од претходните дискутанти особено оние од вчерашниот ден и уште на почетокот  да кажам дека не се согласувам апсолутно со одредени искажани тешки квалификации, а во принцип не се согласува ни со нивото на кое што се дискутира повремено и со начинот на кој што се водат и репликите меѓу одредени пратеници.

Веднаш на почетокот сакам да кажам дека оваа информација ќе ја поддржам и ќе гласам за неа, бидејќи сметам дека МРТ како јавен радиодифузен сервис на оваа држава е навистина во тешка состојба и треба да се направи се и ова Собрание како основач на МРТ да направи се да ја поддржи и да помогне.  Пред да се осврнам на нападите и критиките од опозицијата за работењето на МРТ во изминатите 6, 7, 8 месеци, а без намера тоа да биде одбрана ниту најмалку, сакам да искажам едно задоволство и согласност со дискусијата на господинот Ѓорѓи Котевски и со голем дел од неговата дискусија апсолутно се согласувам.

Меѓутоа, во тој контекст сакам да кажам нешто. Имам впечаток дека често пати во ова Собрание и по други точки и по други прашања за кои што се расправа често пати не разговараме за содржината на работите, за она што е основното и битното, туку секој од своја позиција се труди и во различни ситуации и во различни прашања да делува со сопствен политички маркетинг. А содржината на работите што се однесува до МРТ, според мене е следната.

МРТ се наоѓа во тешка економска и финансиска состојба, во тешка техничко - технолошка криза, па ќе ми простат господата уредници и новинари мислам и во исто така

тешка и кадровска криза.

Проблемот не е генериран во изминатите 6, 7, 8 месеци како што некој сака тоа вешто да го пласира и се обидува да го пласира, туку проблемот е создаван и генериран во континуитет во изминатите десетина, сигурно и пред тие десетина години исто така. Нема да зборувам за градбата на зградата на МРТ, за што зборуваше господинот Котевски, за тој мастодонт и како градба без потреба, а сакам да кажам дека секоја држава, секоја сериозна држава има обврска да по мага, да ја осовременува и да има своја јавна радиодифузна куќа. Тоа е интерес на секоја држава. Вие самите сте сведоци на она што се случуваше во текот на војната против Југославија и косовската криза и на бегалската криза. Видовте колкава штета и се нанесе на Македонија и на македонската јавност само со една слика, која што не беше апсолутно одраз на реалната состојба и она што правеше Македонија во тој период, само со една слика кога беше сликан еден полицаец кој што во таа гужва на Блаце имаше употребено пендрек, за жал. Македонската телевизија и ден денес нема сателитска комуникација што е за мене апсолутно незамисливо. Да имаше сателитска комуникација ние ќе можевме нашите слики, нашите претстави за правата состојба, вистинската состојба по тоа прашање да ги презентираме преку таа комуникација низ целиот свет. Значењето на ваков современ технолошки екипиран радиодифузен систем во денешно време на прагот на XXI век, кога навистина царуваат медиумите, особено електронските медиуми, сметам дека не е потребно посебно да го истакнувам, особено не кога денеска светот е сведен на глобално село, баш благодарение на влијанието на сите медиуми и на компјутерската техника. А што имаме ние во Македонија во однос на Македонската радио-телевизија? Имаме радио-телевизиска куќа која е во тешка финансиска состојба и во тешка материјална состојба, имаме најслаб ТВ сигнал во Европа и за жал на Балканот, и за жал најслаб телевизиски сигнал и од сите земји кои што не опкружуваат. Имаме се уште аналогна, наместо дигитална техника имаме кажав неможност за сателитско комуницирање што е недопустливо во денешно време. Многу помали земји, многу пoслабо развиени земји имаат сателитски приклучок. Имаме преврaботеност, за тоа зборуваше господинот Котевски во самата куќа на сите нивоа, имаме ниски плати на вработените. Во глобала според мене лоша и не квалитетна програма со исклучок на одредени чести исклучоци и еден наследен долг од околу 15 милиони германски марки, кои што заедно со каматите изнесува скоро 25 или 26 илјади марки, кои што тешко ја оптоварува оваа куќа во нејзиното секојдневно работење и секојдневно функционирање.

И на крајот имаме и дефицит на квалитетни и слободоумни и повторно со чест на исклучоците новинари, уредници и т.н. Колку што се сеќавам за вакви проблеми во МРТ кои што беа присутни и изминатите години се разговараше и во претходниот состав на ова Собрание и се донесе Законот за радиодифузија и се донесе посебната уредба за начинот на кој што ќе се врши исплата на надоместокот преку сметките за електрична енергија, со цел да се помогне на Македонската телевизија. Тоа е уште еден доказ дека проблемот не е од вчера и дека проблемот постои и дека проблемот треба навистина сериозно да се решава и еднаш конечно да се реши и да се помогне. Некои од колегите кои што се овде сега присутни беа пратеници и во тој Парламент, меѓутоа тогаш беа на другата страна од позицијата, опозицијата и тогаш не се сеќавам колку жустро дискутираа за правата, за политичкото новинарство и за финансиската состојба на МРТ. А она што се превзеде во 1997 година, еве ова е сегашната ситуација до каде не доведе и низ презентираните материјали од информацијата за актуелната состојба во МРТ може јасно да се види какви се тие, а тие се такви какви што се. И тоа е реално и од тоа почитувани колеги нема бегање. Ако сакаме навистина современ технолошко - технички и на високо ниво јавен радиодифузен сервис треба нешто и по радикално да се менува, нешто од тоа спомна повторно ќе го споменам господинот Ѓорѓи Котевски.

Јас на господинот генерален директор му препорачувам некои од тие совети да ги прифати и во неговата екипа и неговиот тим и се плашам дека овие сега мерки кои што се дел од одлуката на ова Собрание и заклучоците дека можат да бидат само недоволни и краткорочни за целосно решавање на овој проблем.

Сега сакам да кажам нешто за слободата на медиумите, за слободата и одговорноста на новинарите.

Прво, не се согласувам со дискусиите на пратениците од опозицијата во врска со политизацијата, или уште потежок збор партизацијата на куќата. Забелешките дека во изминатите неколку месеци од поставувањето на генералниот директор на МРТ ова добива интензивно темпо и многу по интензивно темпо и дека сега таа е политички медиум едноставно, или медиум на

коалицијата, едноставно не држат. Според некои излагања еве зошто? Овде сака да се прикаже и да се гледа состојбата во овој правец со два аршини, односно по потреба се ставаат розовите наочари, тогаш кога некому тоа му одговара, па после се вадат розевите и после се ставаат тие црните наочари, исто како што некому му одговара. Среќа промената на раководството во МРТ е скоро така што и сеќавањата се се уште свежи и меморијата ме служи дека ние овде сите добро паметиме какви превирања имаше во таа куќа. Мислам дека еден министер поднесе демонстративна оставка по повод на тие превирања пред две, три години мислам во 1996 година, кои беа сите предизвикани само од партиски интереси и влијанија но тогаш од една друга коалицијата која беше на власт во Република Македонија. Зошто тогаш некои господа пратеници, а некои навистина од вас беа и тогаш во овој Парламент не прашавте што се случува со слободното новинарство и со слободата на медиумите. Зошто не се прашавте и не изразивте барем жалење зошто Македонската радио-телевизија за многу краток период ја напуштија или беа принудени да ја напуштат една плејада извонредни новинари и уредници кои што излегоа во еден краток период, не сакам да ги споменувам, меѓутоа некои заради почит, моја лична почит ќе ги споменам Горан Величковски, Јадранка Костова, Оливера Трајковска и некои други, нека ми простат оние што не се спомнати. Некои новинари имаа свои миленици меѓу политичарите и фаворити меѓу политичарите од тогашната позиција и тогаш се беше во ред и тогаш тие розевите очила одлично функционираа. Едноставно еден дел од овие дискусии личат како приказни за мали деца. Затоа не се согласувам со таа теза.

Меѓутоа, ова што сега го зборувам не значи дека треба да амнестира нешто и некого доколку постојат индиции или доколку постојат и факти дека сега нешто слично се случува во МРТ. Треба еднаш конечно да се пробие професионалност, способноста, стручноста, компетентноста, со минимално влијание на партиската припадност. Такви грешки не треба да се прават и тие поранешните грешки кои што некој ги правеше треба да бидат добра поука да не се прават.

И сега на крајот пред да завршам за да ве уверам за тоа, еден мал пример од есенската кампања во 1998 година од изборите, тогаш една мала партија што се викаше Демократска алтернатива правеше еден митинг во Охрид, извонреден митинг во салата од 5.000 луѓе, сите независни медиуми снимаа, меѓутоа вашата куќа имаше наредба да не снима и да не даде никаква информација. Тоа се тие тези кои што ги зборувавте, а кои што во минатиот период поинаку ги правевте. А за другото, ова е ситна работа, за другото, за покрупните работи јас сум убеден дека имате добра меморија и дека ве служи меморијата и ќе ве потсетам малку вратете се назад пред 6, 7 месеци па ќе видите како стојат тогаш работите.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, пред нас ние имаме една информација дадена од страна на МРТ со подзаглавие состојбите во истата. Меѓутоа, акоземеме да вршиме анализа што сакаат господата од телевизијата да ни претстават како обврзници спрема ова Собрание кое е нејзин основач ќе видиме дека првиот ударен момент е зошто претходните три години оваа иста куќа немала информација пред поранешниот состав на Собранието.

И вториот дел кој го сметам за ударен дел да ни претстави каква е финансиската состојба и состојбата на средствата преку кои се емитува програмата. Моите претходници дали заборавиле на своите школски денови кога правевме писмени работи па вели: Јас напишав многу убаво, меѓутоа професорот му пиша единица, затоа што ја промашил темата, а не заради добриот или лошиот состав. За писменоста му дава можност, меѓутоа за промашување на темата му даде оценка, затоа што не се придржувал на она што е дадено како задача.

Повеќе од пратениците некои викаа дека телевизијата станала средство на партијата на власт, што не било случај додека тие биле на власт, имале друга програма, сето тоа го примам како анализа како тема на разговор во писмената задача, ама заклучувам дека темата е промашена, она за кое треба да разговараме. Други, кој текст, колку треба овде да оди, емисии на еден јазик, на друг, дали некој имал ваква политичка подлога или друга, дали имал ваков или поинаков третман во општеството и на крај да каже дека не бил на страниците, односно на вестите и на друг момент од телевизијата.

Јас сакам да направам можност да ги избегнам имињата, меѓутоа кога ќе се спомне содржината на дискусијата, веројатно ќе треба да дојдеме до тоа некој да се идентификува во себе. Зборот дека на телевизијата ги немало одредени личности, или пратенички, или партиски структури, јас би се сложил дека е така.

И навистина тука првиот дискутант имаше право дека на телевизијата не се обиделе, или не земале за потребно да не

упатат на едно културно или законско овластување или права или обврски пред ова Собрание. На еден да не кажам немил, туку на еден непослушен однос на еден од пратениците кога ја водев седницата се пријави за процедурално прашање и се впушти во објаснување на предлогот што требаше да се стави на дневен ред. Пратеникот го замолив првпат дека тоа не е процедурално прашање, дека се впушта во говор и да ја напушти говорницата. Стана една така да кажам немила, да не употребам некултурна ситуација и оваа телевизија зошто заслужува критика. Затоа што не дојде да се каже кој од тие двајца беше во право не по мислење, туку по зборот, по словото на Деловникот. Ако пратеник се јави надвор од дневниот ред, ако се јави за она што не е и нема дозвола, должен е да ја напушти говорницата, ако и понатаму продолжи да не го исполнува барањето на претседавачот последна мерка е отстранување. Оваа телевизија која стана телевизија на ВМРО-ДПМНЕ, не најде засходност ниту таа секвенца да ја прикаже како настан.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:** (Продолжение)

Меѓутоа, другите т.н. две слободни телевизии, една чиј уредувачки одбор е во Белград, Телевизија Сител, почна да говори за некоја глупост што ја направил претседавачот, затоа што се придржувал на законитоста. Ова е мана на оваа телевизија и навистина е телевизија на позицијата. Ако беше телевизијата на страна на опозицијата, сигурно ќе ја дадеше оваа секвенца и ќе го проследеше редоследот што се дава по законот.

Овде што се промашува сега и јас ќе си признам дека сум промашил. Зошто не одам веднаш на втората точка што е битна, да се врши анализа на финансиската состојба воопшто. Вели два основни елементи се времето и просторот. Ориентација во тие две сфери мора да постои. Ако тие ги нема, тогаш не се разговара дека некој нешто сфатил. И телевизијата говори дека финансиската состојба е таква што имаат 15 милиони германски марки загуба или средства што се непокриени. Веднаш прави една дистинкција и говори за период 1995-1998 година, за кога ниту има известување пред ова Собрание и вториот елемент, вели обврски од тримесечјето. Не говори за половина година, не говори откако дошол новиот состав на раководење на телевизијата, туку говори за состојба многу јасна, тримесечје од оваа година. Веднаш во поглавието се дадени обврските кон добавувачите во земјата, обврски кон добавувачите во странство и говори за еден деведесет дневен период. Деведесет дневниот период се одликува со следното: директорот е сменет од порано и е поставен нов од 21 или 23 јануари. Меѓутоа, раководниот тим е избран на 2 или 3 април о.г., што значи тој не е опфатен во периодот на кој се однесува Финансискиот извештај. Добро ќе биде ако г. директор кој е присутен тука и не слуша ако сака малку да направи не само синтетика туку и аналитика по однос на партиите за кои се говори дека се негативни, да ни направи поблизок опис што, каде и како е. Ако се говори за првите 3 години, не е спорно од кого се направени. Ако се работи за тримесечниот извештај, да се види нивниот основ. Во книговодството се говори за основ за книжење и овде треба да биде основ за овие недостатоци.

Според тоа, кога се има предвид времето, се работи за време кое е преокупирано со претходната структура, односно раководство на ова претпријатие. Во тој случај, мене не ми е јасно зошто тие кои седеле го подржувале тој тим, му давале можности, зошто не беа јасни па да направат -зашто тие имаат поголеми податоци. Господа, вие имате пред вас синтетика, немате аналитика. Еве ја аналитиката. Нашата аналитика говори ова и ова. Тие пари не се од нас туку се направени од вас и во тој момент, а не само да се направи едно споредување, да не се води пак сметка за времето. До 1 јануари 1999 година биле 9 милиони. Од 1 јануари до 31 март се 2 милиони, помножено со 4 излегува дека за една година ќе има помалку отколку што било во претходниот период. Тогаш се прашувам дали ова што го говореа овде го говореа со одговорност и разум, или сакаа да направат само математичка паралела, која нема одговор. Ако тие луѓе 4 години, претходните три години го направиле тоа и овие 90 дена пак истите луѓе го направиле, на кого да ја префрлиме одговорноста.

Бидејќи не навикнати политички да поднесуваат одговорност, јас би имал таква храброст одговорноста во лошото работење да ја преземам на себе. Меѓутоа, ќе ме прашаат веднаш по кој основ ја преземаш, кога ти немаш врска со телевизијата. Ти таму не си погледнал како се работи, не ја познаваш ни техниката. Колегата говореше за техника, како се работело, за застареност јас не знам од таа страна како е и иако е тука предмет на известување, јас не можам да говорам.

Господа, овие средства кои се недостаток, односно да употребам друг

израз, мањак во работењето, се на раководството поставено од СДСМ. Ова мораме да го кажеме отворено и јасно. Ви дадов пример од каде тргнав. Тргнав од основниот елемент време, а кога ќе го третираме времето, веднаш да го видиме и просторот. Просторот е Македонската телевизија, таму била некоја друга управа, а не оваа која поднесува извештај. Драго ми што и тие што биле таму и ги поклопиле двата елементи сега наоѓаат не за вина работење на ова, туку баш за вина времето, баш за просторот во кој ова раководство не било. Во наредните дискусии кои ќе се јават после мене, ако мислат да постигнат нешто што ќе се повтори, дали некому му требал бербер, на некого му требало друго, некој ќе го праша на тебе ти е потребен налбат или ветеринар, до каде ќе стигне таа работа? До никаде, само ќе се навредуваме. Ако некој сака да каже дека бил херој на некои настани, а друг му вика ти каде беше, пак времето и просторот ги дели. Значи, се враќам пак на основниот елемент: времето и просторот сакаше да ни ги претстави раководството на телевизијата и да не увери како можеме една настаната состојба да ја надминеме. Зошто да ја надминеме? МРТВ ни е потребна како и на секоја организирана заедница и држава.

Во таа информативна куќа, по правило не велам дека не е така, ако се работи за организација, односно држави кои настанале од претходен друг режим е кон политичката групација или партија која е на власт. Не треба да бегаме од одговорност, не треба да се срамиме од тоа што политичката партија ставила раководство, кога се работи за структурална промена од една политичка власт во друга, тогаш баш овие информативни средства, раководствата во одредени сфери се менуваат. Се сменил некој новинар, па не знам кој од овде, мислам дека тоа беше Пранговски, спомна одредени имиња на новинари кои беа хит на претходната власт. Останаа незадоволни од истите, не кажаа зошто ги смениле, туку по нивно барање промениле друга куќа. Кога ќе видиме дека таа друга куќа сега А1 однапред е подготвена да биде опозициона куќа, која ќе ја подржува СДСМ. Значи, некој правел редовно, смислено, што каде ќе оди и така ги насочувал кадрите. Ако не е така, зошто тие луѓе ги исфрли од таму, дали поради лошо новинарство или поради ќеф.

Ова се основните елементи на кои сакам да ви укажам. Инаку, јас ќе гласам за оваа информација. Ве повикувам и вас да ја поддржите од проста причина што ни треба информација за нашата држава, ни требаат состојбите какви што се, такви нека се. И едно да знаат госпобата од опозицијата. Сакам да се изедначиме, колку пати тие ќе се јават на телевизија, толку нека се јават и од позицијата, нека се изберат темите. Дали госпобата се јавија со некоја интересна тема на Македонската телевизија и да кажат ние сакаме да расправаме по оваа интересна тема. Нема никакво барање од тој вид. Сега ако сакаше некој аргументи и против аргументи, дали овој имал ваков персонален состав или не, еве ги.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на потпретседателот Томислав Стојановски за дискусијата.

Прво се јави госпоѓица Шеќеринска за реплика, а ќе добиете и вие збор за реплика г. Иванов.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Почитувани колеги, јас се извинувам што ќе го земам правото денес да зборувам и на оваа реплика и после тоа по точката на дневен ред.

Очигледно, се разви голема дискусија, меѓутоа морам да кажам дека се изненадив делумно и пријатно, делумно и непријатно што потпретседателот на Собранието реши денес во овој простор и ова време, без разлика што дискусијата се води за МРТВ и за денес да спомене или да врати назад една епизода која, на страна она што се случуваше, на страна што јас мислам дека тоа беше епизода во која бев на вистинската страна, сепак епизода на која помалку и помалку сакам да се сеќавам, бидејќи тоа беше лош ден на ова Собрание, тоа беше лош ден на оној кој претседаваше со ова Собрание, потпретседателот. Епизода која што мислев најмалку самиот потпретседател сака да ја враќа назад како тема на дневен ред, меѓутоа очигледно апсолутно сум се излажала и заради тоа сакам само неколку реченици да кажам.

Потпретседателе, јас сметам дека не треба да му се лутите на генералниот директор на МРТВ, многу критики беа изречени меѓу другото и на негова сметка, можеби е малку непријатно овде, меѓутоа тоа е една од критиките која што тој навистина не ја заслужил, ниту тој ниту уредувачкиот тим во МРТВ, бидејќи знаете телевизијата е интересен медиум, посебно кога имате директни преноси во Собранието.

Сепак, покрај сите напори, покрај сета енергија, не можете црното да го направите бело, ниту пак обратно. Можеби, доколку седницата не се одвиваше, или тој дел од седницата не се одвиваше во часови во кои најголем дел од граѓаните на РМ се сепак пред телевизиските екрани, не мора да одлучуваат кому ќе му веруваат. Можат само да гледаат и да носат свој суд. Единствена мерка која што можеше да ја употреби МРТВ за да не дозволи својот потпретседател, или потпретседателот и партискиот колега на својот генерален директор да не го претстави во уште полошо светло, беше да го заборави целиот настан и да остави оние телевизии кои вие ги нарекувате така наречени, пред изборите не ги нарекувавте така наречени слободни и независни медиуми, тоа да го сторат, бидејќи тоа право не може да им се ускрати.

Значи, од овој аспект бев изненадена што сега го враќате повторно како тема на дневен ред. Меѓутоа, од нешто друго бев уште повеќе изненадена, а тоа е како сега го толкувате настанот на кој што сите или најголемиот дел од нас присуствуваа и на кој присуствуваше македонската јавност, а тоа е комплетно, апсолутно неотповикливо, неповратно искривување на вистината.

Јас сум подготвена и барам од вас, како потпретседател ќе ви биде многу по едноставно користејќи ги и службите во Собранието, да го погледнете и да го препрочитате стенограмот, па да видите дека неколкуте реченици кои овде ги кажавте апсолутно немаат никаква смисла. Конфликтот кој се случи на оваа говорница не се случуваше во тек на расправа на еден пратеник или во тек на мојата расправа, туку се случуваше пред самиот почеток на мојата расправа, бидејќи вие не ми дадовте априори право да зборувам, што значи вие апсолутно немавте претстава ни за што ќе зборувам ни каква дискусија ќе водам.

Денес ова што го кажувате е сосема поинаку, а тоа е дека сте слушале, дека сте виделе, дека тоа не може да биде процедурално и заради тоа сте интервенирале. Апсолутно изменување на вистината, мамење, лажење, како сакате изберете го терминот. Делумно не бев изненадена премногу од оваа дискусија која денес ја слушам во Собранието, заради тоа што случајно прочитав едно ваше интервју дадено во еден неделник, каде што истата оваа конструкција, истите овие лаги ги изнесовте пред јавноста и мислите дека тоа ќе помине. Јас навистина се чудам како мислите дека сето тоа ќе помине.

Меѓутоа, еве можеби не е вред да се задржуваме околу оваа точка, да се обидеме повторно да се држиме во просторот и времето кое вие така убаво го зацртавте. Меѓутоа, би ви препорачала: прочитајте го, меѓутоа имајте доблест овде да станете и да кажете дека се извинувате, заради тоа што не ја кажавте вистината.

И на крајот мала шега, малку да биде поведра и можеби попријателска атмосферата. Не мислам дека можеби некои од вашите слаби оценки произлегувале од промашување на темата, како што вие овде сакате да наметнете, па евентуално и да предложите оценување на пратениците, туку можеби проблеми некои со вокабуларот. Аналитика се вика аналитика, ама синтетика не е спротивно на аналитика, тоа е синтеза.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Сакатa веднаш да одговорите на репликата.

Добро, има реплика господинот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не сакам повеќе да одговарам, дали некој интелект или не е, дали некој заборави или не. На мене може да ми се деси да заборавам. Тоа ми го чинат годините.

Меѓутоа, некој да каже дека лажам, јас навистина пристанувам и стенограмот и снимката да ги погледаме заедно и тогаш ако е така како што говори Шеќеринска, јас ќе и се извинам, ако не таа ќе каже дека ништо не разбира.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Тоа е фер однос. Во ред.

Во тој случај да ја слушнеме репликата на г. Иванов Љубисав - Ѕинго, реплика врз основа на излагањето на г. Томислав Стојановски. Повелете.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО:**

Сакам да изјавам пред јавноста и тука во Парламентот дека Сител телевизија, е македонска национална телевизија која ја покрива цела Македонија. Во Сител телевизија се вработени Македонци, се зборува на македонски, се креира политиката во телевизијата. Ваквите неодговорни изјави можат да бидат својствени на неодговорни луѓе, а ваквите квалификации на не квалификувани луѓе. Одамна треба да се напушти синдромот на некои наши предци, Македонците да се етикетираат во овој или оној правец. Младите поколенија тоа не го прифаќаат.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г. Љубисав Иванов - Ѕинго.

Има збор г. Александар Флоровски, но не го гледам во салата. Добро, значи се откажал од дискусијата.

Наредниот дискутант е г. пратеник Илјаз Сабриу.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, мислам дека денес и вчера доста расправавме за нашите меѓу партиски и лични интереси и обвинувања, а многу малку за состојбите кои се присутни и кои се обидува раководството на МРТВ да ги прикаже во оваа информација и да бидеме информирани, а воедно и да предложиме соодветни мерки за излез од една ваква ситуација.

Затоа, на почетокот сакам да кажам и да искажам револт дека во иднина навистина би требало и покрај тоа што јас во потполност ги разбирам и партиските препукувања и личните не толерантности, но во рамките на границите. Инаку, ако ја надминеме границата, навистина ќе го изгубиме компасот и ќе расправаме и ќе ја злоупотребиме оваа говорница и овој Парламент за наши лични навреди, кој би по паметен, како работел, како овој требал или не треба да работи. Мислам дека тие работи треба да ги оставиме на историјата, а ние треба да почнеме да работиме на она за што сме го добиле гласот на народот, за да го подобриме животот и доброто на оваа република, со цел да не ни се повторуваат грешките и да немаме такви грешки кои сме ги имале. Но, веројатно не со желба, туку тие се пропратни елементи на животот и така треба да ги сфатиме и прифатиме.

Добро беше тоа, не знам дали е среќа или несреќа што денес и вчера повеќе се расправавме меѓу етнички сами меѓу себе, што исто така е проблем за себе и во иднина и тоа треба да го надминеме, да не придонесуваме за заострување на меѓу партиските односи, внатре во еден ентитет односно еден народ или нација.

Толку за почеток, а сега би се осврнал за она што е на дневен ред. Мислам дека раководството на МРТВ добро направило што ни доставило една ваква информација за да бидеме информирани за состојбата во оваа куќа од јавен интерес чиј основач е ова Собрание, а индиректно тоа сме ние и затоа сме одговорни и обврзани да предлагаме решенија за да помогнеме во надминувањето на проблемите со кои се среќаваат луѓето таму.

**ИЛИЈАЗ САБРИУ:** (Продолжение)

Веројатно во законот од оваа куќа ќе добиваме и годишни извештаи. Таму ќе бидат опфатени сите прашања и проблеми од оваа куќа. Тука за мене е само еден сегмент и тоа материјално - финансиската состојба во оваа куќа во изминатите години, односно во моментот кога тие прават еден пресек со одредени излезни решенија како тие се обидуваат и мислат дека треба најдобро да излезат од една ваква ситуација. Веројатно проблемите ги има и ќе ги има и ние не можеме да се занесуваме дека ќе ги решиме проблемите во овој мандатен период, во оваа куќа во која се судира со такви проблем, воглавном од нејзината пре гломазност, бидејќи еве јас сега малку ќе ја злоупотребам говорницата да кажам во една книга кога ги споредува комунизмот и капитализмот, во една економска книга прочитав и видов на слика две наши куќи како не требаше да се инвестира во комунистичките држави. Тоа пред 10 години и тука ги видов зградите на МРТ и Македонската пошта. Тоа како школски пример економистите го учат како не треба да се инвестира и какви грешки се правеа во тој период, во комунистичкиот систем што беше присутен на овие простори. Тоа го кажувам затоа што таму има објективни проблеми и потешкотии, такви здања, такви велелепни згради за кои треба огромни трошоци заради нивно издржување и функционирање, а веќе дојдовме и до промена на системот и на свеста кај нас, па мора да размислуваме како тие куќи и деловни простории да ги активираме во рамките на она што е можно за економски цели, бидејќи вака не ќе можеме и овој народ не ќе може да ги финансира, затоа што од она што го плаќаме денес со закон преку, за мене една не добра мерка, преку Електродистрибуција на Македонија една такса од 8, 9 или 10 марки месечно и те како еден товар за населението, за работниците кои имаат 200 до 250 ДЕМ просечна плата во Македонија, а верувам такви плати имаат и во оваа куќа. Затоа мораме да размислуваме како да излеземе од една ваква ситуација.

Првенствено, според мене треба да ги разгледаме и од оние бројки што јас ги гледам, мислам дека има простор за рационализација, воглавном на трошоците, бидејќи навистина се огромна сума на средства, според мене некои над 25 милиони ДЕМ е огромен товар на куќата за да излезе и да може да функционира без некои посебни обврски, уште повеќе кога еден голем дел на тие обврски се обврски спрема вработените, а тоа се обврски спрема платите и она што го викаме како општествена исхрана на

работниците. Така да и овие вработени кои се таму исто така во голем број, едно од решението го гледам тука во рационализација на вработените. Ние сакале или не ќе мора да рационализираме и да почнеме економски и пазарно да стопанисуваме и во овие куќи. Така да бројка од некаде 2000, не знам колку точно, е огромен број и мислам не ќе може во иднина таа бројка да се поднесува со ова сиромашно население што денеска го имаме во РМ, а уште повеќе кога во овие услови имаме и други радиодифузни институции, приватни или акционерски, како сакате кажете ги. Така да не ќе можеме со сила граѓанинот да го натераме да се ориентира само на гледање на една таква телевизија, бидејќи со тоа тој партиципира директно во финансирањето преку даноци или овие порези што граѓаните ги плаќаат сега за сега за оваа куќа.

Затоа мислам дека едно од решенијата е во намалување на бројот со тоа што ќе мора да се води сметка за квалитетно подобрување и оние квалитетни кадри треба да се задржат, а другите кои имаат можност да се преквалификуваат, или да се ориентираат во други области би требало кон едни такви решенија и да се пристапи.

Тука во дискусиите беа кажани многу други работи кои јас не би сакал да ги повторам. Само би изнел дека во иднина веројатно и до сега е водено сметка и до сега сме се ангажирале за подобрување на квалитетот на емисиите во оваа радиодифузна куќа, но за жал можеме да видиме и сведоци сме и те како на секојдневни пропусти и слабости и затоа во иднина треба да се надминуваат, да се подобри квалитетот на емисиите, а тука би го спомнал на пример и она што беше кажано навистина заборавивме да имаме некои тематски теми, некои дебати. Тука би го вклучил и она што беше инсистирано не само луѓето од власта која веројатно и по мене сфатливо и прифатливо е во одреден дел да бидат и про владини и овие куќи, но не во она што беше укажано дека веќе не се про владини, дека овие се комплетно владини куќи и дека треба да има свое место во опозицијата, а опозицијата ќе има свое место доколку има и такви теми каде ќе кажат и поинакви мислења за надминување на состојбите од таа куќа, па вкупно се до ниво на државата. Мислам дека тоа треба да се практикува и да се воведат и да се зголеми процентот на такви теми, такви дебати во оваа радидофузна куќа со учество, реков на опозицијата, бидејќи тоа би и помогнало и на опозицијата, доколку имаме повеќе и поинакви размислувања, би изградиле и по квалитетни решенија, а не да се самозаборавиме а тоа може денес многу да ја чини позицијата за да правиме и те какви грешки во наредниот период.

Второ, исто така мислам дека беше кажано тука за програмите, бидејќи во оваа куќа имаме една таква ситуација да имаме мултиетничка или мултијазична, мултинационална куќа како Радио-телевизија на Македонија, бидејќи имаме програма и на албански, турски, влашки и на другите националности кои живеат во Република Македонија.

Мислам дека на некој начин многу бавни се чекорите во тој правец да се зголеми процентот и квалитетот на тие програми. Затоа алудирам и инсистирам во наредниот период новото раководство да продолжи, оние чекори кои, без разлика дали се успешни или не, дали се доволно задоволителни или не задоволителни, ги правевме во минатиот период за да ја подобриме и да го зголемиме процентот на учество на програмите на националностите, посебно на албанската, бидејќи беше кажано тука дека некаде учествуваме со некаде 8%, тоа на вкупна програма, што е испод сите норми и сите оние реалности кои денес ги имаме во РМ. Во тој контекст мислам дека треба да се размислува и од страна на надлежните органи, а и од самата куќа оној третиот канал кои по мои сознанија ја покрива Македонија некаде со 60%, воглавном во подрачја каде живеат Албанци или националности со 80%, тој трет канал да биде на албански јазик, она за што ние сме се залагале во минатите години. На тој начин треба да се придонесе за подобрување за зголемување на учеството и програмата на албански јазик, па и на другите националности кои живеат во РМ. Тоа би било и како еден конкретен предлог, навистина да се разгледа можноста, дали третиот канал може со подобрување на техничките и технолошките решенија, да биде покриеноста на Републиката не 80 туку 100% и тој канал исклучиво да биде за оваа популација.

И на крајот она што исто така кажав дека имаме огромен број вработени во оваа куќа, но структурата на тие вработени, бидејќи немаме податоци, а во годишниот извештај веројатно ќе добиваме, се гледа дека таа структура е незадоволителна и по квалификации, а знам и тврдам дека е несоодветна ни по националниот состав. Така да во двете куќи и радио и телевизија сега мислам се вработени 80 до 90 луѓе од вкупно 1800 или евентуално 2000, а тоа му доаѓа 4%. Треба да се прават напори млади школувани кадри кои завршуваат конкретно за информации да бидат вклучени, а и други кадри да бидат вклучени и со тоа да се

подобри тој национален состав на вработените во оваа медиумска куќа која е од јавен карактер, тоа е куќа на сите граѓани, а уште повеќе дека основачи сме ние како Собрание.

Еве претседателе да не должам, ги прифаќам овие заклучоци со можност да се прифатат и да се размислува и за овие конкретни предлози што ги дадов во мојата дискусија.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Почитувани дами и господа пратеници, почитувани претставници на средствата за јавно информирање.

Денес расправаме по Информацијата за актуелните состојби во МРТВ.

Доставувањето на горе именованата информација од страна на генералниот директор на МРТВ господинот Љупчо Јакимовски може да се каже дека е гест, т.е. потег за поздравување, затоа што и во оваа сфера од стопанството не отстапувано од предизборната програма како на нашата партија, така и како коалиција за промени со ДА, дека со преземање на власта ќе работиме во откривање, утврдување, лоцирање и сузбивање на криминалот од бившата власт, се разбира таму каде што реално постои, без да се сатанизира владеењето на бившата власт на СДСМ.

Со оваа Информација се прават напори да се даде една првична слика околу позначајните работи во севкупното работење на МРТВ, фрлајќи акцент на одредени финансиски дубиози за период од изминати 4 години, каде бившите директори на бившата Влада на СДСМ во овој изминат период не ја исполнуваа својата основна обврска еднаш годишно да достават извештај за работењето на МРТВ, према својот основач Собранието на РМ, кое ги има именувано за први луѓе на МРТВ, со што им дало доверба да управуваат и да раководат со истата.

Не доставувањето на годишниот извештај претставува еден вид првичен сигнал за постоење на некаков криминал и злоупотреба на раководните функции од страна на раководниот тим на чело со бившите директори во МРТВ.

Во наведената информација како актуелни состојби во МРТВ се карактеризираат следните аспекти: голема финансиска задолженост, застарена опрема техника и технологија, застарена организациона поставеност, големи трошоци во работењето и друго.

Во делот за голема финансиска задолженост се прават напори во кратки црти, како првична информација на еден хронолошки начин да се отслика големата финансиска задолженост на МРТВ за изминатите 4 години и тоа од и за 1995 до 1998 година. Финансиската задолженост е окарактеризирана како долгорочни обврски на МРТВ, кои изнесуваат 147.051.060 денари или 4.744.975 ДЕМ. Краткорочни обврски на МРТВ на 31.3.1999 година кои изнесуваат 33.3.167.790 денари или 10.750.504 ДЕМ или вкупно обврските на МРТВ изнесуваат 480.218.850 денари односно 15.495.479 ДЕМ, како основен долг без камата. Со камата се очекува задолженоста на МРТВ да изнесува преку 25 милиони ДЕМ што за наши услови е прилично голема сума и тоа е доволен основ треба да се бара одговорност од оние кои довеле до една ваква состојба.

Во делот за приходите на МРТВ остварени за 1998 година и за првото тромесечие од 1999 година се остварени вкупни приходи во износ од 1.156.177.098 денари односно 36.704.035 ДЕМ каде структурно се дадени остварените приходи и тоа: приходи од радиодифузна такса, приходи од маркетинг, износи, приходи од касетна продукција до такси и приходи од финансирање камати позитивни курсни разлики, вонредни приходи и други приходи, каде од остварените приходи за 1998 година јасно се гледа дека приходите до радиодифузната такса учествуваат со 74% од вкупните приходи на МРТВ и 19,5% приходи од маркетинг, активности, додека останатите приходи во однос на горе наведените приходи, условно може да се каже дека се занемарливи за анализирање во ова мое глобално излагање, што не значи дека нема простор за рационализација во поглед на истражување и усовршување за подигање на процентуалното учество и на другите структури во формирањето на вкупните приходи на МРТВ.

Процентот од 74% од вкупниот број на МРТВ кој изнесува 741.178.000 денари, кој кога ќе се сведе во процент на реализирана на радиодифузната такса изнесува 56,23%, што значи дека имаме 43,77% не собрана радиодифузна такса за 1998 година кој процент во денари значи 576.940.443 денари, односно 18.315.570 ДЕМ што претставува висок процент на не собрана радиодифузна такса од една страна. Додека од друга страна имајќи го сознанието дека од бившата Влада на СДСМ наследивме над 40% од работоспособното население на РМ како невработено кое секојдневно се бори за егзистенционални услови за да преживее и ниските стандард на вработените, сигурно влијае на платежната моќ и способност на нашите семејства.

За ублажување на затечената неповолна финансиска положба на МРТВ во точката 8 се бара финансиска консолидација со заклучок за отпишување или покривање на дел од создадените обврски во периодот 1994-1998 година во износ од 126.817.730 денари, односно 4.025.096 ДЕМ што претставува 1/4 од главницата на долгот и тоа за ПТТ услуги од Македонски телекомуникции, за електрична енергија од Електростопанство на РМ, комунални услуги од Комунална хигиена водовод и канализација и други.

Доколку постои расположение кај јавните претпријатија за отпишување на претходно споменатиот дел од долгот или за покривање на еден дел од тој долг, од страна на Владата не гледам причина ние како Собрание на РМ да не дадеме виза за отпишување на дел од посочениот долг на МРТВ. Поради тоа сметам дека треба да се подржат предложените заклучоци од страна на раководството на МРТВ со дополнување на заклучоците дадени од некои комисии, меѓу кои е Комисијата за сообраќа и врски, се со цел да се консолидира финансиската програма во МРТВ, како би можела со успех да ја реализира својата основна функција, јавен сервис на граѓаните на РМ во делот на информирањето.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Ѓорѓи Тодоров.

Господа пратеници, очигледно е дека многу работи кажавме, во многу работи се повторуваме.

Имаме уште 8 дискутанти овде регистрирано.

Затоа јас би ве замолил, јас немам право на никого да му го одземам правото да дискутира.

Но, би ве молел, ако некој смета дека претходните дискутанти го кажале тоа, што тие имале намера да го кажат, добро би било да се откажат во интерес на времето, на просторот за завршување на оваа точка.

А останатите кои ќе инсистираат да дискутираат, јас би ги замолил да ја скратат дискусијата, барем на 5 минути за да можеме да ја завршиме точката и оваа седница и да дадеме една мала пауза да се одмориме, а потоа да поминеме на работа на 21-та седница.

Би ве молел, не сакајќи да го ограничувам вашето право, ако некој смета дека ќе се повторува во својата дискусија, да не дискутира само заради дискусија.

Гласот ќе го каже преку гласањето.

Но, ако има нешто ново тоа да го скратиме на 5 минути.

Добро, тоа е моја сугестија.

Јас ќе продолжам повторно со овој список што го имам овде.

За збор се јавува пратеникот Крале Спанчевски.

**КРАЛЕ СПАНЧЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, мислев дека вчерашната седница ќе заврши без никаква дискусија од опозицијата и општо од сите пратеници, мислејќи дека најодговорно сите ја имаат разгледано оваа информација и дека едноставно ќе ја прифатат како таква и ќе бараат поддршка на се она што е изнесено во неа.

Со самото тоа поготово за опозицијата би мислел дека кога без дискусија би ја прифатиле целата оваа информација на еден начин би го признале она што го направи и претходниот тим, би ја признале нивната грешка за нивното работење во последните неколку години и со тоа би овозможиле на моменталната постава која сега ја води оваа наша телевизиска куќа, да можат најнормално да ги извршуваат своите обврски и задачи. Што сакам да кажам со тоа?

Моментално МРТ се наоѓа во таква ситуација со која таа не може да ги извршува секојдневните обврски и задолженија. Што значи било која фирма, или претпријатие кое се наоѓа во таква ситуација по она што се случуваше во претходните периоди, или така да го наречеме жаргонски би требало да отиде под стечај. Мислам тоа е заклучок од нашата комисија, разидувањата на Комисијата за сообраќај и врски. Но, тоа изгледа како некој веќе смислен чин. Си давам за право да го земам ако и она што се случува во радио-телевизија Кочани на локално ниво, се случува во цела Македонија, а и ова што е со македонската радио-телевизија, значи ова е така да речам една веќе претходно испланирана ситуација да се доведе во криза целиот овој сервис на јавното информирање во РМ. Мислам дека сето ова е нечесно. Тоа е мое мислење. Затоа поаѓам од тие ставови. Сега гледајќи се она што се случуваше во минатите години, гледајќи ја сериозноста на овој проблем, нашата Комисија заседаваше два дена, баравме детални информирања за работењето за 1996, 1997 и 1998 година. Како би можеле со нашата работа на Комисијата да дадеме еден мал наш допринос во решавањето на сите овие проблеми и во заклучоците кои се донесени на нашата седница. Што сакам да кажам со тоа? Проблемите во наплатата се многу одамна и тоа први ги погоди

Македонската радио-телевизија. Од ова што го видовме во извештаите 1996 година како само наплата кога МРТВ вршеше само наплата максимална реализација во тој момент изнесуваше 36%. Тоа секој е убеден дека со таква реализација на наплата невозможно е да работи овој сервис за јавно информирање. По законот кој е донесен 1997 година, односно кога наплатата отиде преку Електростопанство на Македонија, реализацијата на платените средства се зголеми на 78%, а додека во 1998 година тоа е нешто намелено, тука е во границите, значи некаде околу 72%. Но, јас Ве уверувам дека и со оваа реализација е многу тешко да се работи. Тоа е во делот на наплатата. Сега прашање, затоа го погледавме и целото работење на МРТВ, не бил проблемот само со наплатата, проблемот е со веќе демократскиот развој на земјата, со отворањето на новите ТВ куќи, а многу вреден и стручен кадар бега од МРТВ, нормално за поголеми плати во приватните телевизиски куќи и така секој ден и се зголемуваа проблемите на МРТ во барањето на нови стручни кадри во остручување на кадрите. Значи тоа сакав да кажам, значи целата опозиција, и сите пратеници овде требаше едноставно да ја прифатат како реалност оваа Информација и да помине без толку големи полемики. Реалноста е 10 милиони денари краткорочни обврски, 5 милиони денари долгорочни обврски, без никакви каматни стапки, без никакви обрачунувања на каматни стапки. Значи тоа е вкупен долг од.15 милиони денари во основица. За тоа се зборува сите овие три години и затоа само за нив зборуваме. Директорот на МРТ бара отпишување на оној долг кој е реален кој може да се отпише, односно оној дел од овие обврски, а кои нема да сметаат во тековното работење, односно кои нема да допринесуваат во блокирање на сметката и ќе можат да ги извршуваат сите свои обврски. Во напорите кои ги има направено директорот на МРТВ од Европскиот Совет за радиодифузија му се отпишани некаде околу 2,5 милиони денари, што е за пофалба.

Исто така има направено напори да се отпишат и дел од овие средства и верувам дека и ние овде со изгласување на оваа Информација ќе му помогнеме на директорот на МРТВ да отпочне со нормално работење и да ги извршува своите задачи.

Што се однесува до застапеноста на другите националности, мислам малку чисто математички ќе им помогнам, 24 часа да се емитува програма која не се емитува 24 часа, а со застапеност од 3,5 часа дневно, тоа е некаде од 12,5% што не е мал процент за националностите, а зборувам дека пренесувањето на телевизијата е во просек од 12 до 16 часа. Значи тој процент се движи веќе од 16 до 18%, значи сосема задоволително. Мислам околу тоа да знаат од малцинствата луѓето дека процентот за застапеноста е многу задоволителен.

На крајот би на поменал приговорот што го дава опозиционата партија дека исклучиво на медиумите е застапена партијата на позиција. Мислам не гледам во тоа реалност. Реалноста е таа, моментално Македонија е во жижата на збиднувањата во светот, една од најпосетените земји во моментот исто така во светот. Самите сме свесни колку делегации дневно ја посетуваат Македонија, а самата Македонска радио-телевизија и нејзина должност е да информира реално за се она што се случува во Македонија. Па нормално е на сите овие дневни извештаи да бидат застапени сите овие делегации, сите овие посети, се она што е интересно. Не сакам со тоа да се навратам на она што се случувале порано кога Вие бевте на власт, колку Вие бевте застапени. Ова беше време на промени, промените се направени. Затоа чисто мој совет е, јас оваа Информација ја прифаќам како таква и ќе гласам за неа и ќе му дадам потполна поддршка на директорот кога веќе претходните директори немаа смелост да излезат пред јавноста, односно пред Собранието на Република Македонија и да дадат извештај за своето работење. Во Законот за работењето на МРТВ е обврзан директорот еднаш годишно да излезе пред Собранието и да даде отчет за финансиската состојба и за работењето на МРТВ. Исто така и Управниот одбор е задолжен да ја контролира работата и да даде отчет исто пред Собранието. За жал ова не се случуваше.

Затоа сега се чисти сметки директорот излезе, мислам што треба да се поздрави, го кажа она што имаше да го каже, она што го има затекнато и сигурно сака да појде од една чиста позиција и на крајот кога ќе помине една година од неговото работење да излезе со финансиски извештај и за се она што е работено овде да излезе пред сите нас и да ја каже состојбата во неговото работење, па тогаш можеме да дадеме критичка оценка за она што го направил тој како претставник на една партија на власт.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Почитувани пратеници, можеме ли да направиме една пауза со оглед дека има уште девет дискутанти по оваа точка. Да направиме една пауза, малку да се одморите и Вие, а гледам дека салата е доста празна и за

еден час, значи во 15,45 часот да продолжиме со работа.

Предлагам пауза од еден час.

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,10 часот).

Со седницата продолжи да раководи Томислав Стојановски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор пратеникот Александар Талевски.

**АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ:**

Почитувани колеги пратеници, јас би се надоврзал на досегашните дискусии што се водеа во Собранието на Република Македонија, со еднаназнака ќе дека, ќе дискутирам таксативно. Имено ќе Ве повикам да го прочитате записникот, извештајот од Комисијата за сообраќај и врски каде што мора да посочам дека има една техничка грешка, на третата страна каде што вели дека, Комисијата каде што потенцира како е гласано за извештајот од работата на МРТВ. Имено треба да стои 5 гласа беа "за" и 2 гласа беа "воздржани", а не беа против. Ова го потенцирам затоа што се добива впечаток дека луѓето од опозицијата малку премногу жестоко реагираа на оваа информација. За разлика од овие собраниски дискусии на дискусиите на самата седница на Комисијата состојбата не беше баш таква.

Јас би се задржал на Информацијата и би потенцирал дека овој долг од 15 милиони марки во суштина помошта што треба ова Собрание да ја пружи на МРТВ се сведува на некаде од прилика 4 милиони марки, кои што можеме да се обидеме да сугерираме да им бидат отпишани. Во исто време треба да се има на ум дека покрај оваа финансиска дупка таму постои еден многу голем проблем со опремата. Имено ако ја прочитате информацијата за состојбите во МРТВ ќе видите дека опремата таму е престарена. Така што на тие проблеми од финансиска природа мора да се додадат и проблемите од техничко-технолошки аспект. Јас би ја поздравил Информацијата од директорот на МРТВ, особено затоа што собра храброст, бидејќи за човек кој се наоѓа на раководна функција да признае дека неговата организација е толку задолжена и дека е на прагот на колапсот, сепак треба храброст, ќе се сложите. Најверојатно поради тоа и досега не сме имале расправа во врска со извештаи од раководните лица на МРТВ. Имено по Законот што е усвоен овде вели дека една од должностите на директорот, на генералниот директор е да дава еднаш годишно извештај за работата.

Исто така би потенцирал дека последниот извештај беше во 1995 година поднесен од тогашниот генерален директор на МРТВ, кој што на собраниските комисии помина и на една расправа во Собранието не беше усвоен, така што дојде до промена на раководниот тим во МРТВ, па можеби поради тие причини новиот директор нема поднесено никакви извештаи. Што се однесува за долгот, за оние паралели што беа правени од некои пратеници, би посочил дека долгот во последните три месеци кој што изнесува 1,8 милиони марки е направен од доспеаните обврски.

Со ова не би се конфронтирал со одредени дискутанти, затоа што ќе навлеземе во некои подруги работи. Имено некој да не обвинува дека ние не ја плаќаме политичката програма, мислам дека не е вкусно. На сите им е јасно дека мојата партија мораше однапред да плати за да биде емитувана политичка програма. Исто така сакам да повикам да не се девалвира ова Собрание со изјави дека притискањето за строго применување на некои законски одредби би го девалвирало дури и ова Собрание. Мислам малку е невкусно, се добива впечаток дека ова Собрание е толку ниско што дури и тоа може да се девалвира. Можам да кажам дека на седницата на Комисијата за сообраќај и врски дискутиравме и во врска со програмските шеми. Имено, од страна на генералниот директор беше посочено дека апсолутно нема да се дозволи сатанизација на било кои опозициони партии, а ние памтиме некои такви времиња. Дали опозицијата ја има доволно на телевизија, или не, не би навлегувал во тоа. Само би посочил на пример, еве извештајот на последниот дневник на МРТВ баш од оваа седница на Комисијата за сообраќај и врски. Имено на тој извештај беа потенцирани дискусиите само единствено на пратениците од опозицијата, иако условно речено ние пратениците од позицијата дадовме дури и предлог заклучоци кои што не беа содржани во информацијата од МРТВ. Апелирам до сите пратеници да сфатиме дека МРТВ е наше тело, ние сме основачи. Да се обидеме да им дадеме можност на луѓето што дојдоа на чело на тој јавен сервис да покажат што знаат.

И мислам дека со оглед на способноста на овој раководен тим и нивната програма за санација чии рамки можат да се насетат во информацијата што ни е доставена, ќе припремат една програма за системско и трајно решавање на проблемот со МРТВ.

И на крајот би посочил дека јас предложив две промени во предлог заклучоците на Собранието. Имено сметам

дека предложените заклучоци од Комисијата за сообраќај и врски по точка 5 и 6 треба да се преземат, затоа што во точка 5 на пример мислам дека фали зборот "да се заврши постапката за делба помеѓу јавното претпријатие Македонска радио-телевизија и јавното претпријатие Македонска радиодифузија. Ако ја читате внимателно информацијата од генералниот директор на МРТВ, ќе видите дека тој делбен биланс не е завршен. За поширока информација тоа требаше да биде готово во октомври месец минатата година и бидејќи е посочен како еден од проблемите, јас мислам дека не е доволно да се сугерира интензивирање на работата, туку интензивирање и завршување на работата на таа комисија.

Исто така во заклучокот под број 6 по мое согледување има проблем во името на Македонската телевизија, имено со донесувањето на Законот од февруари месец 1998 година тоа е јавно претпријатие Македонска радио-телевизија и јавно претпријатие Македонски радиодифузии.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Ќе ве молам заради нормално одвивање на работата на седницата да се утврди бројот на присутни пратеници во салата.

Имам впечаток дека ги нема ни педесетина. (По проверката).

Службите нека пребројат.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Во овој момент во салата се присутни 62 пратеници.

Повелете, секој присутен нека притисне на било кое копче за да го провериме бројот на сите присутни пратеници во салата.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Повторно нема 60 пратеници.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам проверете кој од Вас не го притиснал копчето.

Кој не верува нека преброи, само нема потреба да не ги притискате копчињата и сега да велите дека нема доволен број.

Констатирам дека во салата има доволен број присутни пратеници 62.

Повикувам некој од службите физички да ги провери присутните пратеници. (Некои пратеници веќе излегоа од салата).

Има збор пратеникот Алириза Лога. Не е тука.

Има збор господинот Стојан Попов. Не е тука.

Има збор пратеникот Черкезов Миланчо.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Почитуван потпретседател, почитувани претставници на Македонска радио- телевизија, дами и господа пратеници, Комисијата за политички систем на Собранието на Република Македонија на својата последна седница расправаше по Информацијата за актуелните состојби во Македонската радио-телевизија. Од Информацијата се согледува дека МРТВ се соочува со голем број проблеми, и без разбирање и помош од основачот односно Собранието на РМ, како и од надлежните органи, не е во состојба да ги надмине.

Актуелната состојба во МРТВ се карактеризира со голема финансиска задолженост како со краткорочни така и со долгорочни обврски, застарена опрема, техника и технологија, големи трошоци во работењето и т.н., од што резултира неизвесност во натамошното работење или поточно кажано МРТВ се наоѓа пред тотален колапс. Краткорочните обврски на МРТВ со состојба на 31.03.1999 година изнесуваат близу 11 милиони германски марки, долгорочните обврски се близу 5 милиони германски марки или вкупно под двата основа над 15,5 милиони германски марки и со каматите и новите побарувања кои пристигнуваат и се предмет на финансиски анализи ќе достигнат или се некаде близу 25-26 милиони германски марки.

Соочувајќи се со наследената тешка финансиска состојба од поранешното раководство, сегашната раководна структура за да ја надмине состојбата воведе нов пристап во работата со воведување на следните елементи на креативност, нова поставеност на маркетинг службите, спонзорирање на радио и тв емисии, користење искуства од европските радиодифузери, организациона трансформација преку современа тимска работа, нов стил на работа преку кодекс на однесување и деловна култура, редовно програмско време на рекламирање преку воведување нови видови комерцијални програми и инфо сервис, воведување на телекс сервис, понатаму освојување на што поголем број комитенти од малите и средните претпријатија со нивно себе рекламирање. Во начелната расправа Комисијата за политички систем констатира дека сериозноста на состојбите во финансиското работење на МРТВ наметнува неопходност од итна економска стабилизација, но истовремено и модернизација на техничко- технолошките системи и што поскоро инкорпорирање на

МРТВ во светскиот информациско-комуникациски простор.

Во Комисијата се укажа на потребата од целосно почитување на одредбите од Законот за радиодифузна дејност, што се однесуваат на наплатата на радиодифузната такса.

Врз основа на расправата, Комисијата за политички систем му предлага на Собранието на РМ да ја разгледа Информацијата за актуелните состојби во МРТВ и да ги донесе заклучоците кои пратениците ги имаат добиено со материјалите за 23-та седница.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинот Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, ова прашање е од исклучителна важност и не случајно расправата по ова прашање трае долго, бидејќи на сите ви е јасно и овде и надвор од оваа сала дека парите и информациите носат моќ и носат власт и преку вакви медиуми се добива или се губи власта. И не случајно е трката околу ставањето рака врз медиумите присутна во светот, присутна е и кај нас. Се разбира, некаде има повеќе ред во таа област, некаде има помалку ред, некаде има погруби фаули, удари, некаде има поблаги.

Ние не сме исклучок во корпусот на млади демократи во врска со тоа прашање и јас сакам да кажам неколку работи, затоа што мислам дека оваа материја е важна, затоа што мислам дека МРТВ е од исклучително значење за Македонија и тоа е основниот мотив што сакам да кажам неколку зборови. Не знам дали нови ќе бидат по сугестија на претседателот на Парламентот во предпладневната расправа или ќе биде нешто друго, но секам да укажам на нешто што мислам дека може да придонесе да направиме нешто повеќе за телевизиската куќа МРТВ.

Ја прочитав внимателно информацијата што очигледно со напор е направена, и би сакал да го кажам мислењето во врска со таа информација и заклучоците што се нудат по повод таа информација и по повод проблемот пред кој се наоѓа една ваква значајна институција како што е МРТВ. Јас го мислам конкретно следното.

Информацијата иако е направена со напори можам да кажам дека сме имале во практиката информации направени и со помал напор од ова што е понудено денес, сепак битно не отстапува од некои инфромации што сме ги добивале за состојбите во МРТВ, со тоа што замолувам некој да не ми замери во врска со ваквата оценка, затоа што ја кажувам најискрено и најдиректно.

Второто, Информацијата во врска со некои прашања од сегашната положба на МРТВ покажува некои работи кои се јасно маркирани и покажува некои работи кои не се така јасно маркирани, за да може да направиме вистински чекор кон поправка на состојбата, за која што со право менаџерскиот тим е загрижен, а не смее да биде само тој загрижен затоа што основач на таа куќа е ова Собрание. Еве што мислам дека е јасно, прецизно и гласно забележано во оваа Информација.

Јасно е дека МРТВ има лоша организација, според признанието на менаџерскиот тим или констатацијата на менаџерскиот тим. Лоша функционална поставеност за што и некој од страна може да забележи или барем некој од нас што подолго време ја следи работата на МРТВ. Значи не добра функционална поставеност, од економски аспект недоволно рационална структурираност. Тоа го констатира на некој начин информацијата, односно констатира дека има досега еден економски недоволно рационален начин на креирање и остварување на подлогите во тој важен систем наречен Македонска радио-телевизија.

Што друго е јасно од Информацијата, барем за мене кога ја читам. Јасно е дека МРТВ има застарена техника, страотно застарена техника која не е отпишана 100% книговодствено и временски туку е отпишана 200%, можеби и 300% и тоа јасно го маркира, што е жалосна ситуација за една државна јавна институција како што е МРТВ и поради тој факт, таков низок степен на техиичко-технолошка заостанатост може секој момент тој систем едноставно да колабира.

Трето, јасно е од Информацијата дека новото раководство искажува добри намери, манифестира желба да се подобри состојбата и тоа е запишано преку сите тие зборови во самата Информација.

Четврто, изгледа дека е јасно, но сепак недоволно прецизно кажано колкави се вистинските долгови на МРТВ, бидејќи долговите се прикажани без каматите, а претпоставка на изготвувачот на Информацијата е дека тие можеби се уште толку колку е основниот долг, ама можеби се повеќе од тоа. Ние всушност не расправаме за 16 милиони германски марки акумулиран долг на МРТВ, туку расправаме веројатно за долг од 25 или 30 милиони германски марки што е страотно голем износ и мора да бидеме многу одговорни што сакаме да направиме со сето ова.

Што уште е јасно според она што го забележувам. Мислам дека е јасно дека се бара отпис на долговите како решение, како едно можеби времено решение или како едно парцијално решение, за кое менаџерскиот тим верува дека би помогнал во овој момент за средување на состојбите.

Меѓутоа, што мене не ми е јасно од Информацијата, а што мислам дека мора да биде јасно за сите во овој Парламент. Мора да биде јасно се разбира за менаџерскиот тим, а мора да биде јасно и за Владата на Република Македонија. Мислам дека не е јасно односно нема прецизен тековен биланс на приходите и расходите, тековно на Македонската телевизија. Имено нема јасен одговор преку оваа информација: а) Имено ако се занемарат досегашните направени а не измирени обврски сегашното ниво на приходи и расходи и трошоци можат да го сопрат процесот на натамошното создавање и зголемување на загубите на МРТВ. Тука мораме да имаме прецизен одговор  на ова прашање, да разграничиме што е долг досега акумулиран, а што е со сегашните приходи и расходи, состојба која ја имаме, имаме биланс урамнотежен, имаме проста репродукција, имаме проширена репродукција и покрај ова и новиот однос меѓу приходите и расходите, понатаму ќе го зголемува долгот во МРТВ. Тоа мора да го знае менаџерскиот тим и мора да му го соопшти на Парламентот многу прецизно со јасни бројки.

Второ, ако сегашното ниво, исто така мора да биде јасно на приходи и расходи не обезбедува ни проста репродукција на системот, мораме да имаме јасен одговор кое е тоа ниво на приходи и расходи, што го овозможува тоа и тоа не со некоја лабава апроксимација, веројатно можеби и т.н., туку мора да биде тоа јасно пресметано кое е тоа ниво на приходи и расходи што овозможува проста или една минимална планирана проширена репродукција на системот наречен МРТВ.

**ПЕТАР ГОШЕВ:** (Продолжение)

Ако главните приходи пак се примитирани со одлука за висината на стапката која учествува со 80-тина проценти во создавањето на приходите, другите приходи се од маркетинг што не ја менуваат за себе битно положбата и со сегашниот степен на наплата, или претпоставен можен степен на наплата, ако тие планирани приходи не можат сега да се поместат многу и со оној претпоставен степен на зголемена наплата на таксата која законски е пропишана, кое е тоа ниво на намалување на трошоците што повторно ќе не доведе во ситуација на избалансирана тековна репродукција на системот наречен МРТВ. Тоа мораме да го имаме исто така прецизно. Имено ако е јасно што сака менаџерскиот тим на МРТВ од државата да направи за санирање на состојбата во институцијата, мора да биде јасно исто така во Информацијата што ќе направи внатре менаџерскиот тим за толкаво намалување на трошоците при претпоставено ниво на приходи на телевизијата, кое ќе обезбеди натамошно не акумулирање на долгови во системот МРТВ. Тоа информацијата треба да го содржи преку една малку попрецизна анализа, бидејќи спротивното ќе ја продолжува состојбата на куќата како буре без дно во кое ќе се ставаат пари, но сепак и натаму ќе се акумулира се поголем и поголем долг и во еден момент системот едноставно ќе откаже комплетно.

Сакам со добра намера да укажам дека не е доволно да се каже дека ќе се изврши организирање по ефикасно на заедничките служби. Тоа сме го имале милион пати повторувано дека заедничките служби треба да работат по ефикасно, иако терминот заеднички служби треба да го замениме со некој друг. Не е доволно да се каже, односно не значи ништо дека е потребен повисок степен, или ќе се востанови повисок степен на делегирање на овластувањата и програмско финансиска автономност на определени делови од системот кои одсекува и на тој начин да ја зголемат ефикасноста. Не е доволно да се каже ако се каже дека ќе се организираат одделни делови на МРТВ како профитни основи. И нека се организираат и нека не се организираат, за Собранието тоа не е релевантно. Важно е дали менаџерскиот тим кој вели дека на МРТВ и се потребни толку и толку приходи и ние бараме од државата да санира толкав и толкав дел од загубите, толку да изнесуваат приходите од таксата, а другото е наше, а тоа наше како менаџерски тим мора да биде набележано ставка по ставка, што ќе биде извршено за да може донесувањето на одлука за интервенција финансија во куќата наречена МРТВ, да гарантира дека во наредниот период нема да се кумулираат загуби од овој вид страотен, во висина еве каква што е сега можеби од 25 до 30 милиони ГМ.

Значи и покрај напорот да се даде појасна слика за состојбите во МРТВ овие недостатоци во Информацијата, мене лично не ми овозможуваат да знам дека со прифаќањето на овие заклучоци што се нудат дека состојбата во МРТВ е разрешена во основа, генерално и дека понатаму ние од тој аспект нема да имаме финансиски проблеми од такви размери какви што ги има денес МРТВ. Моето пледоаје всушност е нешто по амбициозно да се направи, а тоа е дека овие

заклучоци вака како што се не се решението што треба да го прифати Собранието како трајно решение за совладување на проблемите во МРТВ.

Предлагам менаџерскиот тим на МРТВ да подготви елаборат за материјално-финансиската санација комплетна на системот, во кој ќе има јасни и прецизни одговори на овие прашања што јас си ги поставив, читајќи ја оваа информација, со јасно набележани прецизни обврски што ги бара менаџерскиот тим од Парламентот, а преку Парламентот и Владата на РМ на една страна, со јасни и прецизни обврски што ги превзема во исто време менаџерскиот тим наспроти обврските во државата, на Парламентот и т.н., што тој ќе ги превземе гарантирајќи дека ако се извршат двата вида на обврски на двата субјекти, на државата и на менаџерскиот тим, дека телевизијата нема да се појави со ваков дневен ред како што сега се појавува во Собранието на РМ.

Затоа предлагам тој елаборат да се подготви, предлагам да влезе таков став во заклучоците, да сум на местото на генералниот директор, тој предлог со задоволство би го прифатил и повторно во септември месец по тој елаборат да расправа овој Парламент и јас тогаш со задоволство ќе гласам за еден таков елаборат кој на многу поубедлив начин ќе гарантира потрајно разрешување на проблемите во МРТВ. Тоа не значи дека мислам дека ништо во овие заклучоци не е вредно. Јас лично ќе поддржам и пожарникарски однос на државата во овој момент кон МРТВ, да интервенира, да не се најде таа во ситуација во која никој од нас не сакаме да се најде, но мислам дека решението е во така прецизно подготвен елаборат кој ќе ги напишат сите кризни точки во системот, затоа што досега милион пати е ветувано дека тој систем за кој е јасно дека нерационално е поставен, дека некој директор, некоја екипа ќе го направи по рационален, да работи подобро. Тоа не се случувало, затоа што следувале интервенции, површни, повремени, пожарникарски и од страна. Значи предлагам еден многу многу по сериозен однос кон целокупната оваа материја.

Не би зборувал денес за прашањето на објективноста на Македонската телевизија. Дискусиите кои што се одвиваат по мое длабоко верување и искрено соопштување се репетиција на сите дискусии што се одвивале било кога, во врска со МРТВ. Актуелната власт никогаш не признавала дека ја контролира таа телевизија. Како што не признаваше СДСМ дека ја контролираше таа телевизија, како што денеска исто така не признава сегашното раководство или мнозинство дека ја контролира таа телевизија. И едните и другите што велат дека не е така, не говорат искрено и знаат дека не говорат искрено. Затоа е борбата кој ќе биде директор, кој ќе биде заменик, кој ќе биде помошник. Тоа се случува, тоа е сосема друго прашање, иако мора да биде заедно со ова прашање, бидејќи таа телевизија ја финансираат граѓаните на РМ и тие имаат право еднакво да учествуваат и еднакво да ги користат на искрен начин, на благовремен начин сите информации. Се друго е навистина гола демагогија, бидејќи рециклирани или не знам преобразени комунисти ја контролираат. Не рециклираните или вметнати рециклирани меѓу не рециклираните исто така денеска ја контролираат, но таа материја мора да се среди, затоа што интересот од државната телевизија ќе опаѓа, поддршката на граѓаните кон телевизијата ќе опаѓа, ќе јакнат други медиуми наспроти државната телевизија и залудно е ние овде да се прашуваме што е вистина во врска со контролата, со објективноста на телевизијата. Едноставно треба да се обратиме на граѓаните на РМ нив да ги анкетираме, не самите себеси, дали тие мислат дека денес МРТВ е по објективна од вчера, поквалитетна и т.н. Но реков дека за таа тема не сакам денес да зборувам, сакам да дадам прилог за усвојување на заклучоци кои на потрајна основа ќе го совладаат овој проблем, додека не станал, речиси несовладлив. Еве тоа беше мојата намера за излегување.

Предлагам, размислете добро дали сакате или не сакате, мое е да кажам што мислам, елаборат за санација на МРТВ во септември овде пред пратениците? да го подготви менаџерскиот тим. Ако е добро подготвен јас ќе гласам.

**ВАСИЛ ЕФТИМОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници, предизвикан од дискусиите на првите двајца дискутанти вчера кои надвор од темата нестрпливо оваа точка да дојде на дневен ред за да се нафрлат врз коалицијата на власт, заправо врз партијата на ВМРО-ДПМНЕ, искажувајќи навреди само затоа што во случајот генералниот директор на МРТВ е од партијата на ВМРО-ДПМНЕ.

Ме чуди како можат некои пратеници од опозицијата толку брзо да заборават кои беа и од која партија произлегуваа генералните директори на МРТВ до крајот на 1998 година. Не можеме да заборавиме од која партија беше генералниот директор госпоѓа Корнети, како и нејзиното сменување

веднаш после распаѓањето на коалицијата СДСМ-ЛП и менување на нејзино место господинот Трајковски. Од која партија беше тој. Верувам дека тој е член на СДСМ.

Мислам дека се многу греши кога начинот на плаќање на таксите еднакво од сите граѓани на РМ се користи врз напад на позицијата. И ние членовите на ВМРО-ДПМНЕ порано приговаравме дека за наши пари, сите плаќавме надомест, а моравме да гледаме емисии на МРТВ која на најразличен начин ја навредуваше нашата партија. Само да се потсетиме на настаните од 2 август 199 8 година во Крушево.

Од очите на вчерашните дискутанти зрачеше злоба, а од устите им течеше безброј лаги и клевети. Господинот Харуни без основ, иако тоа не беше предмет на расправа се нафрли со куп клевети на адреса на еден министер. Господинот Ѓорчев е човек со кристално чисто минато, образован, трудољубив, разговорлив, секогаш коректен и чесен. До сега ништо лошо не се слушнало.

Се напаѓа господинот Стојановски, потпретседател на Собранието на РМ за вработување на неговиот син на Царинарница, само затоа што се членови на ВМРО-ДПМНЕ. Што мана и нему му се препишува.

Дами и господа, во Информацијата за материјално - финансиската состојба раководниот тим на МРТВ нагласува, изнесувајќи ги проблемите од материјално - финансиска природа дека недостигот на парични средства се испречува како голема пречка за решавање на радикалните промени во организацијата и приспособувањето кон европскиот модел на јавен радиодифузен сервис.

Да бидам искрен, скоро секој ден ми пристапуваат пријатели и познаници, членови или симпатизери на ВМРО-ДПМНЕ кои приговараат на МРТВ, на нејзината пасивност во однос на нападите врз партијата ВМРО-ДПМНЕ од страна на другите ТВ куќи, како што се А1, Телма, Сител, Канал 96, Канал 5 и др. Ова посебно кога на овие ТВ куќи се прикажуваа демонстрациите против НАТО и величањето на Милошевиќ. Според тоа, оваа МРТВ ја напаѓаат членови и симпатизери на ВМРО-ДПМНЕ за пасивност, а членовите на опозицијата ја напаѓаат дека таа била повеќе владина телевизија.

Опозицијата скоро на секоја седница, а тоа можеме да го слушнеме и денес дека тие очекувале новата власт да не ги прави истите грешки што ги правела и претходната власт. Што тоа значи. Тоа значи статус кво, односно секаде треба да си останат истите луѓе од претходната власт. Тогаш немаше потреба од избори, немаше потреба од промени, а за промени ВМРО и ДА доби на изборите најголем број гласови.

Не можеме да очекуваме денес пратениците од опозицијата да ја фалат МРТВ после настанатите промени по изборите од 1998 година. Голем дел од нив беа навикнати на ТВ да се гледаат само тие да се фалат само тие. Тоа всушност е и нормално. Од 1945 до 1998 година, цели 53 години МРТВ беше под контрола на власта, а власт беа нивните татковци, а потоа тие, нивните синови, наследници.

Меѓутоа со промените во општеството секако се диктираа промени во МРТВ. Во вестите на телевизија ќе гледаме други личности, што е исто така нормално. Тоа ќе бидат луѓето кои се на власт. Ќе мора на тоа господата да навикнат. Меѓутоа, во расправата ние пратениците мораме да бидеме коректни и ако ги браниме интересите на партијата и членовите што не избрале. Да не дозволиме самите да се девалвираме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има реплика господинот Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас уште и вчера излегов на говорница и барав од вас да ми кажете дали е тој истиот Марјан Ѓорчев, актуелниот министер во Владата на Република Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Харуни тоа сега нема врска со точката на дневниот ред.

Ќе ви го исклучам микрофонот ако вака зборувате.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Не можам да верувам претходниот дискутант да биде толкав полтрон и да се јави втор адвокат после потпретседателот на Собранието, да го заштити Марјан Ѓорчев, а јас допрва сакам, бидејќи сум го прозвал јавно, тој самиот да каже дали е или не е крив. А јас, онаа лепеза на список со име и презиме на луѓе и колку тони тој има ограбено, јас тоа нему ќе му...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Исклучете го пратеникот.

Тој зборува надвор од дневниот ред.

Ако го интересира кој е Ѓорчев нека оди во полиција и нека праша.

Вие зборувате надвор од дневниот ред.

Земете го член 103 од Деловникот и прочитајте го, ќе видите што имате право.

Има збор пратеникот Нано Ружин.

**НАНО РУЖИН:**

Господине потпретседателе, дами и господа пратеници, господине директоре, јас ќе кажам некои размислувања од кој аспект го гледам овој документ кој всушност е еден документ финансиско - материјален скен на МРТВ.

За мене кој што не сум некој финансиски стручњак, би одел со едно прашање со кое можеби повеќе би се занимавале луѓето што се по обавестени во овој домен. Само би го прашал директорот на телевизија за една работа, за која не сум сигурен дали е точна, а тоа е дали е точно дека МРТВ го откупила, наводно во такви услови на финансиски недостаток, хотелот "Дончо" во Охрид.

Мислам тоа е озборување, јас немам никакви податоци, тоа ми го кажаа. Во ред.

Инаку така наречениот диносаурус телевизија која што беше присутна во режимите на комунизмот, за жал и нашата МРТ не успеа да еволуира во оваа насока во која што еволуираа одредени слични куќи во целиот пост комунистички свет. Нормално кога ќе споменеме телевизија и не зборуваме за овие финансиско - материјални прашања како што беше на пример случајот со дискусијата на г-динот Гошев, нема да се налутите оти сепак самиот збор телевизија асоцира голем број политички импликации, така што се надевам дека нема да ја промашам темата, затоа што телевизијата е еден медиум кој што секогаш бил привлечен за политичарите. Тоа го видовме и на надворешен и на внатрешен план.

Имено, гледавме на пример државни удари, воени судири, почнувајќи од Малдивите, па во Романија, па битката за телевизијата за контролата во СРЈ, па дури велев дека битката напоредно со битката која што се водеше меѓу НАТО и СРЈ, истовремено беше и една медиумска битка меѓу телевизиите. Впрочем, после секој државен удар, секоја власт во земјите на третиот свет настојувала да ја пригради телевизијата и да соопшти дека ја контролира власта. Значи телевизијата како влог, како политички влог е многу битно прашање и влијанието врз нејзе е од исклучиво значење за секоја политичка гарнитура. Меѓутоа, телевизијата покрај овие политички аспекти, има и друг вид на функции. Таа пред се треба да одговори на проблемот на информирањето на публиката особено оние кои што се исклучени од секојдневните токови, а тука пред се мислиме на неписмените луѓе, на луѓе кои што се маргинализирани, кои што можеби телевизијата е најпогодниот начин, доколку ја поседуваат најпогодниот начин да дојдат до информации. Телевизијата е еден незаменлив инструмент денеска.

Затоа присуствуваме на една експлозија на аудио-визуелот. Но таа мора да води една глобална политика, значи на пристап кон знаењето, а исто така има и свои социјални аспекти. Пред се телевизијата им припаѓа на сите граѓани. Во таа насока како таков медиум таа ја анимира целокупната публика во едно општество, го афирмира нејзиниот идентитет преку специфични програми, но се базира врз четири клучни принципи што би рекол господинот Стојменов 4 директиви кои што постојат во Советот на Европа, а кои што јас ќе ги цитирам, а вие ќе донесете заклучоци дали овие директиви се респектирани во случајот на МРТВ.

**НАНО РУЖИН:** (Продолжение)

Пред се, под број 1 телевизијата врши културна, едукативна и социјална мисија, го збогатува гледачот од културен, едукативен и општествен аспект.

Второ, мислам дека во таа насока можеме да зборуваме за една задоволителност на функционирање на телевизијата.

Трето, таа обезбедува плурализам на програмите од сите жанрови и кон секоја политичка опција вклучувајќи ја и власта, меѓутоа и опозицијата што ќе рече дека треба да бидат според вкусовите и на секој гледач, меѓутоа, и на гледачот кој што е за една, или друга опција. Мислам дека во овој домен МРТВ не ги исполнува до крај своите функции, затоа што некој рече: партиска телевизија, партиска власт и т.н. Мислам дека во овој домен МРТВ треба да се замисли околу својата, околу изборот, околу функционалната и пред се политичката и едукативната и културната поставеност на овој план. Ако земеме да направиме една анализа на содржината, внимавајте, јас не сакам да кажам дека и во претходниот период не беше така и воопшто не бегам од критиката дека и во времето на владеењето на СДСМ постоеше еден сличен принцип на работење. Меѓутоа, тоа не значи дека истиот принцип сега треба да биде прифатен и од оваа власт, дотолку повеќе што власта како што знаеме и коалицијата дојде на власт токму еден од геслата беше и деполитизацијата на телевизијата. Иако не можеме да кажеме дека медиумите можат целосно да се деполитизираат. Некој рече еве, во власта се луѓето министри и т.н. кои што се од власта и нормално е тие да бидат повеќе застапени на МРТВ. Секако и јас се согласувам со тоа.

Меѓутоа, тоа не значи опозицијата да биде целосно отсутна од МРТВ, бидејќи ако направиме една анализа на содржина на програмите, или една најпроста анализа на содржината, колку пати се повторува името на една, или на друга партија, чисто квантитативна анализа, ќе дојдете до многу поразителни резултати кои што дури ја ставаат под знак на прашање демократијата во Македонија. Мислам дека на тој план телевизијата има се уште можности да се корегира.

Четвртата голема директива тоа се емисиите од доменот на културата, програмите за млади, а не политиката. Мислам дека и денес премногу политиката е присутна во МРТВ. Мислам дека предимството треба да им се даде на емисиите од доменот на културата, но пред се и доменот од емисиите со кои што се опфаќа сегментот на младите.

И петтата директива се иновации, реализации на оригинални производи. Мислам тука моите сознанија не се многу големи со оглед дека и мошне малку го гледам тој дел на телевизија.

Она што е битно е принципот на деонтологијата и општите обврски на секој новинар и на секој уредник во една таква голема куќа, како што е МРТВ. Имено, деонтологијата, или поштениот однос кон професијата претпоставува чесност, достоинство, независност, плурализам во информирањето како и плуралистички изрази на тековите, било да се работи за политички, културни, економски, социјални и друг вид мисли.

Меѓутоа, исто така во оваа насока сметам дека овој принцип не беше баш нај респектиран и можеби во иднина еве, да очекуваме дека и овој принцип ќе биде повеќе респектиран, бидејќи сите знаеме дека МРТВ мошне индиферентно се однесува кон настани кои што следуваат меѓу опозицијата. Од друга страна некој рече, големиот конгрес на ВМРО. Во времето на СДСМ не постоеја специјални емисии посветени на конгреси на СДСМ. Можеби постоеја одредени интервјуа, снимки, меѓутоа такво форсирање на постоеше. Сепак, се надевам дека тоа не не води кон едно запирање на демократските процеси, се надевам дека нема да се појават и не постојат таканаречени црни листи, се надевам дека телевизијата ќе биде отворена за секој субјект во РМ, интелектуалец, политичар и т.н. Затоа што и во очите на јавното мислење една по неутрална телевизија иако не можеме да зборуваме за неутралност, вие одма ќе ми кажете, во ваше време не беше така. Јас ќе се сложам исто дека не беше така. Но, сметам дека многу поголема сензибилност МРТВ треба да има кон опозицијата. Тоа е еден од барометрите на демократијата во општеството. Мислам дека доколку сакаме таа да се опорави финансиски, економски, јас немам ништо против таа да се опорави, меѓутоа сепак, треба да внимава и на јавното мислење, да го надмине оној комунистички начин на функционирањето, бидејќи како што гледам, сепак не направила големи промени од промените кои што се случија. Мора да напредува во функција на демократијата. А инаку секогаш новинарите тие можат да бидат за една, или друга опција, меѓутоа како што гледам и по ова прашање постои една дискутабилност затоа што одредени новинари беа отстранети, беа маргинализирани и т.н. Се прашувам до кога таквиот начин на функционирањето на нашиот медиум ќе егзистира. Можеби е грешката во тоа што токму директорот на телевизијата се изгласува во рамките на Парламентот. Можеби треба да се најде, ако најдете сили бидејќи вие сте мнозинство, да се изнајде друг начин на бирање на директор на телевизијата и на тој начин таа ќе биде многу понезависна наместо нашите гласови. Инаку, секогаш директорот ќе зависи од изборите од парламентарното мнозинство.

И затоа е разбирливо што тој можеби понекогаш мора и плашливо да ја наведнува главата, да ги потсеќа своите уредници како да функционираат, како да работат, а во XXI-от век тоа е недозволиво.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор пратеникот Никола Јованов.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Почитуван потпретседател, почитувани колеги пратеници, и почитуван директор на МРТВ. Очигледно е дека телевизискиот медиум секогаш побудува големо интересирање. И веројатно тоа е така во сите држави и со сите политички партии вкупно гледано. Меѓутоа, имам впечаток дека во овие два дена премногу се занимаваме со минатото. Од информацијата која ја добивме детално се запознавме со материјалната состојба на телевизијата, со техничката состојба на телевизијата и т.н., ги видовме сите проблеми со кои се соочуваат од технички, економски аспект и т.н. Сите знаеме дека таа зграда е предимензионирана, меѓутоа таа зграда е градена пред повеќе до 20, 25 години. Секако дека таа бара огромни средства за одржување, или само за нејзино загревање да речеме во зимскиот период.

Меѓутоа, не се споменаа заработувачките, платите на вработените во телевизијата. Иако се согласувам дека е предимензиониран и бројот на вработените во телевизијата, меѓутоа тие луѓе навистина имаат ниски плати, веројатно претпоставувам меѓу пониските во државата, па работат една специфична работа која е врзана со постојано следење на се она што е актуелно во државата без одредено работно време, па на некој начин и стресна работа.

Меѓутоа, дали ако се занимаваме со минатото и проблемите кои се генерирани во минатото би го решиле проблемот на телевизијата? Мислам дека со тоа не би го решиле проблемот, бидејќи ние како основач според законот на Собранието треба да и помогнеме на телевизијата да излезе од оваа кал во која се нашла со тоа што мислам дека овој извештај треба да го прифатиме, да се санираат овие долгови доколку е можно еден дел со отпишување и т.н. Се согласувам со предлогот кој претходно беше даден од претходните дискутанти, раководството да направи една санациона програма која би можела во најкраток можен рок да ја извади оваа куќа од финансиските дубиози. Злоупотребите да и ги препуштиме на надлежните органи, да не се занимава Парламентот со тоа што не е негова надлежност, а ние како Парламент да му дадеме предлог на тоа раководство и на еден можеби поширок тим формиран од стручни луѓе кои би помогнале на раководството во натамошното развивање на идејата за дефинитивно решавање на проблемот на МРТВ.

Во тој поглед јас би кажал дека нашата Македонска телевизија е финансирана по основ на два, или три основи што не е познато во Европа. Имено, таа собира пари од претплата од граѓаните, таа добива средства од рекламирањето и таа еве на ваков или на онаков начин бара пари од Буџетот. И сега како ќе ги помирите интересите на сите оние кои плаќаат пари. Политичките партии по правило заради финансирањето од Буџетот, така ќе инсистираат на своето влијание врз телевизијата и ќе бидат незадоволни како во случајот опозицијата која сега е незадоволна од функционирањето на телевизијата. Граѓаните исто така ќе бидат незадоволни од квалитетот на програмата, заради тоа што ги плаќаат своите пари, а не добиваат она што очекувале.

И на крајот, рекламирањето кое секако за телевизијата е важен извор на приходи, меѓутоа кај граѓаните често пати создава знаци на нервоза и на реакции, кога на сред утакмица се прекинува утакмицата, па се дава реклама, или на сред филм и т.н. Заради тоа што финансирањето е вака троструко, затоа има и незадоволство кај политичките партии, кај граѓаните и кај останатите. Мислам дека треба да се направи едно разграничување, треба да постои државен канал кој државен канал ќе се финансира од Буџетот нормално, кој на крајот на краиштата ако сакате ќе биде провладин. Па ние често пати имаме прилика да слушнеме кога се цитираат изворите на информирање се вели, про владиниот весник, или про владината телевизија и т.н. Тоа би бил државниот канал финансиран од државата т.е., од Буџетот каде што директор ќе наименува Владата. Во тој домен може да се разговара за застапеноста на позицијата, опозицијата и т.н., минутажа, споменување на функционери, на имиња и т.н.

Вториот сегмент би бил јавната телевизија. Јавната телевизија треба да е онаа која е финансирана од граѓаните. Таа јавна телевизија треба да ги задоволи вкусовите во најголемиот процент на граѓаните на нашата држава, заради тоа што тоа е телевизија за нивните пари. Во оваа телевизија може да има реклами, меѓутоа тие треба строго да се прецизираат во однос на тајмингот, времетраењето и периодот кога ќе се емитуваат. Додека не напомнав дека во државниот канал рекламирањето е секаде забрането, насекаде низ Европа овој систем функционира.

И третиот тип на телевизија се комерцијалната телевизија. Комерцијалната телевизија не можете да и забраните кога ќе рекламира одреден производ, на која политичка опција ќе се приклони и т.н. На некој начин комерцијалната телевизија, или приватните телевизии ќе бидат и коректив на државниот канал, на државната телевизија, така што гледачите ќе можат секогаш да направат паралела меѓу соопштувањето на една вест и од прилика да ја најдат вистината ако така сакаме да кажеме.

Инаку, уредувачката политика на јавната телевизија ќе се направи на таков начин што ќе се направи уредувачки одбор од луѓе кои се стручни во тој домен, во таа област. Можеби и претставници на граѓаните и тие најдобро ќе знаат да го погодат вкусот на граѓаните, додека нормално е дека во државниот, или Владиниот канал директорот ќе го наименува Владата и уредувачката политика ќе биде на Владата.

Тогаш мислам дека ќе ги имаме овие три сегменти, три типа на телевизии и нема да се случува да не можат да се подмират барањата, или вкусовите на политичките партии, на граѓаните како субјекти и на

комерцијалата на крајот на краиштата, бидејќи на ваков начин гледаме дека години наназад Македонската телевизија стално има проблеми со финансиите, а многу често се дискутира за МРТВ, меѓутоа решението на проблемот никако да дојде на повидок.

Затоа мислам дека треба еднаш да се влезе во реформи на телевизијата и тоа од прилика по овој тип, бидејќи тоа е впрочем насекаде низ Европа правило и европските стручњаци за медиуми тоа и го сугерираат.

Затоа јас мислам дека треба да се прифати информацијата, да и помогнеме на куќата да се санира најдобро и најбрзо што се може за да се влезе во една ваква структурана реформа на телевизијата, како би добиле навистина адекватен медиум кој го заслужува со своето влијание.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Дами и господа, информацијата за актуелните состојби во МРТВ што ја добивме, како што во неа е јасно наведено е првенствено извештај за материјалната состојба во таа куќа и мерки што раководниот тим на МРТВ предлага да бидат превземени, за да може да се обезбеди нормално работење и некаква колкава, толкава развојност.

МРТВ како сервис на сите граѓани е од исклучително голема важност, значајна за сите нас и како таква нормално е што во обраќањето е содржана надеж дека Собранието на РМ, како основач ќе има разбирање за барањата и ќе изнајде начин да помогне соодветно. Јасно е дека помошта треба да дојде итно, бидејќи МРТВ има голема финансиска задолженост, застарена опрема и техника, застарена организација и големи трошоци во работењето.

Во една ваква состојба јасно е дека било каква нова концепциска, содржинска и медиумска промена е скоро невозможна. Едноставно се е блокирано. Се поставува прашањето дали можеби некој тоа така намерно го оставил во мираз на новата власт, очекувајќи позитивен ефект од тоа за себе. Да бидам по јасен, да се создаде привид кој што не се однесува само на МРТВ и прашања околу неа, туку воопшто дека ете новата власт не е способна да излезе на крај со предизвиците исправени пред неа, дека нејзините кадри својата иницијативност ја насочиле единствено кон политички пресметки со свои не истомисленици и т.н.

По мое длабоко убедување, во прашање е сепак нешто сосема друго. Страв, голем страв дека на виделина ќе излезат дубиозите кои беа сокривани со години, а спротивно со законот за основање на Јавното претпријатие МРТ, поточно членот 18 каде што јасно се наведени обврските на генералниот директор, точка 6, која уредува дека еднаш годишно се доставува извештај за работењето на МРТ до Собранието на РМ. Да не било така досега, да било се регуларно, катастрофалните бројки што сега ги имаме пред нас можеле многу порано да допрат до македонската јавност, да бидат достапни до неа и притисокот од јавноста, а институциите од системот врз раководните органи во МРТ ќе бил поголем и нормално оваа денешна состојба што ја имаме пред нас најверојатно ќе ја немаше. Тоа е едниот аспект што ние го имаме во оваа информација, односно материјално - финансиската состојба на МРТ, за која ние единствено и требаше да расправаме.

Но во духот на сите досегашни караници, кои ние како Парламент ги имаме на релација позиција-опозиција, започна и расправата по оваа точка. Расправа во која настапот е првенствено поткрепен би рекол и единствено со ароганција и цинизам од одредени луѓе, кои говореа во името на опозицијата, поточно пратеници на СДСМ. Така, тука некој си дозволи да каже или да инсинуира дека мнозинството не знам како се однесува, постојано се наметнува не компетентноста и големата партизираност. Божем сите заборавивме како беше во времето на СДСМ и божем најкомпетентни тука се опозиционерите. Ништо од ова не е случајно, не се во прашање политики, анализи, од кои не се знае каков би бил ефектот.

Но воедно, денес и вчера се греши. Една информација за финансиското работење на МРТ се претвори во коментирање на уредувачката политика на истата куќа. Не знам, веројатно се мисли дека со тоа ќе се постигне најголем ефект кај електоратот, сметајќи притоа на елементот на колективна амнезија. Амнезија за не така одамна, за среќа, завршено време, во кое навистина не се истакнуваше партиската припадност на генералниот директор или пак било кој вработен во МРТ. Напротив се криеше. А зошто беше така? Веројатно за да не може истиот јавно, јасно и гласно да биде повикан на одговорност, односно партијата или групацијата на која што тој и припаѓа да биде тука прозивана и се така низ магла некој сака сите ние да се движиме, заборавајќи притоа од каде сме тргнале. Една беше таа димензија, а другата уште по страшна беше што многупати сите ние бевме сведоци, целата машинерија што можеше да ја мобилизира МРТ во тоа време,

говорам за периодот до избори, беше и се ставаше во функција на сатанизација на тогашната опозиција со грозоморни конструкции, кои имаа многу јасна цел. Можеби ќе ви биде груб зборот елиминација на конкуренцијата. Се одеше до таму македонскиот гледач да биде буквално малтретиран без никакви скрупули и најмала задршка. Денес тоа сите се обидуваме да го заборавиме.

Но денес без разлика што се обидуваме сите ние тоа да го заборавиме, пред нас е резултатот на таквата работа и таквиот стил кој што го имаше МРТ, минус од не знам колку милиони марки. Работа односно стил кој во многу не се разликува и од стилот применет од претходната власт, односно Влада на сите државни нивоа каде што се очитува негативно работење, кражби, злоупотреби, корупција. Сите ние сме сведоци на сите тие работи, но за тоа во некоја друга прилика.

Наспроти тоа денес пред нас се заклучоци, кои според мое длабоко убедување треба да ги усвоиме за да можеме да и помогнеме на оваа куќа да може да застане на нозе во интерес на сите нас.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се пријавил г. Мевљан Таири, но е отсутен.

Мерсел Биљали е исто така отсутен, Аслан Селмани исто така.

Има збор г. Стојан Попов.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Почитувани колеги пратеници, очигледно пред нас имаме еден сериозен проблем, кој што е хроничен проблем и ми се чини дека една од основните грешки во кои влеговме е токму тоа на еден хроничен проблем да бараме практично акутен третман и решавање како за акутен проблем.

Дека е тоа така, тоа е повеќе од јасно затоа што со тој проблем, ми се чини проблемот на МРТ, сме соочени низа години, да не кажам десет и повеќе години, значи 20 години, значи уште од минатиот систем и тој проблем ми се чини треба, а тоа го покажа и самата седница, да биде сфатен како една парадигма, затоа што се однесува и на сите други информативни медиуми кои имаат државен карактер. Мислам дека тоа е пресложена материја која бара високо - стручен професионален приод и во секој случај не може да се разгледува на вакви собраниски седници и да се разглобува во детали.

Мислам дека веќе се впуштивме прешироко во елаборирање и затоа ќе се обидам да бидам пократок и да сублимирам некои работи. Посебно ми е драго дека очигледно, како во другите сфери на општествениот живот, како што се фудбалот, културата, еве сега се придружуваат и информативните медиуми како поле на широки интереси и очигледно луѓето логично можат да размислуваат за оваа проблематика и да ги согледуваат слабостите, дури и да предлагаат интересни можни концепти за решавање и надминување на проблемите. Ми се чини дека и на оваа седница слушнавме интересни предлози, иако доста се расправаме, така што ќе се обидам на некој начин колку што можам да ги спојам тие мозаични коцкици најдобронамерно, затоа што мислам дека крајно време е дека треба сериозно да се занимаваме со овој општествен проблем, за да го најдеме правото решение, а не после извесен број на години повторно да се најде некоја ваква седница, во некој ист или друг парламентарен состав.

Мислам дека забелешките што беа упатувани од страна на СДСМ се апсолутно не коректни и мислам дека немаат морално право за такви забелешки. Слушнавме такви говори кои имаат навистина СКОЈ-евски карактер, со ништо не беа издржани. До тој степен беа демагошки што се чудам, навистина многу од луѓето кои дискутираа ги ценам и мислам дека навистина имаат еден повисок степен на интелегенција да не влегуваат во такви замки, меѓутоа ете и тоа се случува.

Затоа што мислам дека точно претходниот систем и СДСМ како владеачка партија, токму тие го промовираа и инсталираа партискиот начин и влијание во МРТВ и во другите државни медиуми како што е НИП "Нова Македонија". Мислам дека создадоа навистина музејски експонати на поданици на типични измеќари, кои беа ставени во партиска функција и мислам дека немаме толку кратко паметење за да можеме да прескокнеме преку тоа и да не реагираме на еден ваков начин.

Би скал само да ги протолкувам, од мое видување, забелешките дека во овој состав директорот е именуван од одредена партија и т.н. Не е клучот и проблемот тука воопшто. Дури, јас мислам дека на сите ни е јасно дека оние за кои мислиме и кои се кажуваат и прокламираат како партиски необоени, независни и т.н., можат да бидат секојпат по опасни полтроните и измеќарите секогаш одат до крајност во исполнување на дадените задачи и мислам

дека точно тоа се случуваше во претходниот систем. Тоа е моја крупна забелешка, значи на една промоција, која што практично во информативниот простор ја направи СДСМ во изминатите 8 години.

Токму заради тоа, за да не се случуваат и натаму исти работи, мислам дека треба да имаме и едно достоинство и една доблест на прав начин да се обидеме да ги лоцираме проблемите и колку што можеме да ги елиминираме за да не дојде повторно до злоупотреба на информативните медиуми.

Инаку, колку за куриозитет да ви кажам, бидејќи сметам дека сепак имам едно би рекол морално право и делумно некоја компетентност во оваа област, би ви кажал дека мене во 30 години работа не ми случило на нешто што работам да биде применет методот на цензура, освен во периодот на претходното раководство во работењето на МРТ, значи ниту во комунистичкиот систем. Тоа го кажувам од чисто лично искуство, ако нешто воопшто значи.

Меѓутоа, би сакал да дојдеме до суштината. Констатирано е основен долг на МРТ од 15 милиони ГМ, кои со камата доаѓаат некаде 26 милиони ГМ. Тоа е сериозен износ, тоа се големи пари, не се мали пари и ако на некого нешто му значи, јас би ви кажал едно мое видување. Јас лично мислам дека сите други големи телевизии во Македонија како што се А1, Телма, Сител и т.н., сите заедно кога некој би ги проценувал не вредат 15 милиони марки. Тоа е еден куриозитет кој што е доста индикативен, значи се работи за доста голем износ на пари. Така, би сакал да кажам ако во претходната гарнитура постоело незаконско работење, злоупотреби и т.н., тоа е предмет на друга анализа и други постапки. Тука исто така треба да се поведе една нормална постапка, да се разгледаат причините зошто е дојдено до такви големи загуби и нормално консеквентно на тоа има одговорност за таа работа.

Мислам дека основна работа и основен проблем на МРТВ и мислам дека тука ќе се допрам до неколку дискусии, меѓу кои е дискусијата на г. Котевски, дискусијата на г. Пранговски, тоа е предимензионираноста на МРТ. Мислам дека таков диносаурус од 2.000 вработени е не одржлив и мислам дека тоа е практично последица на наталожени методи на работа од едно минато време и дека апсолутно мора да се дојде до радикални промени и до една радикална реорганизација или организационо преструктуирање во МРТ.

Значи поточно мислам дека е потребана радикална реформа. Јас сум убеден дека според она што го гледаме како понудена програма од МРТ, 200 луѓе можат да ја опслужуваат и да ја направат таа програма. А имаме 2.000 вработени.

Исто така, мислам дека не е проблемот во раководството, како што пред малку напоменав, дали е тоа партиски обоено, дали потекнува од партиски раководства или не. Затоа што проблемот е ист во таканаречените независни телевизии. Потполно е сеедно дали зависниците за тутор ја чувствуваат државата или некој друг стопански субјект кој ги финансира тие телевизии.

**СТОЈАН ПОПОВ:** (Продолжение)

И во таканаречените независни телевизии, исто така тешко може да се остварува слобода во работата, слободоумност, независност и на крајот на краиштата објективност. Мислам дека клучот навистина е во самите луѓе, во силни индивидуалности, во луѓе прави професионалци, значи во срок професионализам, слободоумни луѓе, во одважни луѓе, кои нема да трпат наметки. Така да апсолутно е и релевантно дали некој припадник симпатизер на некоја партија и т.н. Значи не е проблемот во тоа. Проблемот е личен. Дали некој има етично достоинство, дали има морал навистина да може да опстои на цврсти принципи, на демократски принципи. Тука е проблемот. Воопшто не е проблемот дали е припадник на партија или не.

Затоа јас сакам да ја искажам мојата верба, поготово што и во дискусиите на пратениците од мнозинската партија слушнавме многу интересни идеи, како да се разреши проблемот и лично мислам дека сегашниот тим во МРТВ имаше многу краток период, соочен со сериозни проблеми кои беа комулирани од претходното раководство.

Мислам дека би требало да имаме доверба и да им се даде можност и шанса, навистина да подготват еден сериозен концепт, концепт за реформа на МРТВ. Таквиот концепт мислам треба да се најде на некоја од следните собраниски седници. Единствено тоа може да биде решение, а ние како Собрание исто така, би требало да се потрудиме да дефинираме одредени механизми на заштита, заштита која би им овозможила на тие луѓе кои ќе раководат и на новинарите и т.н., да им обезбеди еден достоинствен статус, и општествен и материјален, да можат достојно да си ја вршат својата работа, без никакви притисоци

на политички фактори од страна.

Исто така стана збор и околу финансирањето на МРТ. Би сакал да кажам дека и тука има доста дискутабилни работи. Ние имаме сега Законо за радиодифузии. Према тој Закон се наплака таа дифузна такса. Меѓутоа прашање е тоа дали е тоа правиот начин и дали тоа решение не се коси дури и со Уставот на РМ, затоа што не можете со сила на никого да му наметнете да биде обврзан да плаќа телевизија ако тој не сака таа телевизија да ја гледа. Според тоа се работи за едно навистина, граѓанско право кое на овој начин може да биде узурпирано. Според тоа, веројатно и тука може да се разгледа како една опција една од варијантите што и колегата Јованов предложи да биде евентуално буџетско финансирање. Значи и тоа постои како можност, како опција.

Исто така, мислам дека заслужува внимание и разгледување на можноста на делумна приватизација и вклучување на приватен капитал во МРТВ, како што и во многу други државни телевизии во светот. Не се тоа исклучително телевизии во државен капитал.

Исто би сакал да сугерирам дека би било добро да се размислува од страна на раководниот тим на МРТ, околу уредување и обезбедување на сателитски програм. Ми се чини дека и тоа беше споменато од страна на некој од дискутантите, мислам дека Пранговски или кој го спомна. Поготово мислам за држава и за нација која има толку голема дијаспора, дека сателитската програма е неопходна и на тоа треба се поведи големо внимание. Тоа Македонија кора да го обезбеди.

За радиото само би додал следното. За мене е не сфатливо, со години сигналот на Македонското радио да биде толку слаб, а да се оправдува со тоа дека трошоците за електричната енергија која се троши ако бидат уклучени предајниците, појачалата, дека е преболно.

Навистина е поразително, кога ќе тргнете од Скопје спрема Тетово веќе на 10-от км. Радио Скопје не можете да го слушате. Нема оправдување за тие работи. Навистина сме не сериозни ако толерираме таква работа.

На крајот сакам да кажам дека ќе ги поддржам предлог заклучоците и само би сугерирал дека би било добро во овие точки што се предлагаат како заклучок да се напомене дека, МРТВ треба да преземе мерки и активности за, дури би го употребил и тој збор сега, радикална, иако во заклучоци лошо е да стои зборот радикална, меѓутоа за една сеопфатна реорганизација или поточно реформа и изготвување на еден нов современ модерен концепт за работа и дејствување.

Значи навистина на прагот на XXI век мораме да се сообразиме со она што го носи времето и сите тие текови и светски трендови Македонија исто така треба да ги следи. Така да таква понуда на еден концепт е неопходна и тој концепт би требало да се најде на дневен ред на Собранието, затоа што на крајот краиштата Собранието е основач на МРТ.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Г. потпретседателе, дами и господа помалку сме изморени и нашето присуство не е големо. Независно од тоа јас сакам да укажам само на неколку елементи.

Мене и четиригодишното работење во рамките во тогашната РТВ Скопје не ме оставаа рамнодушен, така што би сакал да дадам еден мал осврт околу ситуациите и околу некои аспекти што се провлекуваат во континуитет, барем за мене свесно, две или повеќе декади.

Делбениот биланс меѓу студискиот дел, односно продукцијата на емисии било тоа за потребите на радиото или телевизијата и радиодифузијата, е горлива рана уште од 70-тите години. Во тој период се заговараше еден процент од 17,18% за предаватели и врски. Навистина изненадува што се случи трансформација во општественото уредување. Денес имаме демократија со плурализам, но на овој план за 8-9 години работите не се доведени до крај. Меѓу ургентните задачи е тој делбен биланс да биде изработен и дефинитивно санкциониран. Притоа нужно е да се поведе сметка дека радиодифузниот дел веќе не е само терестриален. Во меѓувреме настанаа и други медии, како кабелската телевизија. Исто така имаме и огромен наплив на сателитски предаватели, така што и во овој дел ќе мора да се размисли како оваа национална државна куќа ќе може своето работење да го осовремени.

Тоа во овие заклучоци јас не го гледам и го чувствувам за болно. Можностите на ИНТЕРНЕТ исто така не се за потценување. Слушаме дека од приватните радиостаници некои емисии се пренесуваат, може и од лентите односно од дневникот на Македонското радио веќе оди преку ИНТЕРНЕТ, така што ширум глобусот и тие емисии можат да се следат.

По однос на предавателот средноброанов од 1 мгв., здрачна снага треба да се каже дека тој од технички аспект е надминат и дека трошоците на експлоатација се повисоки, евентуално и од набавката на

нов. Но, и тука потребна е солидна конструкција за кој дел повторно да биде на соодветното ниво. Јас не го имам податокот дали денес Овчеполскиот предавател емитира цел мегават, но добро знам дека чујноста на радиостаницата на Радио Скопје во 70-те години беше до Берлин. Сега не ни е познат до каде допира тој сигнал. Еден од клучните интереси тој сигнал и натаму да стои. Знаеме за тоа дека токму во среднобрановиот домен се води и вистинскиот натпревар, да не користам поимот војна меѓу различните дифузни куќи. Пропагандата државите ја вршат надминувајќи ги границите. Ние во тој правец треба да одиме.

Мене ме радува тоа што гледаме нови содржини, се воведуваат и се осовременуваат емисиите. Тоа не значи дека тоа се случува со доаѓањето на новиот директор, тоа беше во континуитет целиот период, но тоа треба и натаму да си остане и да се поддржи. Исто така треба да се обрне внимание дека тие нови креации и емисии ги гледаме и во делот каде што се емитираат програми на јазиците на националностите. Тоа овде не беше потврдено и мене ми е една фалинка од оваа дебата. На сите ни е познато дека, дури за прв пат ТВ емисија емитирана на албански јазик, е токму од студиото во Скопје. Јас не памтам тоа која година тоа било. Тоа е некаде во 60-тите години.

Сакам, исто така и со тоа би завршил да кажам дека овие заклучоци како што се наведени, моите очекувања не ги отсликуваат во целост. Во нив ние зборуваме за финансиските односи, односно дефектите каде недостигаат средства и на тој начин нешто да се помогне. Јас тие пет заклучоци ги поддржувам во таа форма, но поднесов еден предлог кој вас ќе ви биде дистрибуиран, каде што се залагам првиот заклучок да биде малку изменет и да се поткрепи работата на бројните творци во Радио-телевизијата кои навистина националната идеја ја издигнаа во текот на овие години.

Многу ми е јасно дека културата, духот, јазикот, сето тоа преку медиумите, посебно модерните на најдобар и најширок начин се дистрибуираат.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван потпретседател, почитувани дами и господа, иако десетина часа дискутираме и претпоставувам дека повеќето од пратениците се изморени, но се надевам дека нема да ви одземам многу време.

Ставањето на дневен ред на една информација, каква што е денешната за финансиските состојби и кризата во која се наоѓа МРТВ е доволен мотивирачки фактот повеќето од пратениците си земаат право да дискутираат.

Сегашната ситуацијата во која се наоѓа МРТВ е резултати на повеќегодишно работење на еден систем, кој беше окарактеризиран од повеќе дискутанти како гломазен, како не функционален, како застарена технологија и како сплет на таквите околности се и сегашните финансиски состојби.

Лично очекував дека пред Собранието ќе се даде еден по опсежен извештај кој нема да ја проучи само финансиската димензија и дека ќе имаме можности за една поширока расправа, па ако сакате и за концепциски видувања за тоа што значи МРТВ, што значи визави сегашната законска регулатива и кој е концептот на новата Влада за разрешување на проблемот, или за забрзување на постојниот систем, се разбира со козметички дотерувања, надминување на финансиските проблеми со кои се соочува МРТВ, тоа беше спомнато од повеќето дискутанти е должност на раководството на МРТВ, согласно Законот за радиодифузна дејност и Законот за основање на МРТВ и тоа беше ветено дека ќе се направи. Затоа не ми се јасни мотивите, или не се откриени мотивите зошто се прави сега брзосплето една информација, која покажува само бројки и која предлага како тие бројки, прикажани како загуби и дубиози да се намалат со предлогот на заклучоците, кои значат потпишување на одредени долгови како што се долговите на МРТВ, по однос на телекомуникации, по однос на Електродистрибуција, по однос на комуналните и другите услужни дејности и т.н.

Се надевам дека нема да ми се замери доколку го изнесам мојот личен впечаток и нема да бидам оквалификуван како човек кој потекнувам од претходната Влада, па затоа е така настроена, па затоа си земам за право да го изнесам мојот личен впечаток, зошто денес имаме на дневен ред една ваква Информација и вакви заклучоци.

Промените што се случија во општеството, а како слет на околностите и промените што настанаа во средствата за јавно информирање, во самите информативни куќи, кога зборувам за медиумите тука исклучиво мислам на медиумите кои се финансираат од Буџетот во самите печатени медиуми и преку претплатата на МРТВ, се најдоа во една исклучително неповолна положба.

Уште кога беше конституирана Владата и потоа предложен Законот за измени на Законот за органите на управата и воведувањето на идејата да се формира Министерство за информации, свртува внимание дека ваквиот тренд на развој на односите ќе носи за последици во општеството, односно во областа на информирањето и тоа што значи јавно информирање, финансирање на државата односно граѓаните.

Затоа не прифатливи ми се сите тези кои денес тука кружат, дека наводното поставување на партиски луѓе на чело на медиумите е помалку болно и помалку опасно од поставување на луѓе, кои формално не се луѓе кои припаѓаат на одредени политички партии, но во суштина ја играат улогата, ако не и полошо од овие сегашните кои се дефинираат и кои се обоени. Тука и самите признаваат дека е тоа така. Напротив, мислам дека, дефакто, легитимирањето со партиска определеност исклучува било каква можност на некое непристрасно информирање на граѓаните и тоа ми е сосема јасно.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:** (Продолжение)

Не случајно општествата претендираат, тие кои се обидуваат да се легитимираат како демократски, во медиумите кои се финансираат од државата односно од граѓаните, во никој случај да не поставуваат луѓе кои, барем формално се легитимираат како луѓе кои потекнуваат од партиите, или во најлошиот случај како што е нашиот од најтесните раководства. Затоа сметам дека поставувањето на вакви основи на медиумите со себе повлече низа реакции каде се помести уредувачката политика во тие медиуми, настанаа огромни зафати во кадровската политика, воведување на цензура и одигрување на една улога на медиумите што не е во согласност со законот кога е во прашање МРТВ било со Законот за радиодифузна дејност, било со Законот за основање јавно претпријатие МРТВ. И кога се повеќе се на површина критиките за ваквото поставување на работите, се наметнува еден проблем кој се легитимира со претходната власт која ќе го сврти вниманието на јавноста и ќе се занимаваме денес со вакви проблеми. Не велам дека не треба и со вакви проблеми да се занимаваме но во никој случај тоа не е основниот проблем кога се во прашање медиумите. Напротив, мислам дека проблемот е многу по суштински и има други димензии, не само финансиски.

Длабоко сум убеден дека ваквата поставеност на медиумите нема да ја одигра улогата, иако не само овие четири милиони што се бара да се отпишат иако законската основа за нивното отпишување е проблематична, но за тоа ќе си го кажат своето надлежните органи, туку и целиот долг што го има МРТВ, да се избрише, нема да ја постигне целта и нема МРТВ да биде што е цел на повеќето граѓани од РМ. Затоа можеби е најприфатлив предлогот на господинот Петар Гошев, ние до есен до септември, октомври, или првата прилика можеби по наредните претседателски избори да имаме пред себе како основачи еден елаборат, еден концепт и визија, како треба да изгледа МРТВ во иднина, како да се изврши рационализацијата, како да се надминат финансиските дубиози, дали на овој начин ќе биде раководена и во иднина и многу други прашања.

Со ад хок решенија кои се наметнуваат во моментов, мислам проблемот не може да се реши, а нема да се реши проблемот поготово во делот на уредувачката политика, за што имаше многу критики упатени од страна на опозицијата во досегашната расправа.

Лично бев убеден, кога се постави за директор господинот Јакимовски и кога на овој начин почнаа да се решаваат кадровските прашања во медиумите, дека ќе имаат доблест овие луѓе за да докажат на опозицијата дека нивната партиска обоеност и припадност нема да влијае до таа мера да се постават на овој начин медиумите, дека напротив отсега натаму тие ќе бидат уште по либерално настроени кога е во прашање опозицијата и изразувањето на различните интереси преку јавните гласила и дека тоа ќе биде најголемиот аргумент денес да се оправдува тоа што е тенденција, да се прикаже од страна на пратениците на ВРМРО-ДПМНЕ но и од дел на пратениците на ДА. Но, за жал не да не се случи тоа туку напротив ние сега имаме прилика во одделни медиуми кои се финансираат од сите граѓани да се претставуваат и изразуваат интересите само на една политичка опција. Ние имаме сега случај кога и од професионален аспект МРТВ и не само таа прави грешки кои се не допусливи. Извештаите од некоја средба на премиерот се секогаш ударни, а после тоа одат извештаите од активностите на претседателот на државата што е не допусливо во ниедна земја. Не допусливо е исто така за конгресите на одделни партии да се известува на информативните програми на полноќ, а некои конгреси на одделни партии да бидат третирани на посебни емисии на МРТВ. Тоа од 1990 година досега не било никогаш пракса. Затоа дилемата околу тоа колку е претставена сега опозицијата, ви за ви претходната гарнитура на МРТВ и

претходната Влада, многу лесно може да се разреши. Земете ја последната година минутажата информативните емисии во МРТВ, споредете ја со првите шест месеци од оваа година во МРТВ  и минутажата и бројките ќе бидат немилосрдни на штета на тие што денеска сакаат и се обидуваат да покажат дека денес е многу по демократски и по либерално настроена кон овие прашања.

Посебна приказна во овој сплет на околности се медиумите на албански јазик. За Флака е влазеримит нема да зборувам, затоа што не е тема на дневен ред. Но жалосно е кога емисиите на албански јазик во МРТВ се на тој начин обликувани што навистина служат само на една политичка опција и една политичка определба на граѓаните, во случајот од албанска националност. Трагичен е фактот што сите раководни луѓе во тие редакции, почнувајќи од врвот се нестручни луѓе. И да се политички обоени, во најмала рака треба да ги исполнуваат законските услови за засновање на работен однос, а не именување на раководни луѓе. Затоа денес имате уредник одговорен за емисиите во радио без високо образование. Имате уредник на емисиите на албански јазик во телевизија без високо образование и сите понатаму по ред до врвот. Со какви мотиви и аргументи може да се брани таквата теза и дотичниот господин директор што не е тука како ги оправдува таквите кадровски решенија. Тоа не било случај никогаш. Не било никогаш случај да се доведат луѓе од надвор и тоа од најтесните партиски кругови, да се постават на чело на медиумите.

Има уште многу што да се каже во тој однос, но ќе завршам со следната констатација: Сегашната ситуација во однос на уредувачката политика во МРТВ ќе биде набрзо на дневен ред на соодветните невладини институции кои постојат и кои се занимаваат со оваа проблематика во Европа, а набрзо вакво прашање ќе се отвори во Советот на Европа. Бидете уверени дека има луѓе кои ги следат овие работи, ги бројат точно минутажите и претставувањето на позицијата и опозицијата и набрзо со факти и бројки ќе разговараме за овие прашања. Нема ситуација поболна од таа кога цели политички партии, цели пратенички групи се ставаат под ембарго и не се дава за право, дури и прес конференции и соопштенија да се објавуваат преку медиумите, за кои сите партиципираме и подеднакво плаќаме. Ваквата ситуација е не допуслива и не одржлива и таа час поскоро треба да се надмине, а на дневен ред да имаме еден елаборат, повторно ќе го цитирам господинот Гошев, кој на здрави основи ќе ги постави овие работи и ќе нуди решенија кои се познати во светот и во Европа.

Не може во едно демократско општество, како што претендираме ние да бидеме трката во областа на медиумите да биде не рамноправна, а таа е не рамноправна. Постојат медиуми кои се само финансираат и кои согласно нивните убедувања ги поддржуваат партиите на власт или опозиција и постојат медиуми кои сите ги издржуваме и финансираме и кои ја поддржуваат исклучиво опцијата на власт, односно партиите на власт. Мора Македонија да изгради концепт кој е изверзиран во демократските општества и од тие средства кои сите заеднички ги издвојуваме, да има соодветно презентирање на алтернативните и опозиционите опции во општеството. Затоа од Министерството кое го формиравме и кое всушност засега, за жал, го носи само името Министерство, ако ништо не се разликува од досегашниот, или до пред малку Секретаријат за информации да изготви концепт за јавното информирање кое се финансира од државата, односно од Буџетот и другите давачки согласно тоа, како Влада, во ова Собрание да расправаме за тоа, оваа чувствителна област каде ќе оди во иднина.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има реплика господинот Лутвии.

**БИЛАЛ ЛУТВИИ:**

Господине потпретседателе, би сакал една кратка реплика со господинот Зибери.

Молам, господинот Зибер да ги наброи со име и презиме кои се тие не образовани луѓе, бидејќи во овој правец, ако тој не ги знае имињата, јас можам да му помогнам. Точно е така оти тие луѓе што се именувани навистина ја немаат завршено политичката школа во Кумровец. Инаку тие се квалификувани и образовани луѓе. Инаку јас можам да набројам конкретно со име и презиме луѓе, бидејќи тој ја спомнуваше Флака. На пример Решат Ќаили кој завршил Филозофски факултет, инаку има титула магистар по филозофија, работи долго време како новинар во Флака, а неговиот шеф бил со средно образование. Ова сега го немаш тука и затоа 95% се за таа "Флака е влазеримит" што неговиот колега пред јавноста ја цепи овде.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Нема јас да се занимавам со инсинуации, со вакви квалификации. Во немање на аргументи секогаш се спомнуваат некакви идеолошки премиси. За жал дотичниот господин кој дава такви, бил професор по марксизам и не знам кој е поголем комунист, некој што воопшто не бил,

или некој што предавал таква идеологија. Но, не е битно тоа.

По однос на аргументите. Господинот Руфки Кики, одговорен уредник на емисиите на албански јазик во Македонско радио е без високо образование, господине. Проверете го тоа. Господинот Антон Серечи директор на Македонско радио е без високо образование, господине. Господинот Сефер Муслиу одговорен уредник за емисиите на телевизија на албански јазик е без високо образование. Проверете.

Се извинувам на дотичните што морав по име да ги спомнувам.

**БИЛАЛ ЛУТВИИ:**

Апсолутно не е точно дека Сефер Муслиу немал завршено факултет.

Што се однесува до тоа дека јас сум предавал марксизам, за жал јас не сум се родил во времето кога се родил господинот Насер Зибери, малку покасно сум се родил и сум предавал само филозофија и логика. Не сум имал прилика да предавам марксизам и самоуправување.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Реплика за г-динот Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Апсолутно не е точно дека господинот Сефер Муслиу, има завршено високо образование. Ако не знае господинот Билали, ќе го потсетам дека господинот Сефер Муслиу, ги започнал студиите по политички науки во Загреб, стигна до втората година и напушти.

Уште еднаш му барам извинување.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам, за личности кои не се овде не би било згодно да зборуваме.

Донесовме фер-плеј заклучок, луѓе кои не се тука да ги напаѓаме, а вие двајца ако се спорите околу тоа тргнете се на страна па си кажете еден на друг.

Има збор Аслан Селмани.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Навистина денес имаме мошне интересна тема за која расправаме. Расправаме за една суптилна тема која треба ние тука како пратеници да придонесеме за расчистување на тој проблем, што секако е државен проблем.

Се извинувам што ќе ги кажам моите основни тези, во мојата дискусија. Тие се три и тоа: МТВ како организација и систем за дистрибуирање на информации, МТВ како содржина и МРТВ како иднина.

Нашето општество или пак нашата цивилизација воопшто мора да се согласи со тоа дека, навистина ќе мора сега и во иднина да има една коректна и МРТВ со конкретни акции која ќе придонесе за афирмација на сите наши напори кон напредокот и продлабочување на социјал -економските прилики во нашата држава, а да не зборуваме и за другите опции.

Кога се зборува за материјалната состојба на МРТВ, со внимание го прочитав извештајот и се разбира од тој извештај можеме да заклучиме дека МРТВ се наоѓа во една тешка состојба. Секако таа тешка состојба не е од денес, најверојатно има корени од порано. Поради таквите случувања мораме ние како Парламент и како Влада, односно Владата треба да каже дека со вакви дубиози, јас би рекол и триози, доколку ги има, ќе мораме да расчистиме еднаш засекогаш и МРТВ мора да оди со нови содржини, со нови напори, нови погледи кон унапредување на својата содржина воопшто.

Сметам дека би било коректно и Парламентот и Владата да расправа за рационализација на кадарот што е вработен во рамките на МРТВ. Се разбира една група луѓе група од 1500 луѓе во МРТВ што најверојатно телевизии на земјите околу Средоземно море, нема толкав број.

Исто така, МРТВ ќе мора да се ослободи и од неспособните и да ги афирмира и да им дава можност на оние луѓе што навистина имаат искуство да го пласираат она што има потреба ова општество и ова цивилизација. МРТВ мора во иднина да биде отворен проект за нови идеи, што за жал морам да кажам и покрај тоа што сум во опозиција, а се надевам дека точката на афелот и перјелот се движат околу непознатата оска замислена и пак ќе дојдеме, веројатно во позиција па тогаш најверојатно и со друг речник ќе зборуваме за вакви теми.

Морам да кажам моментално какви што се моите согледувања и информации што ги имам и поседувам, МРТВ е затворен проект за опозиционите партии во РМ и за интелектуалците воопшто во РМ, за да ги пласираат нивните идеи.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:** (Продолжение)

Втората теза за која сакав да кажам и тоа само со неколку реченици е дека МРТВ за жал, не само сега откако е поставен новиот директор, туку и од порано, веројатно уште од монистичкиот систем беше повеќе ориентирана кон

збиднувањата во светот, во Африка на пример, отколку кај нас во Република Македонија. Нашите деца и ние тука повеќе знаеме за слонови, жирафи, лавови и тигри, отколку за духовните богатства кои се создаваат во Република Македонија. Оттука, се поставува прашањето навистина колку ние тука внатре како луѓе, граѓани, со различни култури се познаваме меѓу себе. И кога на МРТВ, не само на македонските ТВ емисии, туку и на албанските ТВ емисии повеќе му се придава значење за тие збиднувања надвор од нашиот простор и нашето време, навистина тоа е за секаква критика. Но велам таа вина не треба да ја бараме само сега и порано. Исто така, мораме да прифатиме и да ги согледуваме проблемите и од таа друга природа, дека МРТВ ќе мора да ја менува својата уредувачка политика со цел да одиме напред и да имаме еден нов перспективен од кон нови дострели.

МРТВ сметам сега затоа што сме кон крајот на вториот милениум кој е исполнет со темни периоди и со трагедии мора да предничи во тоа, затоа што навистина овој милениум не сака да си оди, не сака да си замине, па во таа насока МРТВ ќе мора да создава такви програмски емисии, да создава нова филозофија кон разрешување на проблемите внатре во Република Македонија, почнувајќи од меѓунационалните па се до социоекономските, културните, научните, образовните прилики и т.н.

МРТВ како иднина ја гледам како куќа која мора да предничи со своите проекти, да предничи дури пред политичките партии, државните органи и институции и да укажува на нови насоки и перспективи во нашиот од и развој. Сето тоа сметам дека е тема која има широки проблеми, широки размислувања, но МРТВ и другите издавачки куќи во нашата земја навистина треба да бидат еден вид насока за нашиот од, кон нашите нови светогледи.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Сугаревски Владо се јавил за збор, но не е тука.

Има збор г. Димитар Батковски.

**ДИМИТАР БАТКОВСКИ:**

Почитуван потпретседател, почитувани дами и господа пратеници Извештајот за работата на МРТВ, а особено финансиската состојба во која се наоѓа, го разгледав и со особено внимание го прочитав.

Одговорно тврдам дека ние како Парламент навистина треба да помогнеме и состојбите во МРТВ да се стабилизираат и таа да продолжи со вршење на нејзината многу значајна и одговорна функција.

Непобитни се фактите дека МРТВ со своите духовни корени и традиција но и со својата боречка енергија и ѕвезден космополитизам им служи на сите граѓани на Република Македонија, како грижа и сознание за нивниот специфичен креативен простор. Таа претставува сопственост на сите граѓани на Македонија, како неопходност во чинот на опстојување и вистинско суштествување, а не како дневно политичко парадерско живеење. Притоа, треба да се тежи кон реализирање на програми кои со нивниот отсјај во колективното сознание на консументите, ќе пулсираат со сета целовитост и сеопфатност.

МРТВ има за цел да ги развива и продлабочува уметничкиот, музичкиот и драмскиот израз и да создава творечка комуникација на Република Македонија со целиот свет. МРТВ треба да биде елитен репрезент на македонската култура и севкупното опстојување на Република Македонија како држава. Таа не треба да биде потчинета на државната власт.

Ние како партија, како ВМРО-ДПМНЕ тежнееме кон одреден деполитизација и дезидеологизација на творештвото, како предуслов за создавање на демократско општество. Процесот на транзиција од тоталитарно кон демократско општество можеби најтешко се одвива и во МРТВ. Зошто? Затоа што во овој домен во многу широка смисла на зборот беше утврдена идеологијата на тоталитаризмот. Кај нас како да се сака континуитет во примената на демократски вештини, притоа се тежи да се анулираат изборните резултати и се уште се сака да се продолжи со власт на СДСМ, кои самите себеси се дефинираа како правни наследници на Комунистичката партија на Македонија. Како поинаку да се сфатат дискусиите на пратениците од СДСМ и нивните коалициони партнери од ПДП? Овде морам да ги споменам, нека ми простат, г. Харуни посебно шампионско место има во таа насока, меѓутоа не е многу далеку и госпоѓицата Шеќеринска, затоа што навистина јас морам да кажам она што пред оваа говорница на потпретседателот на овој Парламент со еден таков однос го исплука и на крајот на краиштата ние мора да водиме сметка за дигнитетот и на Парламентот, на сите пратеници, а и на оваа говорница. Да биде

иронијата уште поголема, истата госпоѓица после тоа вели ајде да се нашалиме, да кажеме нешто ведро. Јас не знам, ние овде зборуваме за една многу сериозна тема, која ако не е сериозна, еве два дена дискутираме, а се уште не се исцрпени дискусиите, а овде некој не повикува на шеги и т.н. Сепак, тоа многу ме потресе и тоа беше една од причините што се јавив за дискусија, не заради тоа што потпретседателот е од моја партија, меѓутоа треба да се има почитување, тој е највозрасниот член на овој Парламент и со еден таков однос јас навистина не го одобрувам.

Сето тоа создава доста темнина и го замрачува хоризонтот. Ние се спротивставуваме на тој рецидив од тоталитарниот систем. Ете зошто во дискусиите на споменатите опозициони партии, се прават хајки против новата власт и против раководниот тим на МРТВ. За време на нивното седумгодишно владеење со МРТВ, од радиото и печатените медиуми направија вистински поданици и во оваа прилика јас се сеќавам на познатиот поет Душан Радовиќ, кој во далечната 1980 година ќе рече: Јас не сакам да гледам телевизија, јас не сакам да слушам радио, јас не сакам да читам весник, сакам да ми биде се јасно.

Затоа, нашата Македонска телевизија во минатото беше претворена токму така со тие шеми, со тие шаблони до тој степен беа направени што човек немаше потреба да ги гледа, затоа што знаеше што ќе се каже и што ќе види на таа телевизија и радио.

Ние од нашата партија новинарите ги цениме како творци кои треба да бидат главните двигатели на демократскиот развој на државата. Тие треба да бидат вистински борци за вистината. Нив ги гледаме како претставници на ангажирано и одговорно новинарство. Новинарот треба да проникне во информацијата што ја пласира и да даде вистинска димензија. Ние сакаме новинарите да ни бидат и партнери и творци, но пред се борци за вистината. Само објективниот гледач може да забележи сега со новата власт, која внесува видливи позитивни демократски струења и во МРТВ. Во поголемиот дел од извештаите провејува објективност и професионалност. Затоа на МРТВ треба да и се помогне. Огромните загуби се направени од претходната власт и секако тука има елементи и на недомаќинско работење, со одредено присуство и на недозволени, да речам и кримогени влијанија. Тука треба да се истакне и фактот што претходната власт вработи огромен број вработени, цели семејства. Треба да се размислува и во правец на намалување на бројот на вработените, особено кај непродуктивните работници, бидејќи ми се чини, според бројот на вработените, а во овој извештај јас не сретнав колку изнесува вкупниот број, некој велеше дека има две илјади, тоа беше г. Котевски, но дали се толку, дали се помалку, сигурно тоа некој треба да ни го каже. Сето тоа сигурно не може да се сретне во друга телевизија во Европа и светот, секако имајќи ја предвид и должината и квалитетот на програмите.

Затоа, на крајот да завршам, на нашите опозициони партнери би им препорачал да не се возбудуваат, да не држат лекции, од нив нема што да се научи. Нивното искуство доволно не научи, така што нивните грешки секако ќе ги исправиме и ќе создадеме Македонска радио-телевизија по желба на нашите гледачи и на нашите граѓани. Најпосле, телевизијата е и за нив, за гледачите, а не како што беше во минатото, телевизијата да и служи на власта.

Нај на крајот, вистинска оценка во тој правец: колку успеваме, колку ќе успееме и колку одиме во вистински правец во демократизацијата, во создавањето на една вистинска објективна Македонска телевизија, ќе ја дадат нашите гледачи во нашата држава.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г. Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Почитуван г. потпретседател, почитувани дами и колеги, знам дека сте изморени, но како секогаш ќе бидам краток.

Самата дебата што се отвори за оваа досега би рекол табу тема од страна на екс Владата, покажува како се развивала парламентарната демократија или демократијата воопшто, со сите други карактеристики што ги носи таа парламентарна демократија, а кои се цели на владеачката коалиција и тоа многу ми е мило.

Не знам зошто колегите од опозицијата се плашат од компарации. Ако немаме плафони кон кои ќе се компарираме, нема да знаеме каде сме и што сме. Јас мислам дека треба да има две нивоа на таа компарација.

Едната компарација треба да се однесува на европските стандарди на телевизијата, другата компарација треба

да биде како беше и каде сме сега.

Што се однесува до другата компарација како беше организирана МРТВ, како функционирала било во однос на минутажата на позиција - опозиција, зашто тоа е многу чувствителна тема, или квалитетот на емисиите, кадровскиот потенцијал и финансиската конструкција, една опширна анализа затоа што ние можеме по рационално да размислуваме за оваа компарација, затоа што бевме и во опозиција, искусивме што значи опозиција во МРТВ и сега што значи позиција во МРТВ.

Затоа, јас смеам да си дозволам и да кажам дека ако се земе предвид оваа компарација, сегашните состојби во МРТВ се многу подобри отколку состојбите кои беа. Тоа е една многу добра вистина, колегите можеби не можат да сфатат затоа што досега не биле опозиција во такви услови во кои беше МРТВ. Но да ви кажам дека беше многу лошо искуство и една дискриминација. Овој збор можам да го потврдам, а во сегашните состојби зборови за дискриминација на опозицијата не држат.

Ова можам да го докажам со факти, особено кога станува збор за програмите на албански јазик. На пример, сега со ситуацијата на депортираните Албанци, мислам дека многу транспарентно беше пренесена целата ситуација, професионално и немаше врска албанска позиција или албанска опозиција. Ова можам да го аргументирам и затоа овие квалификации дека опозицијата не беше присутна - да ви кажам дека и позицијата не беше присутна, ако е тоа вред.

Исто така, се согласувам дека не беа покривани сите аспекти на оваа криза и на животот во Република Македонија. Но гледајќи ја финансиската конструкција, се гледа дека во моментот тоа е невозможно и се избираат приоритети за прикажување и мислам дека во тоа релативно успешно се водат работите.

**ЗАМИР ДИКА:** (Продолжение)

Во таа финансиска конструкција јас би имал една препорака во органите на МРТВ, да ја имаат предвид финансиската конструкција и за програмите за националностите. Мислам дека на таа тема би можело да се работи повеќе.

Исто така, се согласувам дека редакцијата на албански јазик треба квалитативно и квантитативно да се подобри. Се согласувам со оваа теза, но не се согласувам со тезата дека ние како пратеници и повеќето од нас не сме професионалци од оваа струка да судиме за професионалност, особено на новите новинари кои со многу жар ја работата оваа работа. Значи повеќето од нас кои не сме во оваа струка, не сме компетентни да оценуваме дали новинарите се квалитетни или не. Ова можам да го кажам со едно мислење дека, има многу по умни и по почитувани луѓе кои не завршиле образование, од некои кои мислат дека завршиле, односно дека имаат факултет.

На крај, во име на пратеничката група на ДПА, ќе ги поддржиме заклучоците. Исто така би им сугерирал на органите од МРТВ, од овие дискусии да извлечат некои позитивни аргументи и да ја подобрат ситуацијата таму.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Сега по втор пат пак се јавуваат, ги повикав не се јавија, Шеќеринска Радмила и Харуни Сејфедин.

Дали се работи за јавување или...

Јас јавно ги прашувам...

Има збор Радмила Шеќеринска.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Почитувани колеги, за во тек на дискусијата да не заборавам да одговорам што мислам јас, како се нарушува дигнитетот и угледот на ова Собрание, како се покажува респект кон ова Собрание, само да кажам дека не мислам дека респект кон ова Собрание се изразува кога се кажуваат невистини, а посебно не се изразува кога тие невистини се бранат и во тоа име, а поради обврската што ја преземав, еве ќе ја искористам оваа прилика, стенографските белешки кои можете сите вие да ги добиете и кои службите може да го дистрибуираат, да му го дадам на потпретседателот на Собранието, онака како што и претходно се договоривме. Меѓутоа, тоа не беше причината поради која сакав да станам.

Уште во текот на минатиот ден кога дискутиравме за истата точка на дневниот ред, кажав дека сум изненадена од отсуството на дискусии, отсуството на пријавени дискутанти што после тоа се покажа дека било само една почетна трема, можеби. Меѓутоа, мислам дека е добро што многу пратеници излегоа и кажаа што мислат, каде се проблемите со МРТ, на кој начин овие проблеми треба да се решаваат и ред е некои од овие тези, од овие решенија и да ги спротивставиме овдека и за нив да дебатираме. Во текот на денешниот ден беше кажано дека изборот на директор на МРТ е добро испеана песна, јас со тоа потполно се сложувам, без разлика што дојде од страна на пратеник на парламентарното мнозинство. Притоа, добрата испеаност на песната можеби не е резултат на некој огромен талент за пеење, меѓутоа е резултат на

дефинитивно добра вежба, бидејќи во оваа наша држава и во ова наше општество, ако нешто се навикнавме да гледаме овие шест-седум месеци, тоа се постојани репризи на нови партиски наименувања, нови партиски директори, секогаш партиски решенија, дури морам да кажам дека директорите тука беа само почеток, меѓутоа тука крајот се уште не го гледаме, партиски вработувања, партиски наименувања, непостоење, како што овде беше зборувано дури и задоволување на основните законски услови за дадени позиции и сл. Оваа песна добро испеана за делот на медиумите значеше дека МРТВ ќе добие партиски раководен тим во делот на директори, во делот на заменици на директори, да не одиме понатаму и значеше дефинитивно спроведување на партиска политика, која навистина не запира пред ништо.

Јас морам да кажам, барем мое лично мислење е дека не е проблемот, иако овде тоа беше истакнато како проблем, навистина не чувствувам дека е проблем бројот на појавување на овој или оној политичар, бројот на настапи или настани кои што се поврзани со премиерот или со министрите. Јас знам и мислам дека е во ред тоа што министрите, премиерот се позастапени на медиумите, дека се по застапени во информативните емисии, заради тоа што тие се настан, голем дел од тие работи барем би требало да бидат настан. Не е проблемот во појавувањето на бројките, туку е проблем во апсолутниот не сразмер помеѓу бројот на реални информации кои што постојат во ова општество и за кои граѓаните кои ја плаќаат радиодифузната такса се заинтересирани, наспроти бројот на пренесени информации. Што сакам да кажам?

Премиерот ќе има средба со многу личности од земјата или од странство, тоа треба да се соопшти. Не мислам дека е вест која заслужува да биде прва вест, барем на македонското радио, а тогаш слушав радио, во тој домен, дека премиерот имал средба со некој хуманитарен клуб. Без разлика на значењето на тој клуб, без разлика на општественото значење што тој клуб го врши, меѓутоа премиерот на државата дека во средба со некој таков клуб ја образложува ситуацијата во земјата, извинете во ниедна телевизија и во ниедна земја не е настан број 1.

Беше истакнато дека конгресот на владеачката партија претставувало професионално вршење на функцијата на МРТВ и на нејзиниот раководен тим и дека на конгресот или за конгресот МРТВ успеала да изврши добро известување. Јас го кажав моето мислење за тоа како изгледа кога конгрес на која било политичка партија ќе го гледате во таков временски период, во тој момент, во оној главен период за гледање на вести, меѓутоа и дополнително можам да кажам дека ова известување за Конгресот на ВМРО-ДПМНЕ можеби е добро известување, ама дефинитивно не е добро информирање, бидејќи, де факто, според она што можеше да го видиме на ТВ екраните, таму не се случуваше конгрес. Таму се глумеше и се режираше конгрес. И ние видовме само подготвени дискусии кои требаше да прилагодат и кои требаше да не убедат дека државата, партијата на власт и т.н. се на вистинскиот пат.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Госпоѓице Шеќеринска ќе ви укажам на една одредба од Деловникот од член 106, каде вели ако не се придржувате на точката од дневниот ред, ќе ви го одземам зборот.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Јас само би сакала да ви сугерирам и да ви предложам господине потпретседателе, дека јас сум расположена да ви доставам стенографски белешки од една друга седница, повторно за добра информираност на потпретседателот, кој што сега претседава, да види за кои се конгреси на оваа говорница се зборуваше по многу други точки. Јас се сеќавам барем кога се дискутираше од страна на пратеници на ВМРО-ДПМНЕ за конгресот и случувањата во СДСМ и тоа не беше проблем за тогашниот претседавач на Парламентот.

Токму поради тоа би сакала, во ситуации кога со две реченици се осврнувам на едно прашање.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам, по кој пат сакате да ве опоменам.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Ве молам имајте трпение и вие како потпретседател и вие како пратеници кои што работите без кворум, меѓутоа очигледно дека тоа не е проблем.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

По трет пат ќе ве опоменам и ќе ви го прочитам правилото вели: "Говорник може да говори само по прашање што е на дневен ред. Ако говорникот се оддалечи од дневниот ред, претседателот ќе го повика да се придржува на дневниот ред. Ако говорникот и понатаму повторно не се придржува на дневниот ред, претседавачот може да му го одземе зборот".

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Не се сомневам дека тоа е решение кое и во иднина често ќе го применувате, меѓутоа мислам дека повторно ја правите

истата грешка што ја правевте и минатиот пат, но еве јас ќе продолжам па вие оценете што е добро и за вас и за ова Собрание, на крајот на краиштата и за сите нас како пратеници.

Јас само коментирав и она што беше кажано на оваа седница, меѓу другото за дадениот напад, условно речено на МРТВ, што значи е поврзано цело ова со МРТВ.

Еден од пратениците на парламентарното мнозинство искажа навистина една добра намера, јас таа ја ценам, а тоа е дека секој конгрес на релевантна политичка партија, секој настан на релевантна политичка партија е вреден да добие соодветен третман. Тие намери добри кои што беа овде изнесени не се одговорени, не гледаме никаква подготвеност тие ниту да се прифатат, ниту да се одбијат. Инаку како ќе се објасни фактот дека крупни настани, овде беа спомнувани прес конференции, јас ќе кажам за митингот на СДСМ, кој и тогаш кога беше споменуван, беше споменуван само да се напаѓа, меѓутоа во ниеден случај не добивме барем 10% од она што го доби важниот конгрес на ВМРО-ДПМНЕ.

Песната која што е добро испеана се движи или предизвикува и нови движења во сферата на новинарството кои денес исто така беа споменати. Јас се согласувам дека во РМ дефинитивно има нови движења во сферата на новинарството. За жал, тие нови движења, по мене се во погрешна насока, во насока на тоталитаризам, во насока на едноумие, во насока на автократија, во насока на напад врз независни дури радио и телевизиски станици, како што впрочем е онаа во Велес во која што влегоа членови на иста политичка партија, токму поради тоа што таа се реши да даде некој дел од митингот на СДСМ и т.н. Се се тоа, да кажам веќе чуени стихови, веќе чуени делови од иста песна и денес како заокружување на таквата пракса или како оправдување на таа пракса, како и по многу други точки денес што сме ги дискутирале, се покажува она класичното, а тоа е зошто вие господо од опозицијата се буните, кога истото го правевте и тоа веќе станува досадно, морам да кажам и мене ми е досадно да реплицирам или да одговорам на тоа. Ајде да претпоставиме дека тоа е така, после ќе се вратам да кажам дали мислам или не мислам дека е тоа така и зошто мислам дека тоа не е така.

Значи, резултатот после избори е следниот: ВМРО-ДПМНЕ, пред се меѓутоа и другите партии кои што учествува во владината коалиција, според зборовите на некои луѓе од оваа политичка партија победи поради грешките на СДСМ. Денес на ова говорница слушаме друго, фаза број 2. ВМРО-ДПМНЕ победи за да ги повтори грешките на СДСМ, меѓу другото и во делот на јавното информирање, меѓу другото и во средствата на јавно информирање. Имено, да се потсетиме што беа ветувањата пред изборите. Тие беа дека создавањето...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам имаме на дневен ред финансиската состојба во МРТВ.

Што има сега вие да зборувате...

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Јас само ќе ве потсетам. Имам информација од една куќа, околу која што водиме дискусија. Претходно овде пратеници водеа дискусија како работела МРТВ во претходниот состав.

Зошто било кој пратеник нема право да дискутира за тоа што се случува денес во МРТВ. (Негодување на пратениците).

Јас се извинувам, исто така Деловникот, претпоставувам, дека го регулира тоа прашање и дека, или се...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Шеќеринска по кој пат сакате да ве опоменувам.

Ако говорите за програми на партии, говорете. Ако тоа е на дневен ред.

Ако не е на дневен ред, зборувајте за она што е на дневен ред.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Програмите на политичките партии пред изборите не се даваат за да бидат програми на политичка партија и за да ги фрлиме во ѓубре или да се заборават, туку поради тоа што се добива, тоа претпоставувам господине потпретседателе нема да биде на дневен ред, заради тоа што нема поента да биде на дневен ред.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ако нема, нема што ни да дискутираме.

Госпоѓице Шеќеринска, ако продолжите да зборувате за проблеми пред изборите, тоа не е дневен ред.

Самата велите дека нема да го ставиме и нема што да разговараме за таа работа.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Господине потпретседателе ова е програма со која настапила вашата партија на овие избори.

Ако вие сметате дека таа е веќе не релевантна, кажете го тоа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам една работа. Сега не говориме за проблем на партии.

Ќе треба ли да се вратиме на ваши програми?

Не, затоа што не е на дневен ред.

Последен пат ве опоменувам.

Ако продолжите и понатаму да зборувате за тоа, ќе ви го одземам зборот.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Господине потпретседателе, немојте да се доведеме во ситуација после една до две седници, повторно да велите дека сте заборавиле што се случувале на денешнава седница, па да треба јас лично како пратеник да ви доставам стенографски белешки, да се потсетите.

Дајте ве молам, седницата мислам дека тече на начин кој што е класично соодветен, освен дофрлувањата кои доаѓаат од оваа страна на говорницата и мислам дека не не водат никаде, само ја зголемуваат температурата во ова Собрание. Ако некој има потреба да ја зголеми температурата, има и други начини, не мора овде тоа да го правиме.

Би ве замолила, бидејќи зборуваме за МРТВ, која што според предлагачот на Информацијата е јавен сервис и го допира прашањето меѓу другото и на слобода на печатот и говорот, мислам дека апсолутно, не излегувам од темата и ве молам имајте трпение да го кажам она што го мислам.

Инаку повторно ќе влеземе во дискусија околу тоа, дали треба да се дискутира или не.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ова е конечно. Процедурата мора да се почитува.

Немојте да мислите дека ќе добиете којзнае што, со ова оти ќе ви ускратам право на збор.

Не ви ускратувам право на збор.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Потпретседателе, јас знам дека вие ќе го примените тоа. Тоа го покажавте. Не треба уште еднаш да ја покажувате својата сила. Вие имате сила, ја имате можноста да ја исклучите говорницата, но не е работата овде да играме кој е појак.

Мислам дека навистина не е во ред да се проблематизира прашањето дали може да говори или не. Кога зборуваа пратеници на ВМРО-ДПМНЕ по оваа тема, а спомнуваа директори, спомнуваа настани кои што се случиле пред две, пет, 10 години, тогаш ниту еднаш вие не реагиравте. Да реагиравте тогаш јас ќе ве сфатев, ќе мислев едноставно вие така го читате Деловникот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ви благодарам. Можете да одите сега.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Потпретседателе, мислам дека ова ги преминува сите граници и мислам дека во вакви ситуации навистина треба да имате предвид дека сепак имате одговорна функција. Не знам дали толку ве плаши тоа што го зборувам, или што е работата. Немате трпение, немате ниту волја, а јас би сакала да продолжам.

Значи до колку...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Исклучете го...

Ќе ве молам ако имате достоинство, го почитувам вашето ама...

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Само да ви кажам господине потпретседателе дека сега стенографските белешки од оваа седница нема да завршат на вашата маса, нема дури ни да завршат во ова Собрание, туку ќе завршат кај релевантни меѓународни институции, кај кои што ова што го правите ќе зборува за вашата култура, односно некултура, ќе зборува за вашето непознавање на законот, меѓутоа уште повеќе ќе зборува за вашата тоталитарна автократна свест, која што едноставно не може да се реформира.

Јас навистина не знам каков проблем имате и зошто тоа што го зборував...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас немам никаков проблем. Вие имате со себе проблеми.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Јас зборувам за информација која што би била дадена на дневен ред...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам одете си од говорница.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Господине потпретседателе немојте после тоа да барате оправдување во тоа дека сте заборавиле. Овој пат вие ја повторувате истата грешка на истата седница. Прочитајте ги стенографските белешки ќе видите што сте направиле пред неколку седници.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Друг пат ќе ги донесувате стенографските белешки од почеток, а не сепарација.

Господинот Харуни има процедурално прашање.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Имам предлог. Гледам дека господинот Стојановски е уморен и не е во состојба да ја води седницата. Јас сум за дискусија, меѓутоа ако може седницата на Собранието да ја води господинот Илјаз Сабриу.

Инаку јас сакам да дискутирам но тој истото ќе го направи како што го направи со Шеќеринска, ќе ме прекине не знам колку пати.

Доколку ова не може, јас се откажувам од дискусија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Да ви кажам однапред, ако вака се однесувате, ќе ве најде истата судбина.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Ја друго и по паметно не можам да очекувам од вас. Јас сум се пријавил за дискусија, ако ми се овозможи, сакам да дискутирам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ако имате иста таква работа, ќе ве отстранам од тука. Кратко и јасно.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, чинам дека се повеќе излегуваме од рамките на она што се нарекува дневен ред и за што е пропишано и во Деловникот за работа на ова Собрание. Со сиот почит и со сиот респект на сите оние што излегоа надвор од дневниот ред по оваа точка.

Меѓутоа, навистина ме загрижува една работа која овде треба да ја потенцираме. Ние денес имаме точка на дневен ред Известување за работата во МРТВ, посебно за тој финансиски дел каде што има потешкотии оваа јавна установа на Република Македонија. Со сиот респект кон госпоѓицата Шеќеринска. Навистина како девојка ве почитувам и навистина не сакам со ниту еден збор да ве навредам, меѓутоа вие постојано зборувате за уредувачката политика на оваа куќа. Овде на оваа седница, на овој дневен ред не е уредувачката политика, ниту ова Собрание има ингеренции да се меша во уредувачката политика на куќата. Уредувачката политика им припаѓа на некои други органи, или раководни кадри. Тоа се Советот за радиодифузија, тимот кој работи во МРТВ и т.н. Ние како Собрание имаме она што треба и законски и уставно да го продискутираме на оваа седница. И мислам дека излегуваме од дневниот ред. И токму заради тоа во духот и на оние од нашата партија што излегоа надвор од дневниот ред, строго треба да се придржуваме за да можеме работите да ги приведуваме кон крај, затоа што со вакви говори, со вакви да речам реченички конструкции, добро информирање, лошо известување, мислам дека нема крај. Ве молам, добро известување, лошо известување. Да сфатиме еднаш дека имаме премногу сериозна работа и оваа јавна установа треба да се сведе на она што треба навистина да биде во Република Македонија и да не се надмудруваме, да не правиме циркуска арена овде околу тоа што треба да говориме.

Јасни се, дајте посочете ги вашите излезни решенија како опозиција. Дајте ги излезните решенија, Во известувањата дадени се кои се потешкотиите на Македонската телевизија. И такви добронамерни, добро осмислени решенија ќе бидат инкорпорирани во овој извештај и така ќе се почне со разрешување на работите. Се извинувам, но навистина немаме право да зборуваме за уредувачката политика, не е тема на оваа седница.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Имам процедурална забелешка. Гледајте во Деловникот за работата на Собранието, по што ќе можете тоа да го кажете и тоа јавно. Дали имам право да барам друг да заседава од потпретседателите на Собранието? Јас сакам да дискутирам, меѓутоа со вас е невозможно да се дискутира.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Тоа е ваш проблем.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Господинот потпретседател Илијаз Халими е тука, исто и тој ужива тоа што и вие имате право да заседавате со Собранието.

Ако не, ви благодарам за се и се откажувам од дискусијата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

И јас Ви благодарам.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Не благодарам, туку кажи ми го тоа?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Затоа што вие со вашиот збор одлучувате, вие кажавте дека ако не ви дозволам да зборувате надвор од дневниот ред дека се откажувате од дискусија.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Вие не сте тој што треба да оцените како ќе зборувам јас и колку ќе зборувам, дали ќе бидам на тема, или вон дневниот ред. Вие станавте и гатачи сега, замислувате што ќе зборувам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Во Деловникот не е предвидена замена на претседавачи, не е предвидено иземање.

Во Деловникот се говори дека пратеникот е должен да се придржува на точката на дневниот ред. Ако тоа не го направи, ќе му се одземе зборот.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Мене од вашите совети ми е до тука.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Вие кажавте пред време дека нема да се придржувате на дневниот ред. Немате збор. Точка.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас од вашите совети сум веќе до тука. Јас барам дали имам право?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Немате, кратко и јасно.

**БИЛАЛ ЉУТФИИ:**

Како пратеничка група на ДПА ние немаме никаква забелешка, што се однесува до водењето на седницата на Собранието од страна на потпретседателот, но овде повеќе од очигледно е дека опозицијата има задача да ја спречува работата на Собранието.

Оваа констатација се базира на фактот што одвај седум пратеници што ги има СДСМ плус присутни во салата се само четворица, а од вкупно 14 пратеници што има ПДП во салата има само тројца пратеници.

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ:**

Почитуван потпретседател, почитувани пратеници, не мислев да излегувам на говорница, меѓутоа ме поттикна последната говорничка и со првиот говор и со вториот.

Сакам да укажам, дозволете процедурално, а тоа е процедуралното зошто излегов за да кажам процедурално. Ќе ви кажам зошто мислам дека карактеристично за опозицијата е секогаш кога има вакви теми на расправа да излегуваат и да држат предавања како да се на митинг. Дали тоа значи дека колку повеќе зборуваат, толку повеќе ние ги слушаме. Напротив, не. Не само ние, туку и гледачите на телевизија истото тоа ги замара многу. Способноста е на луѓето да кажат со малку зборови, а многу да искажат. Меѓутоа, за тоа не излегов. Излегов често пати дали од незнаење на одредбите од Деловникот или пак намерно, ако е од незнаење да им опростиме, ако е намерно мораме да ги санкционираме. Затоа се претседателот на Собранието и претседавачите. Често пати заради мир во куќата, односно толеранција им дозволуваат да зборуваат се и сешто што не е предмет на дискусија, што не е предмет на расправа.

Мислам дека не треба да го толерираат тоа. Ќе се потсетиме ние само ако имаме овде да ни прожектираат како им велеше Андов на сите пратеници: Држете се за дневниот ред. А опозицијата никој пат не се држи за дневниот ред, само фрла дрва и камења. Дали со тоа мисли дека повеќе ќе постигне, поголем авторитет кај граѓаните? Нема.

Затоа предлагам и верувам дека ќе ме поддржат десетина или повеќе пратеници и деловнички е да не слушаме говоранција по три часа, а ништо да не кажуваат, туку само да напаѓаат, а не е во врска со ова, предлагам само еднаш да има право да излезе на говорница, исто така да говори само еднаш и да го определиме времето на говорењето од 5 минути.

Мислам дека доволно е за 5 минути да искажеме се што мислиме да кажеме. Овој предлог, предлагам претседавачот потпретседател на Собранието да го даде на гласање и да продолжиме со дискусија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Андоновски ако имате поддршка од десет пратеници ќе можеме да го ставиме вашиот предлог на гласање.

Дали пратеникот Андоновски има поддршка од десет пратеници. (Да).

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Ако ми е даден збор во врска со предлогот се надевам дека и секретарот на Собранието и претседавачот знаат добро, дека согласно Деловникот ограничување на времетраење на дискусија и колку пати има право пратеник да зборува се одлучува на почетокот на расправата, а не сега при крај. Значи надвор е од Деловникот и затоа господине потпретседателе не го ставајте предлогот на изјаснување, затоа што тој е надвор од Деловникот.

Второ, со оглед на тоа што станавте видовит и претполагате што одреден пратеник ќе зборува и однапред му одземате право тој да настапува. И заради не сериозноста на целиот тек на расправата, ги повикувам пратеници на ПДП да ја напуштат седницата.

(Пратениците на ПДП ја напуштија седницата).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Зибери, само останете за секунда. Господине Зибери, застанете само да прочитам.

Се вели во член 107: по предлог на претседателот, или од еден пратеник кого го поддржуваат најмалку 10 пратеници на седницата може да се одлучи говорник по исто прашање да може да говори само еднаш. Не говори, ниту на почеток, ниту на крај, туку говори на седница, па најдете каде е.

Имаме исто образование дистинкција, се прави јасно кога се одредува почеток или крај.

Господинот Наќе Стојановски има процедурална забелешка.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, навистина општо е приметливо дека барем што се однесува до мене јас сум стрплив денес. Кога чувствувам потреба, излегувам од салата да соберам стрпливост и да се вратам повторно да слушам, но навистина овој предлог сега што го даде претседателот на Законодавно - правната комисија, мислам дека е од замор на работа на Собранието. Вистина е дека деловничката одредба, како што ја прочита потпретседателот на Собранието е таква каква што е, но ве молам се работи на почеток на расправа по прашањето на расправата за да сите 120 пратеници и други учесници во расправата имаат еднаков третман. Не може при крајот на расправата како што сме за оваа точка всушност така е и Деловникот, а така работело и до сега ова Собрание толкувајќи ја таа одредба 9 години.

Јас ве молам не може после 10 минути изгласување на овој предлог сега повторно, некој да даде предлог да не се ограничува дискусијата. По оваа точка на дневниот ред е утврдена процедура. Се применува редот од кога е почната точката на дневниот ред, а додека се однесува предлогот за наредна точка од дневниот ред, тогаш може Собранието да се изјаснува. Така стојат фактите, а вие како сакате.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Што беше прашањето на Наќе Стојановски, јас не можев да го разберам.

Дали сакаше да каже нешто, или не.

Ако мислевте да кажете што сте работеле 9 години, тоа не игра многу голема улога.

Има збор господинот Илија Лазаров.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:**

Господине потпретседателе, не требаше да му дадете збор на господинот Наќе Стојановски, бидејќи тој не е присутен. Присутни пратеници на седницата се сите оние кои имаат ставено картица. Тој не е регистриран цел ден како присутен. И кога утврдуваме кворум, тој не е тука, без разлика, фактички тој не постои. Не требаше да му дозволите да земе збор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Пред мене имам повеќе заклучоци поднесени од повеќе предлагачи, а и двете тела имаат свои, па текстовите се преплетуваат еден кон друг, јас мислам или да направат напор предлагачите да се усогласат за да не би дошло до тоа еден по еден, или ги усвојуваме или ги одбиваме, па да го одбиеме можеби во некој момент и најдоброто. А гледам дека во основната содржина што се дава по зборовите што да се запази, што да остане, остануваат еднакви.

Поради тоа сметам дека има потреба во текот на утрешниот ден телата и предлагачите да го усогласат текстот на заклучоците, ако може, ако не, ќе одиме да гласаме по секој од предложените. Тоа е по Деловникот, говорам што е можно затоа што оценив во истиот текст се употребуваат исти реченици само со друг распоред на зборовите. Јас тврдам кај господин Поповски постои апсолутно друг предлог, друг текст кој бара бришење, додавање или сосема ново решение. Ова мое размислување не се однесува на неговите заклучоци.

Меѓутоа, Јордан Бошков, двете комисии, Стојан Попов и Радомир Карангелески, имаат скоро соодветни текстови.

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ:**

Јас му благодарам на господинот Стојановски Наќе, не знам дали е тука, меѓутоа кажа дека праксата била таква, а не пишува во Деловникот така. Тоа не значи ако практикувале нешто, а не пишува во Деловникот и треба таа пракса да продолжи. Ова не е исклучок, туку правило каде што пишува во Деловникот дека може еден пратеник ако го поддржат 10 пратеници да предложи Собранието со гласање да одлучи да се говори еднаш по едно прашање, само еднаш и тоа да се ограничи времетраењето на говорењето. Така што мислам дека и нему му е јасно, меѓутоа веројатно засегнат дека се работи за опозиција па така реагира.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Бидејќи како што реков имам такво мислење да се усогласат овие неколку предлагачи, јас го заклучувам Собранието и новото закажување ќе биде по писмен пат.

Јас не можам да го заклучувам претресот, затоа што овде имам уште 7 пријавени дискутанти; Никола Поповски, Илија Прангоски, Насер Зибери, Илија Лазаров, Рубенс Наумовски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Вие имате право да ја заклучите седницата согласно Деловникот и тоа Ваше право не го спорам.

Меѓутоа сакам да го искористам моето право, побарав збор деловнички, длабоко жалам што вие техниката не ја користите, наспроти визуелната техника со погледот кон салата така што доведен сум во позиција да

размислувам дали оваа техника вреди да се користи кога вие претседавате.

Господине потпретседателе, дозволете како координатор на Пратеничката група на СДСМ да констатирам деловнички, дека во времето на вашето претседавање како потпретседател со Собранието ова попладне не можете да обезбедите елементарни услови за работа во Собранието. Собранието наспроти уставните одредби работи цело попладне без кворум од 61 пратеник што е уставна категорија и со тоа констатирам дека вие го кршите Уставот. Констатирам дека техниката во Собранието која е додадена тука информациона се користи само ако луѓето се присутни.

Бројот на доставените картички во компјутерот е двојно поголем до оној на присутните, што значи констатирам дека и техниката масовно се злоупотребува како и во изминати случаи, дури и за одлучување по закони, по одлуки и по избори во ова Собрание што претставува сериозен преседан, за кој се надевам дека сносите сериозна одговорност. Исто така дозволете деловнички да констатирам дека наспроти потребата претседавачот на Собранието да има еднаков и рамноправен третман кон сите пратеници, без разлика дали ја подржуваат, или не неговата политичка опција, вие тоа денес го немавте. Се надевам дека ви беше втор лош ден и дека во иднина нема тоа да се прави, меѓутоа ќе констатирам дека дозволувате на пратеници од опозицијата конкретно од СДСМ, кога имаат збор од оваа говорница да дозволувате од присутните пратеници од позицијата да им се изрекуваат вербални закани и да се врши вербален притисок за да престанат да говорат, дека одземавте збор по мене во исклучиво не деловничка ситуација на една наша пратеничка кога имаше расправа за тема, а во исти услови и дури после тоа одземање на зборот, не одземавте збор и пред тоа на ниеден од пратениците од вашата политичка партија, кога исто така дискутираа за теми кои немаа многу допирни точки со точката на дневен ред со што можам да констатирам дека вие имате двоен критериум и дека се однесувате партиски, односно пристрасно во водењето на Собранието.

Верувајте дека сме на мислење дека со тоа Собранието работи неуставно, неделовнички и дека вие исто така не деловнички и не уставно ја водите оваа седница, придонесувате овој состав на Собранието, во кој за жал не вовлекувате и нас и затоа сакам да се оградам, почнува да работи сериозно наспроти Уставот законите и Деловникот на оваа држава и со тоа мислам дека правиме сериозни преседани.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ја заклучив седницата. Што ќе биде деловнички кога таа веќе не трае.

Разберете има правила на однесување.

Тука реков дека ја заклучувам седницата и толку.

Процедурално се јави господинот Поповски, од име на Пратеничката група.

Како координатор сметам дека би било целесообразно да му се дозволи да го искаже своето мислење, забелешки.

Јас имам сериозна намера да размислам ова што ми го предложи и што констатира како негово констатирање, тоа е задоволително може да биде, ама го примам како негова констатација.

За продолжението на седницата ќе бидете обавестени по писмен пат.

(Седницата прекина во 19,20 часот).